**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 декември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Ја отворам Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Али Ахмети, Хисен Џемаили, Арбен Џафери, Мендух Тачи и Фијат Цаноски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

За седницата известени и поканети се: претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Судскиот буџетски совет.

Записниците од Дваесет и осмата и Триесет и четвртата седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (нема)

Констатирам дека записниците од Дваесет и осмата и Триесет и четвртата седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост.

Предлогот на Законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на Законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор министерот за финансии Трајко Славески:.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници добар ден. Познато е дека прашањата околу земјишната политика и сопстственоста на земјиштето се едни од централните прашања што ја засегаат благосостојбата и на граѓаните, односно домакинствата и на претпријатијата. Определба на Република Македонија во изминативе години е да се определи титулар на земјиштето онаму каде што сопственик на земјиштето е Република Македонија, а корисници се граѓани и правни лица.

Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште овозможува приватизација на земјиштето заклучно со 25 јануари 2009 година. Но почитувани, со оглед на тоа што според толкувањето на Државната акомисија за спречување на корупцијата во 2008 година во период некаде повеќе од 4 месеци приватизација не можеше да се врши заради одредбите од Законот за спречување на корупцијата. Многу од започнатите постапки се уште не се завршени. Со цел да им се овозможи на граѓаните кои што имаат намера да го трансформираат и приватизираат земјиштето, а и на претпријатијата, на правните лица, се предлага рокот да се продолжи за приватизација и закуп на градежно земјиште. За да не дојде до правен вакум се предлага по скратена постапка да се донесе овој Закон за измени и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште. Покрај оваа поволност за граѓаните има и некои други поволности што го поспешуваат процесот. Јас сакам да објаснам на прашањето, да речеме зошто евентуално побрзо не дошле измените до Собранието и сега да бараме по скратена постапка. Да спомнам дека навистина се работи за сложена материја. Министерството за финансии и Управата за имотно-правни работи ги ангажираше сите капацитети од науката и практиката од оваа проблематика трагајќи по издржани решенија и тој процес потраја неколку месеци и токму затоа сега Владата го предлага овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Процедурално има г-ѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер.

Очигледно дека праксата продолжува. Пратеничката група на ЛДП укажуваше на тоа дека со новиот Деловник најголем број, да не манипулирам со проценти можеби и преку 90% од законите ќе ги носиме по скратена постапка се со една единствена цел да не можат пратениците од опозицијата да дебатираат. А знаеме каква е ситуацијата, до вчера дебатиравме по закони по скратена постапка, само еден од пратеничка група може да го искаже мислењето по одреден закон, а пратениците кои што не се дел од пратеничките групи, немаат право на збор. За тоа ќе каже Уставниот суд дали може, или не може да биде така. Навистина овој закон според она кратко образложение, јас мислев дека министерот за финансии ќе каже нешто повеќе да ме разубеди дека треба законот да оди по скратена постапка. Но за жал, не слушнавме таква работа. Напротив дури и самиот министер рече дека се работи за една сложена и деликатна материја. Ако навистина материјата е сложена, верувам дека во Предлогот на Законот ќе стои дека не се работи за сложен и обемен закон и затоа го носиме по скратена постапка, што е контрадикторно на ова што денеска го слушнавме од министерот. И затоа почитуван претседателе, вие како најодговорен, како прв од еднаквите ќе треба да реагирате бидејќи ова навистина помина во пракса, секогаш да ги носиме законите по скратена постапка. Ако сметавте дека пратениците од опозицијата, парламентарното

мнозинство лесно е за нив, не ги ни читаат законите, не треба да дебатираат по законите, тогаш кажете. Направете го оној ден по Деловникот што го имате, само за гласање, да се гласаат законите, граѓаните да не знаат какви закони се носат во Собранието. Некои од нив се и добри, јас не велам дека сите се лоши, потоа имплементацијата им е лоша, а инаку ние носиме и добри закони. Значи, апсолутно оние што гласале за нас, оние што ни ја дале довербата не треба да знаат што всушност работи Собранието. Тенденцијата за деградација на пратениците од страна на Собранието продолжува и мислам дека треба да се залагате барем Собранието да го има местото кое што му припаѓа по Уставот, ништо повеќе од тоа, но и ништо помалку. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Инаку, за информација и вие знаете дека на координација разговаравме за ова прашање, го знаете мојот став поготово по овој закон. Сепак, јас согласно Деловникот сум обврзан да го ставам на гласање Предлогот на Законот по скратена постапка. Во краен случај Собранието, пратениците се тие што одлучуваат дали ќе се прифатат аргументите, или нема да ги прифатат. Процедурално г-динот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе. Би сакал во име на пратеничката група на СДСМ најостро да протестираме повторно законите да се поставуваат на дневен ред на Собранието по скратена постапка. Вие веќе лично како претседател на Собранието рековте дека нема повеќе да се ставаат закони по скратена постапка на дневен ред на Собранието. И дури јавно се извинивте и признавте дека е грешка тоа што законите се носеа по итна или по скратена постапка. Сега повторно дозволувате закон по скратена постапка кој што сакале да признаеме, или не, сака министерот да објасни дека е поволен за граѓаните, или не, е битен за граѓаните.

Втора работа, г-дине претседател сте ставиле закон по скратена постапка кој што не е согласно Деловникот. Во главата 3, оценка на финансиските последици од Предлогот на Законот врз Буџетот и другите јавни финансиски средства. Предлогот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост нема да предизивика финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија. Дали тоа значи дека Владата ќе го дава земјиштето на поклон? И како можете да ставите ваков закон без да се знае колку тоа ќе има импликации врз Буџетот. Прво, деловнички не е исправен. И апелирам до мнозинството да не го поддржи законот да оди по скратена постапка. Да се врати кај Владата, Владата да ни даде исправен закон. Не можат тие да доаѓаат на седница и да користат општи формулации и притоа да не знаеме колку тоа ќе се одрази на Буџетот, колку пари ќе се соберат и дали ќе има финансиски импликации? Затоа г-дине претседателе, апелирам до вас, ова е веќе трет пат, да не ставате повеќе закони по скратена постапка и да ги проверувате дали се согласно Деловникот. Во спротивно, ја деградирате улогата на Собранието на Република Македонија и на пратениците. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Процедурално г-ѓа Соња Мираковска.

**Соња Мираковска**: Благодарам г-дине претседателе. Сакам да протестирам во име на пратениците на НСДП за оваа пракса која ја воведовте, она што веќе и колегите пред мене го кажаа, навистина стана пракса. Во 90% предлозите кои пристигаат во ова Собрание после воведувањето на новиот Деловник се по скратена постапка. Бие претседателе, ако се сеќавате добро кога разговаравме за глава 9 од Деловникот ветивте дека ова ќе биде исклучок, дека по скратена постапка само во исклучителни случаи ќе се расправа.

Со член 157 од Деловникот воведовте една нова појава во Собранието. Јас за тоа веќе говорев. Пратеници од прва и втора категорија. Во ова Собрание воведовте категорија на пратеници кои немаат право да го кажат дури ни своето мислење по закони во скратена постапка.

Она што пред малку го кажавте, ќе ве држам за збор. Претпоставувам дека вашето мислење е спротивно на одлуката на Владата овој закон да го предложи по скратена постапка. Очекувам да гласате против. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Процедурално, г-ѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Од името на пратеничката група на СДСМ барам вие како претседател на Собранието со својот авторитет да придонесете овој закон да оди во редовна процедура, или доколку го ставите и покрај инсистирањето скоро на цела опозиција за ваквата процедура на донесување на вакви закони 5 минути до 12, со чии што одредби можат страшни криминални работи да се прават, пратеничкта група на СДСМ ќе ја напушти салата во моментот на гласањето за утврдување како точка на дневен ред на овој закон и негово донесување по скратена постапка, како чин на несогласување со начинот на работа на овој парламент и несогласување за донесување на закони, многу важни закони во ваква процедура.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 75 пратеници, од нив за Предлогот гласаа 62, воздржан 1, против 12.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

(Пратениците од СДСМ ја напуштија седницата)

Бидејќи Собранието одлучи Законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171, став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на Законот. За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржување на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој Предлог на Закон.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на Одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан.

Предлогот ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на Одлуката да биде разгледан на оваа седница.

(Пратениците од СДСМ влегоа во салата)

Има збор министерот за одбрана Зоран Коњановски.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Значи, Минисерството за одбрана, односно Владата на Република Македонија за оваа седница на Собранието има две точки за испраќање на мировни мисии во Босна и Херцеговина и во Авганистан. Сметавме дека на денешнава седница треба да предложиме измена на дневниот ред за надополнување со една точка на дневен ред, повторно испраќање на војници во мировна мисија во Авганистан. Со оглед на тоа што војниците треба да заминат во текот на јануари и ќе дојдат празници, мислевме дека е добро на оваа седница тоа да го затвориме. Се работи за испраќање на 150 војници во мисија во Кабул. Меѓутоа, тоа ќе го образложам кога ќе отвориме дискусија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата, Предлогот на Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан да се разгледа на оваа седниц го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 83 пратеници. Од нив за Предлогот гласаа 82, воздржан нема, против 1.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Дополнет Предлог Буџет на Република Македонија за 2009 година - ИИ читање.

2. Предлог на Одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.

3. Предлог на Одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Автанистан.

4. Предлог на Одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Автанистан

5. Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост по скратена постапка.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Ги повикувам пратениците кои имаат предлози за изменување или дополнување на дневниот ред, да се пријават за збор.

Бидејќи нема предлози за изменување и дополнување на предложениот дневен ред, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По предложениот дневен ред вкупно гласаа 90 пратеници, од нив за гласаа 69, воздржан 1, против 20 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен редл.

Пред да преминеме на расправа по точките од дневниот ред, ве потсетувам дека согласно член 80, ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од 1 минута по отворањето на претресот.

Предлагачот и координаторите на пратеничките групи можат да се пријават за збор и во текот на претресот.

Листата на пратениците не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено, ве известувам дека согласно член 85, став 3 од Деловникот на Собранието пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, известителот на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија 10 минути, кооридинаторот на пратеничката група и предлагачот, може да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

Согласно член 86, став 3 од Деловникот на Собранието ограничувањето на времето за дискусија не се однесува на постапката за донесување на Буџетот на Република Македонија .

Согласно член 180, став 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, пратеникот во текот на претресот по Дополнетиот предлог - буџет може да говори повеќе пати во траење

вкупно 20 минути, а координаторот на пратеничката група вкупно 30 минути.

Пред да преминеме понатаму, имам предлог, со оглед на тоа дека за Буџетот ќе се расправа повеќе време, мојот предлог е согласно член 78 од Деловникот прво да ги разгледуваме точките 2, 3 и 4, а потоа да ја разгледаме точката 1.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, од нив за предлогот гласаа 66, воздржани нема, 3 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот.

**Минуваме на точката 2 - Предлог на Одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.**

Предлогот на Одлуката ви е доставен.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на Одлуката, да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија министерот за одбрана господинот Зоран Коњановски, господинот Горан Сугаревски и господинот Џафери Талат.

Има збор министерот за одбрана господинот Зоран Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски**: Благодарам претседателе.

Република Македонија во јули 2006 го започна своето учество во мировната операција предводена од Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР АЛТЕА, првенствено со хелихоптерски деташман за во текот на 2006 односно 2007 година да придонесат кон операцијата да се зголеми за еден медицински тим и помошен правен советник и подофицер за првентивна медицина. Декларираниот придонес на Република Македонија со помошник правен советник офицер за прв пат се реализираше на ден 20 јуни 2007 година со испраќање на еден офицер капетан од правна служба, а согласно донесената одлука во Собранието на Република Македонија на 14-ти јуни 2007 година. Република Македонија ќе го продолжи својот придонес во мировната операција со припадник на Армијата правен советник офицер. Припадникот на Армијата се испраќа за период од 6 месеци сметано од 1 јануари 2009 година. Финансиските трошоци за транспорт, сместување, исхрана, гориво итн., како медицинска заштита ги обезбедува Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господиниот Сугаревски Горан, повелете.

**Горан Сугаревски:** Благодарам почитуван претседателе, колеги пратеници.

Во името на пратеничкат група на СДСМ би сакал да кажам дека оваа предлог одлука ние ќе ја подржиме, меѓутоа по кој знае кој пат реагираме затоа што Комисијата за одбрана и безбедност не знам зошто и од кои причини не одржува седница за да се разгледа оваа предлог одлука и да дојде на Собранието.

Исто така би сакал да кажам дека по кој знае кој пат барам извештај од Министерство за одбрана колку припадници во овие мировни мисии и операции во Босна и Херцеговина и во сите други места каде што имаме испратено вакви припадници, зошто тој Министерство за одбрана не го дава до пратениците да дојде и не знам зошто оваа работа не е ја правиме во редовна процедура како што треба и како што треба да ги испратиме овие припадници во овие мисии во Босна и Херцеговина и во другите мировни мисии , а сето го правиме непосредно со носење тука одлука пред самата седница. Протестирам зошто овие работи во иднина по сите точки бараме да се одржува комисија за одбрана и безбедност, исто така добиваме извештај од Министерство за одбрана за сите мировни мисии, како и ова процедура да биде во редовна постапка, а не да биде вака како што сега се прави. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Инаку, втората и третата точка за одлуките по овие точки ви се доставени пред 15 дена, само сега накнадно беше доставена едната одлука.

Реплика има министерот за одбрана, повелете.

**Зоран Коњановски**: Благодарам претседателе.

Само да надополнам, овие две точки се по редовна постапка како што напоменавте и вие и сакам да го известам пратеникот, воедно и сите пратеници дека во Министерство за одбрана се припрема детален извештај за сите учества во мировни мисии во 2008 година и тоа ќе биде доставено на разгледување до Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Сугаревски Горан, повелете.

**Горан Сугаревски**: Баш дека пред 15 дена е добиен тој материјал, добро беше Комисијата за одбрана и безбедност да го разгледа тој материјал се со цел да не иде вака неприпремено како што кажа пратеничката група на СДСМ ќе го подржи ова, меѓутоа добро ние да подржиме на комисија, да ја разгледаме та а предлог одлука. Почитуван министер, од заменикот министер на мината седница истиот одговор го слушнамве во смисла милиони дека и тогаш извештајот се припрема, меѓутоа не знам јас колку време треба да помине за да можжем ние пратениците да го добиеме овој извештај. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Џафери Талат, повелете.

**Талат Џафери**: Ви благодарам господине претседател.

Уште од почеток ќе нагласам дека во име на ДУИ ние како парламентарна група ќе ја подржиме предлог одлуката за испаќање на старешина во мировната операција во Босна И Херцеговина.

Ова програмска и политичка определба на ДУИ е подршката на вакви меѓународни мисии и вaквиот придонес на Република Македонија за постигнување на стандарди за членство во НАТО и Европската унија и врз оваа основа повторувам ние ќе ја подржиме оваа предлог одлука.

Во продолжение сакам да нагласам дека тоа што го рече господинот Сугаревски држи тоа и го подржувам неговиот став дека за ова прашање по секој услов требаше матичната комисија да одржи расправа и редовна седница, Сугаревски има подршка и моја лична на парламентарната група на ДУИ по однос на ова прашање. И, аспектот на информирање или извештаите за мисиите кои завршуваат, покрај тоа што е определба на оваа предлог одлука во точката 5 за да се даде извештај за извршување на мисијата што подразбира дека претходната мисија која заврши треба да се приклучи на секој иден предлог треба да се приклучи и извештајот за мисиите кои завршија во претходната фаза. Бидејќи наредната точка ќе следи за испраќање нма едница во Авганистан, за таа одлука кога ќе се распава, ќе кажам тоа што сакам да го кажам и верувам дека во мисијата АЛТЕА покрај ова што е лично , кога ќе биде следење то на единиците, треба да се води сметка и за националното состав на истите односно ако се со име и презиме, ако не од аспктот на претставувањето на бројниот тоа отсликување табеларно кој е составот на единиците кои се испраќаат, би требало да биде дополнителен елемент на предлог одлуките за испраќање на единиците во мисиите надвор од земјава. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлог на одлуката го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 86 пратеници, сите 86 гласаа за, нема воздржано, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР АЛТЕА.

**Миниваме на точка 3 - Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан под архивски број 07/5472/1.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

За збор се јавија министерот за одбрана господинот Зоран Коњановски, госпоѓица Мехмети Ермира, господинот Абедин Зимбери, господинот Јован Манасијевски, господинот Трајанов Павле и господинот Ѓорчев Владимир.

Има збор министерот за одбрана господинот Зоран Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски**: Благодарам претседателе.

Во насока на продлабочување на соработката и придонесот на Република Македонија кон НАТО Република Македонија ќе го зголеми учеството во НАТО предводената мисија ИСАФ во Авганистан, покрај постојните двајца воени старешни со упатување на допиолнителни три воени старешни, два офицери и еден подофицир за работа во во оперативно менторските и тимовите за врски во ОМЛТ.

Припадниците на Армијата на Република Македонија ќе бидат дел од оперативно менторскиот тим за врски кој дејствувА во рамките на втората бригада од 209-тиот корпус бна авганистанската н ационална армија лоцирана во Кундус во северниот дел од Авганистан, водечка нација во спометиот опреативно менторски тим за врски е Сојузна Република Германија.

Целокупната логистикачка подршка на припадниците на Армијата на Република Македонија во оперативно менторскиот тим за врски ќе биде на товар на Република Македонија.

Припадниците на Армијата на Република Македонија се испраќаат за период од 6 месци сметано од почетокот на месец јануари 2009 година. Или да бидам попрецизен до сега имавме учество со со двајца претставници, сега ќе имаме плус 3, значи вкупно пет претставници во оваа мисија во Авганистан. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓица Ермира Мехмети, повелете.

**Ермира Мехмети**: Благодарам почитуван претседателе.

Парламентарната група на ДУИ ќе ја подржи одлуката односно ќе гласа за испраќање на единица во Авганистан, само ќе дадам една општа проценка, меѓутоа пред тоа морам да кажам уште еден начелен принципиелен став кој што е во однос на извешатите на досегашните мисии, нормално за подготовката за следната , иднината мисија, првенствено морам да барам во име на парламентарната група на ДУИ информација во извештајот кој што се изготвува за составот, значи тоа што е исполнување на уставната обрвска за правична и соодветна застапеност на составот на единиците и нормално во подготовка идната или следната мисија да добиеме информација во однос националниот состав или пак за стапувањето на војниците кои што етничката застапеност на војниците кои што ќе се испраќаат во Авганистан.

Ова е првото, а второто е во однос на прашањето на наградувањето на војниците, сите војници кои што се вратиле од досегашните мировни мисии се наградувани и би побарал од Министерство за одбрана како пратеници да ни дадат информации во однос на етничката припадност во однос на на наградените војници,затоа што досега такви информации не сме добиле и верувам дека ќе имаме можност да имаме таква информација за

војниците што добиле ордени. Што се однесува на испраќањето на воената мисија во рамките на мировните сили во Авганистан, ние како парламентарна група и како политичка партија сметаме дека оваа мисија претставува продложение на подршката со што Република Македонија како држава ја дава на западните земји или држави во нивниот напор за воспоставување на мир, безбедност и демократизација на државите како што е државата Авганистан. Мислам дека испраќањето на оваа мисија е доказ за партнерство и сојузништвото што Република Македонија го има со демократските сили од запад пред се со САД како најголем и најсилен сојузник на Република Македонија и нормално е доказ за партнерството и нашата посветеност да работиме рамо до рамо со државите кои се посветени за ширењето на демократијата во земјите во светот, во земјите кои што произлегуваат од тешки недемократски режими и се обидуваат да воспостават мир и безбедност на своите граѓани и нормално еден добар демократски систем. Мислам дека мисијата односно присуството на војниците или пак на единицата на Република Македонија во Авганистан е мисија односно една благородна присутност која во крајна истанца говори за нашата демократска зрелост како држава, меѓутоа истовремено говори и за нашата готовност да се соочиме со предизвиците на воспоставување на мир, со предизвиците на воспоставување на демократија и за држава со една млада, нова демократија со плуралистички систем, кој што сеуште се соочува со многу предизвици. Оваа задача, оваа мисија сепак не е лесна и затоа треба да се поздрави.

Затоа парламентарната група на ДУИ ќе ја подржи оваа одлука. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Зимбери Абедин, повелете.

**Абедин Зимбери**: Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Нова демократија исто така ќе подржи ваква иницијатива за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија во земјите каде што има потреба во однос на мирот, но истото праШање и јас би го поставил како и колешката Ермира која го постави прашањето во овој состав каде има и 8 старешини и 115 војници, стручни војници, пред да гласаме би сакал од министерот за одбран да не извести за составот и структурата на оваа воена формација која се испраќа во Авганистан и ако во оваа единица нема пропорционален состав, не се опфатени Албанците ние ќе гласаме против, бидејќи Албанците навистина се заинтересирани да бидат учесници во вакви испраќања на воени сили бидејќи го сакаме мирот и ние да бидеме дел ваквки структура на НАТО секаде каде што има потреба за тоа. И пред да преједеме на гласање би побарал од министерот за одбрана да не извести за составот и структурата на оваа воена формација. И потоа ние ќе одлучиме како ќе гласаме, говорам за етничката структура. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Само за мала информација. Ова што вие го зборите тоа под точка 4 за одлуката за испраќање, накадно што е внесено, ова е сосема друга одлука, исто е за Авганистан, но не е со тој број кој што вие го споменавте. Но без оглед на тоа министерот за одбрана може во секое време да даде одговор.

Има збор господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.

Токму она што го говоревте мене ме интересираше бидејќи се работи за две идентични точки и требаше архивскиот број да го кажете, јас сакав да се пријавам за наредната точка. Ја повлекувам дискусијата за наредната точка.

**Трајко Вељаноски:** На почетокот јас го кажав тоа, под архивски број 07-5472/1 тоа е одлуката која што оди по редовна постапка е дојдена уште пред 10-15 дена, накнадно е сега внесена по итна постапка и е сосема друга одлука која што претходно за таа зборуваше господинот Зимбери Абедин.

Благодарам.

Исто веројатно и господинот Владимир Ѓорчев беше за другата одлука пријавен. Добро.

Со оглед на тоа дека е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлог на одлуката го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, од нив за предлогот на одлуката гласаа 67, двајца пратеници воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за испраќање на единицата на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на во Авганистан под архивски број 07-5472/1.

**Минуваме на точка 4 - Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан под архивски број 07-5697/2.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија министерот за одрана господинот Коњановски, господинот Манасијевски Јован, господинот Ѓорчев Владимир и господинот Џафери Талат.

Има збор министерот за одбрана господинот Зоран Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

За учество на состав на меѓународните сили за безбедносна подршка на Авганистан ИСАФ, се испраќа единица на Армијата на Република Македонија, една механизирана пешадиска чета во состав на 150 припадници на постојниот соства на Армијата на Република Македонија од кои 8 офицери, 27 подофицери и 115 професионални војници кои ќе дејствуваат во рамките на Британскиот контингент и тројца припадници на Армијата на Република Македонија од кои двајца офицери и еден подофицер за работа во мултинационалните команди во ИСАФ Кабул како и материјално технички средства седум оклопни транспортери марка Хермелин за потребите за спроведување на мисијата за период од 6 месеци сметано од месец јануари 2009 година.

Финансиските трошоци за транспорт ги обезбедува Обединетото кралство на Велика Британија и Северна Ирска останатиот дел од трошоците ги обезбедува Република Македонија.

Во оваа прилика би сакал да кажам дека Република Македонија во континуитет води политика кон приближување во НАТО и ја користам приликата да им се заблагодарам на претходните министри, а ние продолжуваме, нормално, по тој трасиран пат на господинот Бучковски и Манасијевски кои предходно сигурно учествувале во носењето на вакви или слични улоги. Од она што можев да го видам во Собранието, би сакал исто така да им се заблагодарам на сите пратенички групи од сите политички партии, од сите етнички заедници за подршката која Министерството за одбрана ја има во овој поглед на испраќање на војници во мировните мисии.

Благодарам.

Она што кажав јас ќе биде обврска да подготвиме еден извештај во кој детално ќе пишува за процентот на наградените и процентот на етничките заедници кои учествуваат во составот на единиците во мировните мисии. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.

Пратеничката група на ЛДП и Нова алтернатива ќе ја подржи оваа одлука, впрочем како и сите до сега. Таа претставува континуитет во водењето на нашата надворешна политика. Во оваа прилика сакам да укажам на неколку работи кои ќе придонесат за уште поефективно наше учество во овие мисии и поголема политичка полза во функција на остварувањето на нашите државни интереси од ова наше учество.

Имено, со повлекувањето на нашиот вод од Ирак беше соопштено и официјално на Вашингтонската средба  пред некоја недела дека Република Македонија ќе го зголеми своето учество во мисијата ИСАФ во Авганистан.

Би било добро, бидејќи, за жал, немаме тематски расправи на таа тема на надлежната Комисија за одбрана и безбедност каде министерот за одбрана на овие седници, мислам на пленарни да ги искористи и да го информира Собранието за плановите во текот на наредната 2009 година и во однос на мисијата на ИСАФ, во овој случај, дали јунската ротација која ќе следи ќе биде зголемена и за колку ќе биде зголемена и во однос на нашето учество во мисиите на Европската унија затоа што е познато дека во еден дел нашето учество во мисијата АЛТЕА заврши. Исто така познато е дека има конкретни барања до нашата држава да се земе учество во мисијата во Чад, така што добро е Парламентот да биде навремено информиран или барем Комисијата за одбрана и безбедност кои се плановите за нашите пратеници да можат во рамките на нашата парламентарна дипломатија овие аргументи да ги користат во сите форуми на кои учествуваат и каде што имаме наши официјални делегации.

Јас, во една претходна прилика, укажав на тоа дека членовите на нашите делегации во повеќе меѓународни организации се наоѓаат во една непријатна позиција да не можат да дадат децидена одговор за плановите на нашата држава. Би било многу подобро кога би можеле барем рамковно да посведочиме дали нашата држава во текот на наредната година ќе го зголеми учеството во ИСАФ и ќе земе учество и во мисијата во Чад.

Друга работа на која треба да се обрне внимание и што стои во дел на одлуката дека како материјлано технички средства се 7 оклопни транспортери марка Хермелин и покрај надградбите кои беа направени во функција на поголема заштита на војниците, јасно е што овие материјално технички средства не соодветствуваат на се потешките услови кои се во Авганистан.

Ситуацијата во Авганистан се влошува и сходно на тоа треба да се постигне степенот на надградба на материјално техничките  средства и заштита на нашите војници.

Оттаму, би ја искористил и оваа прилика да го охрабрам министерот побрзо да ги спроведуваат плановите за набавка на нови транспортери. Голем застој настана од две години во тој процес кој е сложен процес, комплексен процес, тежок процес, но кој мора да се раководи и води. Во спротивно ако не го завршиме како што треба и навремено, ние не придонесуваме доволно за заштита на нашите војници, го губиме кредибилитетот кај нашите партнери.

Оттаму, мислам дека всушност би го охрабрил министерот дека е добро да се отвори дебата на Комисијата или на пленарна седница, ако му е потребно да добие дополнителна подршка од Собранието за спроведување на ова усовршување на нашите средства со кои располагаат нашите војници во Авганистан.

Инаку, би сакал, да се спротивставам на вордингот што тука го дава колегата пратеник господинот Зимбери, условно, дека ќе гласа доколку, според Извештајот, се покаже дека има пропорционален состав на сите етнички заедници.

Мислам дека пристапот и вордингот е многу погрешен затоа што анализата ќе го покаже тоа до сега, сите овие контингенти кои биле испраќани не се со унифицирана пропорционална застапеност. Некои контингенти имаа над просечна застапеност на припадниците на етничките заедници, некои имаа потпросечна застапеност. Не се прават четите господине Зимбери по пропорционална основа, туку веќе истренирани, обучени чети кои работат во конкретната формација подолг период, се испраќаат во мисија.

Добро е Министерството да даде и ќе даде извештај за сите овие параметри, меѓутоа, не е добро подршката на таа одлука да се условува со составот. Така било и во минатото, така ќе биде и во иднина. Во зависност од конкретните чети и конкретната бригада од каде доаѓа таа чета составот на таа чета на пропорционална основа е различен. Некогаш, како што кажав, е над просечен, некогаш подпросечен. Ние треба да ги имаме предвид вкупните рамковни бројки во Министерството за одбрана и Армијата кои се добри, кои во континуитет се подобруваат и во рамките на професионалниот војнички состав и во рамките на подофицерскиот кадар кои веќе ја имаат постигнато бројката и во рамките на офицерскиот кор како што е предвидено со иницијалната стратегија за 2013 година.

Не е добро ако тука условно даваме подршка, а секако Министерството за одбрана треба да достави информација по сите параметри. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е јавен господинот Абедин Зимбери, повелете.

**Абедин Зимбери:** Почитуван колега Манасијевски,

Не ми беше целта, немав лоша намера тоа што го побарав, но ние како Албанци реално бараме нашето учество да биде пропорционално и опфатено во овие единици, бидејќи тие единици влијаат во создавањето на меѓуетничките односи помеѓу Македонците и Албанците како воени единици.

Немав лоша цел ни тенденциозно, навистина е тоа што го реков претходно дека во поранешните структури секаде каде учествувале единиците на Македонија во светот, учеството на Албанците беше формално со два три војници и не е вистина дека некогаш имало повеќе војници Албанци. Никогаш не бил ни приближно бројот на учесниците Албанци во овие единици кои учествувале во разни мировни мисии. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика за господинот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Почитуван колега пратеник, јас знам дека вие немавте лоша намера и затоа прецизно кажав намерата ви е добра, да се информирате. Вие како пратеник имате право да бидете информирани и Министерството е должно да ја даде таа информација. Меѓутоа, вордингот, како се изразивте, не беше добар затоа што вие условивте, рековте пред да гласаме барам министерот да ни даде точна бројка, а ако бројката не одговара, ние нема да гласаме.

Јас знам дека немате лоша намера, меѓутоа, мислам дека настапот ви беше преостар и не беше во конструктивна функција за која сите ние се залагаме.

Инаку, ми се чини, дека пред две ротации, тоа ќе се потврди низ Извештајот кога во мисијата ИСАФ испративме една чета од Тетово бројка на припадници на албанската заедница беше над просекот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Завршија репликите и контра репликите согласно Деловникот.

Има збор господинот Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Би сакал да се приклучам на дискусијата која во моментот се одвива со испраќање на уште една ротација на Армијата на Република Македонија во мисијата ИСАФ во Авганистан.

Она што би сакал да го нагласам во овој дел е начинот на кој војниците на АРМ ги извршуваат своите задачи. Војниците на АРМ таму ги извршуваат своите задачи чесно, професионално и со голема морална свест. Има различни дискусии понекогаш во одредени сегменти во македонското општество кои дури одат до таму каде што не основано ги обвинуваат или ги карактеризираат нашите војници како окупатори на Авганистан. Напротив, мисијата на Армијата на Република Македонија во Авганистан има и своја хуманитарна димензија и она што можам директно да го кажам тоа е дека војниците на Армијата на Република Македонија имаат апсолутно пријателски, алтруистички и добронамерен пристап кон цивилите во Авганистан, истото беше и во Ирак и секогаш кога можат им помагаат. Дури испраќаат и медицински тимови, некогаш ги ризикуваат своите животи за да помогнат на некое болно дете, на некој старец, на некоја бремена жена така што нашите војници таму апсолутно се во една благородна мисија која има нормално доминантен безбедносен аспект.

Таму го осигуруваат централниот штаб на НАТО силите во Кабул така што било кој генерал, офицер или некој од одговорните од разните министерства за одбрана на земјите кои учествуваат во ИСАФ кога и да појде во Кабул ги гледаат војниците со сонце на ракавот, како што тие ги нарекуваат, а тоа се војниците на Република Македонија.

Исто така би сакал да истакнам дека Министерството за одбрана со висок професионализам ги спроведува овие акции односно овие мисии и во тој дел нормално само поттик и охрабрување да продолжат во таа насока.

Истовремено мораме да бидеме свесни дека сите овие мисии имаат свои ризици, дека состојбата таму е сложена, дека навистина понекогаш има многу сериозни инциденти, но се надеваме дека нашите војници ќе се вратат безбедно и дека ќе ја покажат својата висока обученост.

На крајот би сакал да нагласам еден завршен аспект кој се однесува на една завршена мисија, а тоа е мисијата "Слобода за Ирак" од каде се врати нашиот последен контингент пред околу една седмица во касарната Илинден и со задоволство можеме да кажеме дека од јуни 2003 до декември 2008 година сите единици, сите ротации, сите војници на Армијата на Република Македонија успешно и со професионализам ги извршуваа своите задачи северно од Багдад, во Багдад и во Таџи.

Значи, нашата Армија ги покажа сите свои атрубути, имаме генерација на војници кои функционираат со единиците на НАТО, генерација на професионални војници, подофицери и офицери кои можат да ги извршуваат своите задачи со полн НАТО капацитет. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Дискусијата на колегата Ѓорчев беше пластична и верна на она што го видел. Ја искористив неговата дискусија да проговорам за позитивната практика во Министерството за одбрана да дава можност претставници на Комисијата за одбрана во нашиот случај сега за сега само претседателот на Комисијата да ја има таа привилегија да присуствува при посетите на министерот за одбрана во Ирак и Авганистан. Тоа е за поздравување, верувам дека оваа практика ќе ја преземе Министерството за надворешни работи, па ќе ја покани колешката Теута Арифи, Боцевски веројатно не мора тоа да го прави заради хендикепот што го има со Шекеринска, но веројатно другите ќе практикуваат да земат и преставници од Парламентот при нивните посети. Но никојпат министре да не ги злоупотребуваат пратениците како што го видов на малите екрани Ѓорчев да бидат во улога на преведувачи. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Ѓорчев Владимир, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам.

Само би додал дека во една од посетите во минатиот парламентарен состав требаше да биде и нашиот колега Есад Рахиќ од СДСМ, но поради здравствени причини три четири дена пред самата посета ја откажа посетата, така што овој пристап и ова што го кажуваше колегата Бучковски ќе го применуваме и во иднина.

Инаку за функционирањето на самите делегации додека сме во посета и во Ирак и во Авганистан мислам дека имаме една беспрекорност, добра организација и сите протоколарни обврски од страна на Министерството за одбрана се солидно покриени и организирани. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Талат Џафери, повелете.

**Талат Џафери:** Ви благодарам господине претседател.

Без оглед на тоа што трите точки произлегуваат од овие одлуки, јас повторно земав збор за да повторно го истакнам нашиот став како парламентарна група и како политичка партија дека ние сме сконцентрирани не само на декларативниот аспект за поддршка на ваквите мисии надвор од државата, туку и како политички пристап, како политичка поддршка која треба да се даде на мисиите само заради фактот што некои факти што претходните говорници ги спомнаа да се даде до знаење дека Парламентот на Република Македонија и пратениците во истиот имаат готовност и политичка одговорност за среќа или судбина на мисиите кои можат да ги имаат при вршењето на нивните задачи.

Врз оваа основа неколку од претходните говорници говореа и за аспектот на безбедноста на мисиите при вршењето на нивните задачи таму. Јас би одел и подалеку и би рекол дека нема апсолутна безбедност за ниту една мисија, ниту за овие што сега ги подготвуваме да одат. Нема опрема која ќе гарантира апсолутна безбедност колку и да напредува разузнавањето или можноста за безбедност со опремата што се користи, толку напредуваат и опремите кои можат да ги оштетат истите од аспект на безбедноста.

Меѓутоа значајно е ние како Парламент, ќе го спомнам тоа уште еднаш, покажуваме готовност за нашата одговорност да преземеме политичка одговорност за мисиите што ги испраќаме таму и за задачите што нашите војници ги вршат таму.

Што се однесува на преставувањето или пак застапеноста на националностите во составот на овие мисии, јас сакам да истакнам дека основата за, определбата е врз основа на добрата волја. Иако ова се кажа порано, можеби јас не го кажав, меѓутоа пред се Министерството за одбрана има обврска во образовно-воспитен аспект при подготовка на мисиите да влијае и врз волјата на припадниците на Армијата, тие во согласност со нивните професионални подготовки да бидат и определени и за вршење на вакви мисии, затоа што секаква психолошка подготовка на истите подразбира и готовност за прифаќање на одговорноста и нивната определба за тие да ја застапат нивната националност. Ова не е од фактот што ние ќе се натпреваруваме или пак ќе има ваква или таква застапеност, дали ќе биде во

овој состав 25 или не 25% како што спомна господинот Манасијевски за еден случај што беше од единицата од Тетово. Ние ова треба да го постигнеме врз основа на фактот дека сите инсистираме позврзаноста на припадниците на Армијата, кон институцијата Армија и држава треба да биде во согласност со тоа што тие ќе превземат одговорност за вршење на ваквите мисии. До колку се бара лојалност од припадниците во единиците, тогаш треба да се даде и можност таа лојалност да се докаже и на мисиите и да се потврди истата. Врз оваа основа можеби беше и реакцијата на господинот Зимбери претходно со некој вид на условеност што можеби не држи во таа форма за тоа дали ќе има или нема застапенсот и во однос на тоа ќе има или ќе нема подршка. Меѓутоа, ние од тој аспект со како Парламент со оваа подршка што ја даваме, и со ова инсистирање што го правиме застапенсота да биде о согласност сонациоанлниот состав. До колку не, она што е на населението, барем тоа актуелно што е претставување или застапување на националностите во Армијата, во случајот на Албанците со 17-18%, значи да се инсистира учеството во вежбите или пак определувањето на војниците или старешините да биде во согласност со тоа што го имаат единиците. Значи не може да се прави собирање на војници и старешини во посебни единици и тие да бидат единици кои ќе учествуваат на тие специјални мисии и тие да бидат без доволен број на припадници на националностите. Сите ние знаеме, или барем ние што сме имале некоја врска со Министерството за одбрана, знаеме дека мисиите ги вршат три единици во Република Македонија и тоа Првата бригада, Втората бригата и Специјалните единици. Првата бригада, како што знаеме е во Штип со гарнизоните што се во неа. Командата на Втората бригада е во Кичево со единиците кои се распределени во Охрид и во Тетово и според редот на која како и доаѓа да оди на мисија, можеби така и се разликува бројот на составот или пак застапеноста на приапдниците во истите единици.

Како што се знае Специјалната единица има седиште во Скопје, се знае каков е составот во таа единица, каков е составот на Волците и Ренџерите. Така што инсистирањето или пак нашето барање како пратеници, за правична застапеност, подразбира наше инсистирање извршната власт да инсистира застапеност или тие војници што се примаат во овие единици да се определат во овие единици кои испраќаат единици надвор од земјата. Мислам во оваа форма треба да се разбере и ова наше инсистирање, меѓутоа не како условување по секој начин да биде вака или онака, инаку ќе нема пдоршка. Подршка има, принципиелна, начелна, како определба на институциите на Република Македонија да придонесат во приближувањето на Република Македонија за целосна интеграција и полноправна интеграција во евроатланскит еиснтанци. Затоа уште еднаш ќе повторам, како што сме ги подржувале и другите одлуки, ќе ја подржиме и оваа одлука од ДУИ.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има реплика господинот Бесим Догани, повелете.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине претседател,

Јас знам дека колегата Талат Џафери доаѓа од овие офицери и може да ни држи предавања во оваа насока. Но секогаш велам дека зборовите се многу полесни од делата и е изненадување илизачудување кога тој кој треба да има заинтересираност и треба да врши работи во оваа насока е првиот кој од некој друг бара да му е ја заврши работата. Значи партијата на господинот Џафери е партија во позиција и нормално треба во сите истанци да се бори за Албанците, не само да го спомнува тоа,како што е оваа денешна состојба.

И господинот Манасијевски рече дке акапацитетите на Албанците во АРМ не се толку стручни подготвени, но токму тука треба да биде нашето внимание. Првата грижа треба да биде во селекционирањето на војниците, во Министерството за одбрана да се грижат Албанците да имаат заслужено место вообуките, во подготовката и во нивната стручност понатаму да не дојдеме во состојба да немаме стручни албанци и не можеме да ги вклучиме албанците во овие проекти. Значи заинтересираноста треба да дојде токму од таму.

Инаку би гио прашал господинот Џафери и господинот Коњановски, да седнат да се договорат и да ни кажат точно колкава е застапеноста на Албанците во Минситерството за одбрана.

Господине Коњановски, пред извесно време рековте дкеа Охридскиот договор во однос на Министерството за одбрана е завршен. Охридскиот договор во однос на АРМ е завршен од сите аспекти и од стручен и од тој на застапеноста, правичната и соодветна застапенсот во овие сектори. Но, по се изгледа, имајќи ги во предвид сите овие пропусти јас и групата на која и припаѓам ќе го пдоржиме овој предлог, бидјеки како што и порано сме зборувале, секогаш ќе бидеме доследни во однос на патот на Македонија кон НАТО и РУ и секогаш ќе бидеме доследни во однос на подршката на НАТО, соработката на Република Македонија со НАТО. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Талат Џафери, повелете.

**Талат Џафери:** Благодарам.

Што се однесува до предавањата, не на Догани, јас се радувам што можам да му држам предавња и нема зошто да се плашам од истите. Мојот говор не го сметам како држење на предавање некому. Нашата посветеност е во согласност со тоа што го кажа.

Начелото или принципот на учество во мисијата е доброволно. За разлика од Догани јас за себе знам и што значи да инсистираш и да работиш,некој да оди да ги застапува Албанците таму. За разлика од Догани јас ги знам сите оние семејства со кои сум разговарал тогаш кога требало нивните деца да бидат сипратени во мисија. Но, како и да е, тоа е негова политика.

Ќе беше подобро Догани да одговори зошто 160-те војници, иако во мај е завршен конкурсот, сеуште ен се примени.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 89 пратеници. Од нив за Предлогот на одлуакта гласаа 88 пратеници, воздржан нема, 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуакта за испраќање единица на Армијата на Република Македонија, за учество во мировна операција во Авганистан, под број 07-5697/1.

**Минуваме на точка 1 - Дополнет предлог буџет на Република Македонија за 2009 година - Второ читање.**

Дополнетиот предлог на Буџетот на Република Македонија за 2009 година, ви е доставен.

Врс основа на член 180 од Деловникот на Собранието се води претрес по предлогот на Буџетот како по предлог на закон во второ читање со тоа што е задолжителен општ претрес. Претресот по предлогот на буџетот трае најмногу три дена.

Отворм општ претрес по дополнетиот предлог буџет на Република Македонија за 2009 година, второ читање.

После излагањето на министерот за финансии ќе биде пријавувањето за говор.

(Реакции во салата).

Го молам министерот за финансии да го презентира дополнетиот предлог буџет на Република Македонија.

Има збор министерот за финансии, господинот Трјако Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Ова е прв Буџет на Република Македонија односно предлог на буџет по кој се води расправа според новиот Деловник на Собранието на Република Македонија.

Сакам да ја искористам оваа прилика да ја изразам својата благодараност и задоволство од плодните расправи кои се водеа во речиси сите собраниски комисии, некаде 7-8 на број, сега не можам да се сетам, кој го имаа на свој дневен ред во соодветните термини, предлогот на буџетот на Република Македонија за 2009 година. Особено детална расправа се водеше во Матичната комисија за финансирање и буџет каде се дискутираше по секој предложен амандман, како и во Законодавно-правната комисија. Откако завршија расправите, според Деловникот, во комисиите, Владата на Република Македонија беше информдриана за текот на расправата, особено за расправата по амандманите и на посебна седница утврди, според Деловникот на Собранието на Република Македонија, нов предлог на текстот на Буџетот за 2009 година.

Почитувани пратеници тој нов предлог на текстот вие го имате со дополнително образложение и сакам да кажам неколку збора во врска со тоа. Имено до 204-те предложени амандмани, Владата на Република Македонија на седниците на комисиите прифати 15 амандмани од кои мнозинството се однесуваа на амандмани предложени од пратеници, а се однесуваат на буџетскиот корисник Собрание на Република Македонија.

Понатаму, користејки го правото од Деловникот на Собранието, од членот 180, Владата на Република Македонија направи само две мали измени кај два буџетски корисници, нешто што се сметаше дека е можеби или пропуст, или дополнително барање или ставање на знаење за потребата од зголемување на средствата. Станува збор за буџетскиот корисник, тоа е првата измена што е соодветно обележана, како што се обележани измените за амандманите, повторно според Деловникот.

Првата измена и дополнување на средства се однесува на буџетскиот корисник Државната изборна комисија, заради претстојните локални и претседателски избори во 2009 година, а и заради зајакнување на капацитетот на Државната изборна комисија во иднина се обезбедни дополнителни 3,3 милиони денари средства за 2009 година во Буџетот за вработување на 12 лица во Државната изборна комисија.

Втората измена, почитувани, е направена кај буџетскитокорисник МАНУ. И покрај соодветното зголемување на средствата, водополнителни консултации со МАНУ, Владата одлучи да интервенира со дополнителна сума на средсва која за вкупнито Буџет е релативно мала, за зголемвуање на средствата за научно-истражувачка работа кај МАНУ, второ за дополнително вработување на 8 соработници и што е можеби поважно, решавање на еден долгогодишен проблем, проблемот со ниските надоместоци на членовите на МАНУ Што споредено барем со регионот, навистина, во износ на сегашните 13 илјади денари месечно, се многу ниски. Тие не се корегирани можеби во последните 5-6 години.

Владата на Република Македонија ги предлага да ја прифатите таа измена заради зголемување на тој надоместок за членовите на МАНУ.

Почитувани, во расправата за Буџетот за 2008 година, за годината што изминува, ние бевме преокупирани пред се со прашањето на високата и растечка инфлација.

2008 година ќе ја забележиме можебикако историска година во која некаде повторно на средината на годината имавме прекршување од еден во друг екстрем и тоа прекршување исто како во 2007 година кога се појави опаснсота од растечка инфлација, пред се заради тогаш растечките цени на храната и на енергијата. Значи во 2008 година пресвртот настана со забавување и речиси исчезнување на инфлациските притисоци кои се должат на драстичното опаѓање на цената на нафтата, на цената на другите стоки и финансиската, подоцна и глобалната економска криза која ги зафати пред се развиените економии, а подоцна во бранови се прелеа во останатите региони вос ветот. Оттука и политиката на Република Македонија односно економската политика беше на некој начин ставена пред предизвикот да ги акомодира не само тие шокови и да се приспособува кон нив, соодветно да реагира, туку и да го прифати предизвикот да реагира на тој екстрем.

Почитувнаи, во моментот, за разлика од пред една година кога главната опаснсот беше растечката инфлација во светот. Главната опаснсот е дефинирана со еден не многу пријатен термин кој се нарекува стаг дефлација, нов феномен кој е можеби поблизок до состојбата од 30-те години. Во нашата терминологија и економска наука е познат поимот стагфлација што е сосема различно. Тоа е состојба во која и економиите бележат негативни стапки на раст но проследени со високи стапки на инфлација. Стаг дефлација, како што кажува и самиот термин, а тоа е она што сега или се чувствува или престои е состојба во која имаме забавување на економскиот раст на глобално ниво проследено со колабс на цените, како резултат на колабс на побарувачката. Оттука тоа е амбиентот и светски и регионален во кој ќе се водат и економските политики и во кој ќе функционира македонското стопанство во 2009 година. Секако дека тој амбиент е рефлектиран и во Прелдогот на буџетот за 2009 година кој, почитувани пратеници, почитуван претседателе, како предлог за второ читање го имаме денес пред вас.

Почитувани, во 2008 година Република Македонија се оттргна од инфлацискиот притисок. Малкумина веруваа кога во април направивме проценка дека стапката на инфлација докрајот на годината мерена на годишно ниво ќе падне под 6%. Тоа веќе се случи. Знаете дека воноември стапката на инфлација беше 5,1%. Најверојатно ќе падне испод тоа до крајот на оваа година. Во 2008 година, барем за оние месеци,оние квартали за кои има официјални статистички податоци, македонската економија забележа значителен економски раст. Во првите два квартали просечниот раст, според она што беше и предвидување е околу 6%. Сите индикации говорат дека и третото тромесечие, пред настапот на индикациите на економската криза, ќе имаме добри показатели. Ние секој ден, крајниот рок е до крајот на годината, ги очекуваме со нетрпение официјалните податоци од Државниот завод за статистика, за движењето на БДП во третото тромесечие, а официјалните статистички податоци, знаете,според динамиката за цела година стигнуваат нешто подоцна, во текот на наредната година.

Почитувани, она што е значајно за растот на БДП кој секако ќе трпи некои ефекти од забавувњето на растот и намалување на побарувачката во некои сектори што се чувствува во последното тромесечие од оваа година. Значи она што охрабрува, она што е одлика на нашиот економски раст е што тој раст е диверзифициран.

Што се однесува до расходните компонентни на БДП, остварен е значителен напредок изразен преку номинален порст на учеството на инвестициите од 18% во вториот квартал во 2007 година на 31,6% воистиот квартал од 2008 година, што упатува на повисоки стапки на рст и во наредниот период.

Почитувани,

Јавноста, а и вие особено преку комисиите сте запознати со основната структура на Буџетот за наредната година. Сакам само да ве потсетам дека одлика на овој буџет е барањето на одговор преку мерките на фискалната политика барем делумно да се ублажат последиците од економската криза со помасовни инвестиции во областа на инфраструктурата, патна и железничка и во изградбата на енергетски проекти.

Среќна околност е што Република Македонија односно Владата на Република Македонија подготовките за реализација на повеќе проекти ги има започнато од поодамна, затоа што знаеме дека за еден пат локален, регионален и.т.н. потребни се некогаш подготовки кои што можеби се и подолги од една година. Оттука еден процент или еден процентен поен од предвидениот фискален дефицит, кој што со овој буџет се предвидува да биде 2,8% отпаѓа токму на овие инвестиции.

Почитувани, во рамките на вкупните приходи и понатаму доминантен дел од приходите ќе се остварува по основ на даночните приходи кои се планирани на повисоко ниво од 9,3% во однос на минатата година. Добрата реализација од изминатите две години покажа дека Република Македонија е на добар пат со даночните реформи кој што се во тек, започнаа со воведувањето на концептот на рамен данок, а продолжуваат преку соодветните измени во даночните закони што ги усвои Парламентот пред неколку дена, а се однесуваат и на намалување на стапките на придонесите што треба да стапат во сила од 01 јануари 2009 година како еден поттик за виталноста на македонската економија.

Во рамките на вкупните расходи, само да потсетам, дека се зголемени предвидените средства за субвенции во земјоделието, најмало зголемување има кај стапката расходи за стоки и услуги, пропорционално. Ако предвидуваме раст на приходите од 9% тука растот е само 5% а

додека соодветно се предлагаат зголемвуање на средствата во ставките за плати и надоместоци за околу 9% што вклучува зголемување на платите за 10% за државната администрација и надоместоците што се обезбедени за редовна исплата на зголемените пензии што во овој буџет се зголемуваат за 9,2%.

Да потсетам, за разлика од годинешните 45 милиони евра субвенции за земјоделието, оваа сума се зголемува на 70 милиони евра во наредната година. Средствата што во буџетот се обезбедени за изградба и рехабилитација на патната инфраструктура изнесуваат 110 милиони евра, а се обезбедени дополнителни средства во износ од околу 15 милиони евра за ревитализација и изградба на железничка инфраструктура.

Почитувани, неколку согледувања за ефектите од економската криза во светот и одразот врз Република Македонија и намерите на Владата за одговор на тие негативни ефекти.

Познато е дека, прво, развиените економии пред се САД, земјите од Европската унија, Јапонија и.т.н. една по една прогласуваа рецесија. Состојба во стопанството, во која што економијата бележи негативни стапки на раст во два последователни квартали. Овие земји одговараат со соодветни мерки на монетарната, а некои и на фискалната политика.

Мерките на монетарната политика се насочени кон обезбедување на ликвидност на економијата. Познато ви е дека каматната стапка, референтната каматна стапка на системот на федерални резерви во моментов е блиску до нулата, од 0 до 0,25 %. Ликвидноста, обезбедена преку системот на федерални резерви на Американската централна банка која што изнесуваше 50 милијарди долари пред два месеци, сега има достигнато сума од 650 милијарди долари, но тоа е велам одговор на едни конкретни околности каде што дојде до замрзнување на кредитните пазари.

За нас можеби се пoнтересни мерките на фискалната политика, затоа што Република Македонија како мала и отворена економија има ограничени можности за поттик на економијата со монетарни мерки затоа што ние не можеме да произведуваме странски средства за плаќање, односно да ги зголемуваме во оптек.

Оттука она што се предлага зголемување на дефицитот во буџетот со мерките кои што беа предложени од страна на Владата на Република Македонија и соодветни закони рефлектирани и усвоени во македонскиот парламент е нашиот одговор за економска криза. Владата на Република Македонија со задоволство ги слуша сите предложи кои што доаѓаат од институциите, стопанските комори, синдикатите, ќе ги разгледа внимателно и е подготвена во наредниот период соодветно да одговори со дополнителни мерки. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам. Пред да поминеме понатаму една кратка процедурална интервенција за претходната точка од господинот Имер Алиу, па после во однос на пријавувањето за збор за предлогот буџетот на Република Македонија за 2009 година.

Повелете господине Имер Алиу.

**Имер Алиу:** Ви благодарам господине претседател,

Вие објаснивте дека се говори за минатата точка од дневен ред. Јас побарав процедурално веднаш откако забележав дисплејот каде што се гледаат местата кои гласаат за , против или воздржани, но вие не најдовте за упатно да ми дадете збор или не видовте дека јас побарав процедурално.

Сега ја користам можноста да се произнесам јасно дека мојот глас за претходната точка беше “за” а не “против”. Можеби имаше некоја техничка грешка, можеби беше моја грешка гласот излезе против, но уште еднаш ќе повторам мојот глас од претходната точка во однос на испраќање на единици во Авганистан е “за”. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Во моментот не видов, инаку немаше проблем да ви дадам збор процедурално.

Продолжуваме понатаму.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат во општиот претрес да се пријават за збор.

Благодарам.

Со оглед на тоа дека има пријавено голем број на пратеници, ги замолувам службите да испечатат листинг на пријавени пратеници и да го поделат на сите.

Прв пријавен за збор е пратеникот господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Пред нас се наоѓа документот што во ситуација или држава, како што е Македонија, претставува главниот економски или најважниот економски документ и финансиски во таа смисла, со оглед на тоа што македонската економија во континуитет е доволно слаба за да главниот играч или главниот арбитар во економските токови е државата.

За жал, во уште потешка ситуација влегуваме и во следната година, иако за еден коруптивен договор за ОКТА, во тоа време, раководителот на Меѓународната кризна група спомна дека таков коруптивен договор со ОКТА може да склучи само луд или корумпиран политичар. Ваков буџет за 2009 година може да состави или само неспособна владла и неспособен министер или само влада и министер што апсолутно немаат никаков контекст со реалноста. Тоа е основната констатација кога саката не економски, не експертски, како сакате, лаички на крајот на краиштата да го анализирате и влезете во самата содржина на овој буџет.

Господине министре,

Ова што предмалку го кажавте е само ради реда, проформа, бледо ваше искажување во кое што мислам дека ни самите не верувате.

Главната претпоставка за еден буџет се состои во проектираната стапка на раст и на развој на една економија. За дојдете до следната година, треба да дадете одговор за 2008 година и да кажете дека стапката на раст што ја проектиравте, не ја постигнавте.

Само по тој основ минатиот буџет, овој што сега завршува, за 2008 година не ја оствари целта. Вие, во 2009 година, откако веројатно ќе се договорите Вие, Груевски и Ставрески да излезете со една дефинирана стапка, бидејќи секој ден слушаме различни изјави од 6.5% до 4%. Вашиот распон е 2,5% на очекување на стапката за раст на македонската економија за 2009 година.

Во ситуација кога ММФ и Светската банка и сите аналитичари предвидуваат дека стапката на раст на најразвиените економии нема да ја надмине таа од 2,5%, замислете, макеоднската економија, следната година, вие сметате дека ќе го задржи истото ниво на раст. Притоа не дефиниравме кое е и седвижите помеѓу 4% и 6,5%, во зависност од тоа дали ја давате изјавата на пазарот Буњаковец или во МАНУ или во Владата.

Прво, вие немате претстава колку ќе биде растот, тој дефинитивно, според мене, нема да ја админе бројката од 4% во максимум. Со грдни напори, најверојатно ќе се движи околу 3% до 3,5% за следната година.

Според тоа, целата претпоставка, за висината, за структурата ќе дојдеме, на овој буџет е рамна на 0 , бидејќи вие нема да имате стапка на раст. Или, макеоднската економија нема да се развива онака како што вие проектирате и ги ставате овие проценти.

Втората работа е што овој буџет се носи во светло на економска криза. Шуќур, признавте дека постои криза и во Република Македонија . Два месеци ја манипулиравте македонската јавност дека кризата ќе биде како облак на дожд што само ќе капне и ќе замине и ќе ја направи белјата кај некој друг. Сега дојдовте да зборувате дека Македонија е сериозно погодена и ќе биде допрва погодена од светската финансиска или економска, како сакате одберете ги термините.

Според тоа господине министере, само неспособен човек или неспособна Влада, или Влада што дефинитивно не знае каде живее може во ситуација на глобална , регионална, и национална економска и финансиска криза да носи буџет што е 250 милиони евра поголем од претходниот.

Нема ниту едно оправдување, прво , за зголемувањето на Буџетот, второ за самата структура.

Кажете ми господине министре дали македонското индустриско производство во изминатава 2008 година порасна? Одговорот е не.

Господине министре, бројот на вработени во индустријата во континуитет се намалува. И пред кризата. На крајот од оваа година ние ќе имаме најмалку 15 илјади невработени лица по основ на ефектите од кризата. 15 илјади лица ќе бидат отпуштени и веќе 12 илјади се отпуштени, привремено или трајно од своите работни места. Дополнително таа бројка ќе се зголеми на 15 илјади до крајот на годината.

Според тоа, по основните параметри: индустриското производство намалено, бројот на вработени намален, вие претпоставувате зголемување на буџетот од 250 милиони евра, за да тој достигне рекордно ниво од 2 милијарди и 800 милиони евра. Минатата година во ова време, говоревме , замислете за Буџет од 2милијарди и 200. И рековме ова е страшно. Е, па со оваа влада не било страшно Со ребалансот дојде на 2,5 милијарди, сега 2 милијарди и 800. Или, откога е ВМРО ДПМНЕ на власт од 2006 година до денеска, Буџетот на својата расходна страна е зголемен за речиси цела милијарда евра.За една милијарда евра, за 2,5 години власт на ВМРО ДПМНЕ Буџетот е зголемен. При тоа, приходната страна е зголемена за 812 милиони евра, а расходната страна за 1 милијарда евра. Притоа, таа една милијарда евра не е од онаа фиктивната, господине Славески што ја баравте со Тајван и Вие и Груевски своевремено, ама е реална една милијарда евра од џебот на граѓаните и касите на фирмите што Вие, по основ на даноци сте ги прибрале.

И, за која даночна реформа вие говорите во изминатиот период, кога единствено што успеавте е да го зголемите даночното прибирање за една милијарда евра. Пресметајте колку е тоа по човек. Тие пари, господине министре, недојдоа од нови фабрики, тие не дојдоа од нови вработувања, не дојдоа од зголемување на инвестициите. Овие милијарда евра за 2,5 години дојдоа од постојните вработени, од постојните фирми на кои што им го зголемивте оптоварувањето и собирањето на даноци.

Затоа господине министре,

Макеоднија е сеуште на последното ниво на развој на економијата во Европа и сеуште ДДВ-то учествува со најголем процент во нашиот буџет.

Кое што ДДВ е зголемено не како резултат на зголемување на економијата, туку само како резултат на прибирање на повеќе пари, врз основа на зголемените цени на производите. Како што година дена собиравте повеќе пари поради скапата нафта, како што година дена собиравте пари заради поскапиот зејтин, поскапото брашно, поскапото млеко и сите останати поскапени производи.

Тие милијарда евра господа, господине Ставрески, заедно со вашиот шеф Груевски не се резултат на вашата умешност и развој на макеоднската економија. Тоа е единствено резултат на прибирање на парите од македонските граѓани и фирми и ништо повеќе. Затоа денеска македонските фирми се

неликвидни,  затоа денеска македонските граѓани имаат помалку пари и нивниот животен стандард е опаднат.

(џагор во салата)

**Трајко Вељаноски:** Продолжете колега.

Ве молам да го сослушаме колегата.

**Игор Ивановски:** Зборуваме за Буџет, тоа е најбитен инструмент за македонските граѓани.

Поради тоа господине министре немате право да донесете ваков буџет.

Велите дефицитот што сега ја допира границата од 3 милијарди долари е резултат на увозот на струја. Во дел сте точно. Но, зошто не дадете одговор, зошто Македонија толку увезува струја? Ќе ви кажеме зошто. Затоа што во РЕК Битола имате неспособно раководство, имате неспособен менаџмент во енергетскиот сектор кој најлесно знае само да купува од странство струја што ја произведува некој друг, а таа во Македонија не може да ја обезбеди.

Одговорни сте затоа што Македонија има волку висок дефицит.

Дополнително, цените на нафтата паднаа, дефицитот во Македонија се зголемува. Објаснете го тоа господине министре на македонските граѓани. Кога велите дека во Македонија е намалена инфлацијата, тоа е резултат само на економската криза, а не на потезите на владата.

Македонската влада дејствува спротивно на работењето на Народната банка . Македонија е единствениот случај каде што македонската влада, што треба да работи со Народната банка, работат спротивставено. Македонската влада фрла пари и го ложи ќумбето наречено инфлација, Народната банка на Македонија ги дига стапките и на тој начин ги испумпува парите од макеоднската економија. Наместо да работите заедно, вие лично, од инат и заради тоа што несакате да работите синхронизирано со Народната банка, во добар временски период Макеоднија имаше висока инфлација. Кога сите економии во регионот растеа, имаа инфлација од 3%, македонската економија стагнираше, а имаше инфлација од 12%.

Сите економски теории во Макеоднија не важат. Во македонската економија важи само праксата на ВМРО ДПМНЕ што е надвор од здравиот разум.

И овој Буџет, како и претходните три се надвор од здравиот разум, се ненародни и дефинитивно спротивставени на интересите на бизнисот. Откога решивте дека морате нешто да интервенирате поради кризата, излеговте преку трупа за еден ден, со наводни десет мерки. Од тие десет мерки нема да видиме ништо повеќе освен воздух и прашина во очите на луѓето и фирмите. 330 милиони евра во овој Буџет, сакате да го читате на македонски од лево на десно или арапски од десно на лево, не постојат. Парите ги нема.

И треба да излезете и да им кажете на луѓето дека ги лажете, ама брутално ги лажете. 330 милиони евра не постојат, мерките кои што ги предлагате ќе ги наградат само лошите фирми и ќе ја имаат истата ситуација во македонската економија како пред оваа криза, тие што не знаат да работат и што не плаќаат придонеси пак тоа нема да го прават, а добрите фирми кои го полнат овој буџет ќе бидат во дискриминирачка позиција во однос на нив. Или во превод, македонската економија ќе биде иста или веројатно полоша во следната година и пред донесувањето на овие мерки кои апсолутно немаат никаква допирна точка со економијата и нема да има никакво влијание за подобрување на ситуацијата.

Господине министре, рековте дека фискалната политика ќе сакате да биде одговор на кризата. Како господине министер ќе им помагате на фирмите и граѓаните кога 250 милиони евра за следната година ќе им земете повеќе. Во цел свет заради кризата се намалија непродуктивните расходи и трошоци на државата, на прибирањето на даноците од страна на државата преку фирмите и граѓаните. Македонската Влада прави се наопаку, ги зголемува даноците и даночните зафаќања. Во цел свет Владата одлучуваше да ги даде парите директно во стопанството, Германија, САД, Јапонија, Англија, Италија, Србија и Хрватска во регионот, Македонската Влада уште толку им ги зема парите и вели нема да ви ги дадам, ама знаете што ќе прави Македонската Влада со парите? Ќе сади дрва и ќе краде од акцијата за пошумување, ќе инсталира така наречен патриотски софтвер на касите и ќе направи криминалија од 11 милиони евра, два по пет и пол, и на крај ќе имаме уште посиромашно стопанство, уште посиромашни граѓани, само богата Влада.

Доаѓаме до клучната работа господине министер, она каде што сте невидени шампиони, а тоа е во трошењето на парите. Структурата на македонскиот буџет, овој од две милијарди и 800 милиони евра што е надвор од секоја памет, вакво пљачкање Македонската Влада, македонските граѓани немаат видено и фирми од 1991 година. Се состои од следнава структура: за плати 400 милиони евра - на сите во држав ната и јавната администрација сосе придонеси, но замислете за договорни услуги. Тоа се вработувањата на партиските војници преку агенциите, дел од агенциите се сопственици вашите пратеници кои седат во оваа сала, за рекламите и договорите на дела се предвидуваат исто така 400 милиони евра. Каква е таа држава во која што 400 милиони евра се дава на цела администрација и уште 400 милиони евра за паралелна вмровска администрација, за договори за дела, за реклами, за разно разни трансфери за кои и ден денес немате дадено отчет.

Почитувани граѓани, 400 милиони евра ви се земаат и се даваат за вработување на 25 илјадната војска на ВМРО-ДПМНЕ и за рекламите кои што во континуитет ги гледаме секој ден, од

најглупавите до помалку глупавите и до глупавите, бидејќи една не е како што треба, освен што се одличен начин за прибирање и перење на парите на граѓаните.

Велите господине министер дека 1% од дефицитот ќе сте го посветеле на инфраструктурата. Тоа е отприлика 28 милиони евра да дадете за патишта. Знаете колку пари имате дадено за реклами? Досега најмалку 40 милиони евра, се задолживте 12 милиони евра за спортски сали кои што ги нема, се задолжувате 50 милиони евра во Европската банка за обнова и развој за патишта, а вие 250 милиони евра на граѓаните ќе им ги потрошите и ќе им ги изгорите за реклами, вработувања, разно разни трансфери спрема своите фирми и притоа за тоа не саката да одговарате.

Господине министер, вие кривично ќе одговарате еден ден зошто дозволивте 11 милиони евра за патриотски каси да се потрошат кога тие 11 милиони евра можеа да се употребат за патчиња, училишта, комунални дејности и водоводи. И денес седите ладнокрвно, не барем се тоа 11 денари. Па видовме дека во Кочани ги тепавте луѓето кои што немаат пари да ја платат струјата. Читаме во весниците дека човек скокнал во амбис затоа што немал пари да си ја плати струјата, а Трајко Славески и Владата 11 милиони евра ги трошат 11 милиони евра за проект кој требаше да алиментира две ваши фирми и вие денес сте ладнокрвен и мирно спиете и велите македонската економија е добра. Па тоа е, пак ќе речам, надвор од здравата логика и разум.

Со 11 милиони евра проневерени пари за патриотските каси ќе направевте 11 км автопат. Толку е соодносот господине министер, или помножете по осум двосмерни автопати од регионален или полумагистрален карактер. Ете така почитувани граѓани ви се трошат парите кои можат да се употребат многу попаметно и многу поинаку. Доаѓаме до она кое што СДСМ три пати веќе го предлага, заклучно со амандмани на овој буџет, кој што ни го одбивте. Законот за енергетска сиромаштија што нема да чини на годишно ниво повеќе од 22 милиони евра ќе ги опфаати сите граѓани кои немаат пари да си ја платат струјата, а државата ќе им ја покрие струјата во износ од 1000 денари согласно таа потрошена струја и одредена количина на кило ват часови. Вие велите не, тоа било популизам. Е па господине министер нашиот популизам се вика да им го платиме на луѓето она што тие не можаат да го платат 22 милиони евра за струја, затоа што Македонија се наоѓа пред социјална експлозија и револуција. Вие велите не, 11 милиони евра за патриотски каси, 50 милиони евра ќе се задолжиме, не знаеме како ќе се потрошат и доаѓаме до она што вие најмногу сакате да го трошите, 400 милиони евра за договори за дела, доаѓаме до инвестициите за кои сакате да говорите најмногу, исто така имате предвидено 400 милиони евра. Значи колку за плати, толку за договори, толку за инвестиции.Е тоа е структурата на вашиот буџет. Но кога ќе влеземе во структурата на инвестициите, ќе видиме дека 110 милиони евра се за мебел, возила и опрема. 110 милиони евра! Кога ќе видиме дека само 70 милиони евра, што е ништо во однос на две милијарди и 800 милиони, се предвидени за некаков тип на инфраструктурни објекти. Друго прашање е колку ќе потрошите од овие 70 милиони евра. Јас сум убеден не повеќе од 25% што е отприлика 15 милиони евра. Толку почитувани граѓани е резултатот на инвестициите на оваа Влада, 15 милиони евра на годишно ниво, мизерно, и затоа немаме никаков ефект од вашите инвестиции од парите на граѓаните кои што ниту ги трошите, ниту пак ги насочувате таму каде што е потребно. Погледенете ги во структурата конкретна инвестициите, спортска, трибина на стадион, надградба на Собрание, изградба на административна зграда, никаде нема да видите ниту автопат, ниту пат, ниту пак инвестирање во комунални и инфраструктурни дејности. Градење на каскадни брани на Вардар, веројатно тоа ќе биде понудата на вашиот кандидат за градоначалник во Скопје и разно разни трик и медиумски ориентирани кампањи заклучно со онаа кога за изминатава година на општина Центар и дадовте 9 милиони евра за изградба на споменици, не баре се од платина и дијаманти. Девет милиони евра ќе се потрошат во општина Центар за изградба на десетина споменици, пет од нив како имиња во оваа држава никој не ги знае.

Е тоа е буџетот на Трајко Славески, Никола Груевски и Зоран Ставрески кој што сега никаде го нема. Буџет на приграбување на пари, милијарда евра се зголемени вашите прибирања и расходи во исто време во овие две и пол години, милијарда евра пустош во економијата и во животот, во животниот стандард на граѓантие направивте, за да на крајот сте шампион во реклами, набавка на возила, мебел во ова Собрание, вклучително, и во сето она кое што апсолутно нема никаква врска со развојот на економијата. Затоа овој буџет не само што не треба да се дискутира, треба веднаш да се повлече и да се донесе буџет кој што ќе биде во контакт со реалноста, со бизнисот. Господине Славески, секој ден ви објавуваат барања за вистински економски мерки од страна на Комората, веројатно ги читате тие барања. СДСМ ви предложи десетина кои навистина можат реално да помогнат во развојот и средувањето на економијата во оваа фаза, но дефинитивно вие со ваков буџет ќе ја пустошите Македонија и понатаму и ве уверувам во една работа и ќе ви гарантирам, ќе дојдете со ребаланс по локалните избори, во средината на следната година ќе немате пари да потрошите 40% од потребите на овој буџет. Македонската економија ќе го доживее својот крах во април, мај следната година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика госпоѓа Стефановска Анета, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега, секоја влада има свој концепт и план и концепт за работа. За разлика од вас сметам дека овој буџет е добар бидејќи произлезе од потребите на граѓаните и бидејќи најнапред беа сослушани граѓаните, а потоа беше направен буџетот врз основа на нивните барања.

Вас ви е криво, верувам, меѓутоа, и знам зошто. Меѓутоа, не кажавте зошто ниту со аргументи, ниту со факти. Вие фрлавте само отров од вашата уста и кажувавте тешки зборови и за министерот, кој што сметам дека е најдобар министер за финансии досега во сите Влади и бидејќи домаќински изработи и кажува до сега трет буџет кој се покажа навистина практичен и добар. Тоа го кажаа и сите оценки од меѓународниот фактор до сега.

Ништо не слушнав, освен нафрлени зборови, за коруптивен договор за ОКТА, за поскапувањето на струјата и дека ние сме правеле скапи реклами. Бидејќи тоа ви е на вас празна фраза и постојано немајќи што да кажете, се кажувате дека Владата прави скапи реклами, ќе кажам дека без тие реклами Владата не ќе може да донесе странски инвестиции, бидејќи вие досега сувопарно работевте и на спротивен начин од нас, никој не знаеше која е Република Македонија, ни што бара Република Македонија ни какви услови створа. Рекламите треба да ви служат и на вас и вие да ги пофалите, затоа што на тој начин се рекламира нашата држава. Точно тоа е главната поента што ја прави оваа Влада и на тој начин затоа е успешна.

Спортските сали велите дека ги нема, па ќе види народот дека ќе ги има и после што?

Сакам едно да кажам. Навистина вашето безобразие и вашата дрскост и вашата ароганција не ве водат кон добар пат. Најдобро намерно ви советувам бидејќи сте доста млад и дека треба и натаму да градите кариера, на овој начин не треба да ја градите. Вие треба со факти да кажете зошто не чини овој буџет и во кој дел е Владата крива и зошто, а вие од тоа ништо не кажавте. Не е проблем дека можам јас вас да ви изнаречам секакви зборови, не е тоа проблем. Тоа е основна култура ваша, ништо друго.

Повторно ќе кажам во интерес на јавноста, и самите граѓани ќе знаат дека точно, буџетот произлезе од тоа тие што го кажаа, бидејќи оваа Влада го слуша гласот на народот, а не е арогантна како вас.

Затоа ви препорачувам да кажете факти и аргументи зошто не чини буџетот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Би сакал да кажам претходно, за сите пратеници тоа важи, да бираме соодветни зборови кога се обраќаме спрема министрите и кога пратеник спрема пратеник се обраќа, затоа што секој си има свое мислење, но сепак соодветни зборови спрема аргументите што ги искажува пратеникот да се има.

Контра реплика за господинот Ивановски Игор, повелете.

**Игор Ивановски:** Господине претседателе, не треба зборови за да се опише зошто овој буџет е катастрофален. Погледнете ги бројките, направете анкета меѓу граѓаните и ќе видите дека тие живеат многу тешко, фирмите во своите анализи и деловните тенденции во вашиот Завод за статистика погледнете што напишале, дека очекуваат уште полоша, покатастрофална година и дека мерки фамозни кои што Владата ги дава апсолутно не даваат никаков резултат.

На колешката и е многу лесно, јас ја разбирам. Таа има отприлика околу 100 илјади денари месечен приход, плата, дневници, патувања и со 1500 евра месечно таа може да живее. Ама во Битола и низ цела Македонија луѓето живеат ужасно тешко, немаат пари за струја да платат 500 денари. Затоа говориме дека овој буџет не само што не им ги дава тие 500 денари, 600 им зема. Затоа господине Славески, зошто не излезете вие, Груевски и Ставрески на дебата со економските новинари во Република Македонија. Ајде да дебатираме и да поразговараме зошто одбивте дуел со мене на една скопска телевизија, па да дискутираме, ако сте толку убедени дека овој буџет е толку добар. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Трајанов Павле, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер,

Денес се отвора расправата за буџетот на Република Македонија на оваа пленарна седница и јас сакам неколку работи да искажам.

Прво, сакам да кажам дека не сум гатач за да предвидувам колкав ќе биде економскиот раст во Република Македонија. Верувам дека предвидениот и проектиран развој е врз основа на реални параметри, проценки и факти, дека тој ќе се реализира во наредната година, затоа што буџетот е меѓу другото сигурно проектиран врз основа на предвидениот или претпоставениот економски развој на Република Македонија.

Јас сакам да се задржам само на неколку елементи. Прво, мислам дека Владата на Република Македонија, со тоа што предвидува 400 милиони евра за инвестиции за развој дека е добра таа проекција. Во оваа насока сакам посебно да нагласам, ако сакаме да инвестираме во севкупниот развој, ако сакаме да ги мобилизираме голем број компании, голем број на фирми, мислам дека е добро да се инвестира во изградбата на патната мрежа на Република Македонија, бидејќи сообраќајот е крвотокот на една држава. Понатаму, сигурно дека е потребно да се инвестира и во изградба на нови енергетски објекти, но исто така да се бараат и алтернативни решенија за енергија, сигурно дека тоа ќе биде приоритет на Владата и во наредната, а се надевам и во следните години што следат.

Понатаму, потребна е посебна програма, посебна стратегија околу развојот на градежништвото и да се направи се градбата на станови и други објекти да се забрза. Владата на Република Македонија во претходните две години отвори војна против урбаната мафија, му предложи на овој Парламент бројни промени во законите, со што е зголемена сигурноста на оние што инвестираат во градба, односно што сакаат да дојдат до покрив над главата. Но има еден чуден феномен во Република Македонија. Имено, во услови кога во цел свет има намалување на вредноста на недвижностите, во Република Македонија еден квадрат станбен постигна многу висока цена, некаде и до 500 евра, па дури и до 1000 евра по станбен квадратен метар. Тоа значи дека Владата мора да работи многу повеќе во соработка со општините во расчистување на локации и тоа не во плодните терени, туку таму каде што тие не можат да се користат за друго, туку за изградба на станови и куќи, со што мислам дека голем број на граѓани наместо да ги чуваат своите денари под перница ќе имаат можност следната година да инвестираат и во оваа градба, затоа што повеќе од јасно е дека има одредени проекции, има одредени коментари дека можни се вакви или онакви случувања, девалвација, инфлација итн, така што ако имаат можност граѓаните да ги вложат во нешто трајно чија што вредност нема да се намалува така лесно, можеби тука е шанса да се создадат услови за секој што има потреба да инвестира во изградба, да има свој покрив.

Понатаму, сигурно дека е многу битно и тоа што Република Македонија во наредната година ќе има голем број на обврски што треба да ги извршува, да ги сработи околу нашите врвни и национални државни приоритети. Тоа е приемот во НАТО и започнување на преговорите за влез во Европската унија, како и симнување на шенгенскиот визен режим спрема државјаните на нашата држава. Сигурно дека и сите тие активности проектирани во Акцискиот план мора да бидат поткрепени со соодветна финансиска поддршка, така што мислам дека тука треба да се направи се за сите тие активности сосема на време да бидат завршени. Еве, само еден елемент да презентирам. Ние денес веќе донесовме одлука за испраќање меѓу другото на 150 војници во Авганистан во наредната година. Сето тоа исто така мора да се покрие и со финансиски средства.

Значи дека Република Македонија има определба и натаму да учествува во сите мисии за борба против глобалниот тероризам, за обезбедување на мир. Тоа значи дека не се откажуваме, без разлика на исходот во Букурешт да продолжиме со нашата партиципација секаде каде што е тоа потребно, каде што ќе одлучат земјите членки на НАТО, Обединетите нации да партиципираме со свои единици.

Тоа го кажувам како пример, бидејќи без разлика на тоа што сите проценки се дека Република Македонија ги исполни сите критериуми за влез понатаму, ќе има потреба од натамошно одржување на таа состојба, но сигурно дека ќе има потреба и натаму да се развиваат сите перформанси на нашата држава за да постојано бидеме во кондиција и доколку се елиминираат пречките да добиеме покана за полноправно членство во НАТО.

Се надевам дека сето она што денеска го слушаме, како идеи, како предлози дека е во функција на добри намери да се помогне на состојбите во Република Македонија . Во оваа насока јас пред некој ден иницирав размисли пред владата дали е потребно Владата да формира едно координативно тело кое што ќе ги анализира светските движења предизвикани од финансиската и економска криза или од економската транзиција. Едно тело кое што ќе ги анализира и ќе предлага мерки.

Мислам дека со ова тело може да раководи било кој, кој ќе го определи Владата. Може тоа да биде потпретседател на Владата задолжен за економски прашања. Во ова координативно тело можат да се вклучат и голем број претставници од стопанските комори, од синдикатот но и експерти. Сигурно ако има интерес можат да се вклучат и претставници на политичките партии се со цел, секој оној кој што има добра идеја, добра сугестија да презентира и Владата односно ова тело ќе оценува дали дел од тие мерки се прифатливи и можат да бидат проведувани, како и ефектите од едни такви мерки.

Се надевам дека оваа година без разлика што има многу предвидувања дека ќе има силно влијание на економијата, на сите состојби во државата. Мислам дека неопходна е мобилизација на сите сили во државата затоа што владината политика и владините мерки можат да се спроведуваат и да имаат позитивни ефекти доколку бидат широко прифатени од граѓаните од сите субјекти и доколку секој во својот дел навреме квалитетно ги извршува обврските. На тој начин ќе можеме и да ги постигнеме посакуваните цели со буџетот на Република Македонија и наместо рецесија да задржиме одреден економски раст и развој на Република Македонија и во 2009 година. Благодарам на вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Благодарам господине претседателе,

Почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Најважен акт во државната политика е актот на донесувањето на Буџетот. Со тоа се определуваат сите животни текови во државата и нема граѓанин во било која држава кој длабоко не е допрен од тоа што се случува со Буџетот, од тоа како се распоредени инструментите на собирање на приходи, како се собираат приходите и тн., како се насочени расходите итн. Затоа јас очекував денес поголем интерес на колегите пратеници да

се ислушаме еден со друг и тука непосредно и директно потврдиме дека сме за дијалог по едно вакво курцијално прашање, како што ни е буџетот на државата.

Добро, ме радува тоа што се јавија 47 учесници во дискусијата. Се надевам дека ќе изнесат и многу идеи и можеби ќе го поттикнат министерот уште еднаш да размисли тоа што го предлага дали токму така да биде, дали да прифати некои нови сугестии или да даде некои нови ветувања, или пак бидејќи постапката за поднесување и усвојување на амандмани е завршена сето тоа е што нашите граѓани би рекле е празен муабет. Но, сепак бидејќи сме пратеници и мосиме одредени одговорности јас ќе си земам за право овде да го кажам моето мислење во врска со буџетот кој сега го разгледуваме.

Бидејќи глобалната криза еднакво не зафаќа и нас, како и цел свет, разликата е во тоа што ние имаме помалку сила и помалку инструменти да и се спротивставиме отколку што имаат големите еконосмии, тука е разликата. Донесувањето на Буџетот кај нас не треба во овие услови да биде изолиран акт. Донесувањето на Буџетот и расправата за буџетот треба да биде илустрирана, дополнета со сознанија барем што ќе се случува во монетарната политика. Ние овде немаме на увид ако не за расправа, ја немаме одлуката за монетарната политика во 2009 година и немаме ни сознанија какви определувања има монетарната власт, што размислува, што ќе и биде целта, како ќе делува таа.

Исто така ние немаме увид овде за да можеме да расправаме за буџетот. Немаме увид во целата девизна сфера. Ние немаме увид во одлуката за девизната политика која ќе се води идната година. Немаме увид на проекциите кои ќе бидат, како се оценува, увозот, како се оценува извозот, како се оценуваат дознаките од странство во приватните трансфери, како се оценува приливот на директни и странски инветиции. Ги немаме тие работи. Ги немаме а тие се се битни работи за да може воопшто да се разговара за буџетот.

Не знаеме дали ќе го совладаме на некој начин. Дали ќе издржиме да не не збрише тој проблем на стаотен пораст на трговскиот дефицит. Знаеме ли ние и имали некоја проекција, не ја знаеме, како ќе се реализираат работите кај надворешната тековна сметка. Што ќе ни се случува на нас. Сето тоа е поврзано со буџетот луѓе и тоа могу силно поврзано. Малку се 20 минути за човек да ги објасни тие врски, ама на министерот му се познати. Знае какви се се тие врски и во каква меѓузависност. Тој добро знае колку е непријатно и несмасно. Ние овде да дискутираме немајќи увид во сите тие сегменти на економскиот живот. Да знаеме што навистина нас овде ни се предлага.

За тоа треба да го сватите нашето искажување добронамерно, а не да ни се нафрлате преку реплики. Туку, добронамерно укажување на некои индиции дека некои состојби надвор од буџетот не се добро проценети, немаат добра проценка. Оттаму излегува дека во буџетската свера се што лета се јаде. Се разбира, ако ги прашаме граѓаните ние, нивните потреби се на расходната страна да обезбедиме 10 вакви буџети прашање е дали ќе бидат задоволни. Ама на приходната страна каде што им се земаат парите половина од овој буџет не е по нивна потреба и по нивно барање. Затоа ризикот не може да го носат граѓаните и не може ние да се повикуваме на граѓаните, така барале граѓаните. Не, ризикот ќе го носи Владата, министерот за финансии, премиерот, потпретседателот, заменик премиерот кој за тоа одговара и ќе го носи гувернерот на Народната банка и луѓето што се околу него. Тие ќе го носат ризикот и тие ќе ја носат одговорноста нема кој друг.

Ќе ја носиме и ние, пратениците овде ако не се погрижиме да ги отвориме сите тие прашања, барем како прашања и ако не посочиме каде може да лежи голема слабост и опасност во ваквиот буџет идната година.

Сакам да ви кажам дека наша најголема слабост во економијата е надворешната трговска размена, нејзината структура и конечниот ефект од надворешна трговска размена, големиот трговски дефицит.

Ние најлошите збиднувања во трговскиот дефицит, во трговскиот биланс сега ги чувствуваме само за она што се случило во овие 2,5 месеци. Во овие 2,5 месеци кога нагло паднаа цените на металите, и кога почна притисокот од странскиот пазар на нашиот текстил. Не ги чувствуваме по целата нивна сила во девизниот биланс, затоа што плаќањата за извозот ќе ни дојдат дури 60 до 90 дена после. После ќе го видиме вистинскиот пад на девизниот прилив по основ на извос, а исто така ќе видиме дека нема компензација тој пат на извозот во девизниот прилив при увоз и извоз на стоки и услуги. Нема компензација во падот на увозот и цените на увозната страна. Не се еквивалентнни производите од увоз чии цени паѓаат, не учествуваат толку ни од далеку во вкупниот увоз колку што учествуваат производите чии цени паѓаат во вкупниот износ. Според тоа, тие макази на влошување на нашите економски состојби допрва доаѓаат.

Тоа ќе се одрази и на приходите на буџетот, ќе се одрази и на срастот. Јас сум песимист, јас мислам дека сум реален проценувач. Од многу од вас подолго овие работи ги следам и професионално сум ги работел и си ги следам, и имам искуство.

Мислам дека ние нема да оствариме раст позитивен во 2009 година. И ако немаме пад ќе биде добро. Не можеме да го оствариме, не можеме да го оствариме поради тоа што во економијата ќе настанат периоди кога ние не можевме да ги координираме и извршуваме нашите обврски по извозот. Почнаа сериозно да ни паѓаат девизните резерви. Сега гледам кога е движењето кај девизните резерви, тоа е не полн одраз на вистинските текови, тие не се дојдени да наплатат на сите негативни ефекти кои ќе дојдат да се допрат. Тоа драматично ќе се влоши некаде

од февруар месец и ќе видиме тотгаш што ќе се случува.

Според тоа нашиот ЦДП, како го викаме стручно е накаде приближно на нашата размена по величина со светот. Приближно толку е. Ние сме многу отворена економија ама не може нагло да се слави тоа што се случува во размената со светот, а ЦДП да си остане каков што е, кога нашите производители се увозно зависни темелно или извозно страотно зависни. Страотно се зависни.

За овие работи треба да се разговара. Тие се точни работи што ги зборувам, не се злонамерни, не измислувам.Ние треба овде да ги познаваме далеку повеше отколку што граѓаните ги знаат.

Мислам дека лошо се проценети и преценети се странските директни инвестиции. Не само увозот, извозот и ефектот, туку странските директни инвестиции за идната година. Речиси ќе ги нема. Многу малку ќе бидат земјите и фирмите кои што ги очекуваме затоа што се во големи тешкотии. Тоа не е нивна политика кон нас, туку кон сите како нас. И така ќе се случи ќе видите. Според тоа, не треба да очекуваме дека тоа ќе биде компензација на нашите тешкотии во трговскиот биланс.

Исто така, не се добри проценките и кај дознаките од странство, приватните трансфери. Нашите луѓе кои редовно испраќаат пари на своите ќе ги призадржат сега таму каде што работат, во Италија, Германија, Франција, Америка, Австралија. Паѓаат во искушение и во страв што ќе им се случува на нив, а тие се на такви работни места кои се најмногу изложени на политичките рестрикции во економиите каде што тие ќе бидат и каде што се сега. Тоа ќе се намали. Тие работи не се добро оценети кај нас. Да се добро оценети не можеме ваков буџет да предлагаме.

Буџетот најмногу може да биде по мое мислење некаде на 10% под минатогодишниот и тоа добро насочен на поддршка. 10% треба да им пуштиме во старт од буџетот на стопанствениците и на стопанските организации да можат да го издржат овој удар сега што ќе им иде. Да се намалат инструментите на оданочување, на собирање пари итн. итн., за да можат да преживеат тие.

И јас сакам да оставам малку време бидејќи по Деловникот имам право уште еднаш да зборувам, а сега само уште едно нешто да кажам.

Јас ве молам вие од Владата сватете дека немаме ние друга намера. Сакаме да помогнеме и сакаме добри решенија да издејствуваме. Точни проценки да имаме, правилно да ги поставиме и мерките. Не сакаме никого ниту да потцениме, ни да осомничиме. Не ми е тоа намерата.

Она што сакам да ви посоветувам, моја проценка е дека работите така ќе се движат да идната година ние некои субстиционални проблеми не ќе можеме да ги решиме без помош и поддршка од ММФ. Затоа не е добро да се карате со нив. Она што може да се јави како разлика во оценките ќе го изгладите или ќе го задржите како разлика. Во вашите интерни работи и контакти што ги имате немојте да кажувате како тие лушо проценуваат како не ја гледаат работата итн. Немојте, тоа ние меѓу себе можеме да си викаме такви работи, ама со странците, со силните институции кои од нас не зависат, туку ние од нив зависиме нема такви игри. Тоа не проаѓа.

За овој пат и овој дел толку. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

На говорот на господинот Стојан Андов има реплика господинот Јован Манасијевски.

Има реплика господинот Јован Манасијевски.

**Јован Манасијевски:** Благодарам г-дине претседателе,

Сакав само да го надополнам почитуваниот колега Андов во делот кога говореше дека за жал Парламентот за компетентно да одлучува ги нема сите потребни импути. Иако морам да кажам дека оваа година имавме потемелна и посеопфатна расправа во споредба со претходната. Значи, има напредок во буџетскиот процес. Меѓутоа, тој сепак, за жал, е се уште далеку од она што можеме да го постигнеме како оптимум. И тука вината лежи и во Владата, меѓутоа, за жал во голем дел лежи и во Собранието. Ќе говорам во оној дел каде што лежи вината во Владата. Ние за жал одиме директно на расправа на Буџетот. Пред два дена ни беше поделена фискалната стратегија која што како што гледаме од записникот на седницата на Владата е усвоена на 14 декември, а се вели дека таа му претходи како документ на Буџетот. Собранието го расправаше Буџетот 3 недели пред Владата да ја официјализира својата фискална стратегија. Значи, работите се наопаку поставени. Пред да стигне Буџетот еден месец најмалку треба фискалната стратегија да стигне во Парламентот, да ја расправа Комисијата, ако има потреба и на пленарна седница. Вака ние се доведуваме во една ситуација што е непријатна за сите и за Владата и за пратениците. Да не говорам сега за практиките што постојат во доста парламенти каде што пред самиот Буџет се расправа детално за основните параметри врз кои што се планира Буџетот. Тоа кај нас треба таа улога да ја игра фискалната стратегија. Меѓутоа, за жал, ние ја добивме пред некој ден. Одговорите на некои од овие прашања што ги бара г-динот Андов, можат да се најдат, или да се насетат во фискалната стратегија. Се разбира и таму се овлаш само опфатени, меѓутоа мора да не загрижат, на пример, од фискалната стратегија визави најклучното прашање што го покрена г-динот Андов, темпираната бомба, тековниот дефицит. Податоците велат дека за првите девет месеци од оваа година имаме раст на извозот од 13%, а раст на увозот од 35%. И како резултат на тоа имаме ваков дисбаланс. Сега во проекцијата за 2009 година имајќи ги предвид сите овие кризни параметри, Владата вели дека извозот ќе расте со 10%. А гледаме дека во првите три месеци ќе колабира комплетно и металскиот и текстилниот сектор, а увозот ќе растел само 8%. Само врз

основа на овој параметар гледате дека се работи за недоволни податоци врз кои што ние не можеме тука да расправаме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:**

Контра реплика има г-динот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Г-дине Манасијевски познати ми се тие оценки и проценки. За нив мислам кога викам дека не се точни. Не се точни, заради тоа што извозот на метали кој го формулира нашиот трговски дефицит да биде околу 2 милијарди долари, ќе останеше, ако останеше цената оваа година во јуни, јули. Тогаш се правеа тие проекции. Меѓутоа, идната година ќе биде цената некаде како што е сега. Според тоа, што ќе порасне во нашиот извоз. што е тоа што ќе порасне. 50% тогаш учествуваа металите во извозот. Слична е состојбата со текстилот кога 20, до 24% учествуваше. Така што проценките не се точни. Тоа е само една од точките.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Почитуваниот доаен во економијата, практиката и теоријата и во политиката г-динот Андов е во право дека колку повеќе информации имаме, толку да речам можеме поквалификувани заклучоци да носиме. Јас само ќе се осврнам на она што тој го спомна за оваа пригода, недостиг на информации за платниот биланс, оценките, одлука за девизна политика. Мислам дека сега не се носи таква одлука. Тоа е работа на Централна банка. Како одговор на некои претходни дискусии само да спомнам дека Министерството за финансии и Централната банка имаат многу чести средби во Комитетот за координација на монетарната, фискалната и политиката на јавниот долг. Таква една средба имавме утрово која што започна во 9 часот и заврши во 10,40, непосредно пред моето доаѓање во Парламентот. Се информиравме меѓусебно за остварувањето на Буџетот, за движењето на девизниот пазар, девизните резерви итн. Факт е дека постојат големи неизвесности. Факт е дека голем дел од нашиот извоз е поврзан со значителен увоз. И оттука кога паѓа извозот, особено кај металите затоа што се врши исто така еден вид на преработка, а се увезува суровина, опаѓа и увозот. Тие ефекти се уште се проценуваат од страна на надлежните институции, Народна банка, дел од Министерството за финансии да се конструира што е можно попрецизно платниот биланс на земјата за наредната година.

Кога станува збор кај приватните трансфери, тука постои неизвесност. Она што допира до мене е дека напротив, некои од нашите привремено вработени во Италија, Црна Гора итн. одлучуваат да се вратат во земјата и со себе ги носат своите заштеди од таму, затоа што не мислат дека ќе го обезбедат работното место кое што го уживале во последниве две години. Кај приватните трансфери постои една заблуда дека наводно тие го финансирале дефицитот. Напротив, на работите треба да се гледа поинаку. Ако ги нема приватните трансфери, ќе нема и толку увоз, затоа што оној што ќе донесе во земјата девизи, тие ќе се искористат да се направи побогата свадба во селата некаде од Западна Македонија, да се купи трактор, да се купи автомобил итн. Но, не сакам за тоа да дискутирам.

И уште една забелешка. У кажам на г-динот Андов дека ние не се караме со Меѓународните финансиски институции, особено тоа не може да се персонализира. Г-дине Андов, во години кога во Република Македонија се создавал анимузитет спрема ММФ, лично јас и како универзитетски професор сум имал поинакво мислење за позитивната улога што ја одигра оваа институција. Но, сепак, ние сме суверена земја, ние знаеме по малку економија и нашето несогласување во погрешниот пристап некогаш пристапен сме обврзани да го кажеме јавно.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика има г-динот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Не е добро воопшто и за Владата и за министерот што се уште не им е затворен во Народната банка девизниот биланс. Тоа е еден крупен недостаток. Друго, сеедно по која основа, дали заради извоз некој увезувал, или воопшто увезувал, намалениот извоз директно влијае на зголемување на трговскиот биланс. Намалениот увоз не е во таа сразмера. Но, намалениот увоз е многу опасен заради намалувањето на ДДВ-то и воопшто на одржувањето на растот.

И на крајот, не е убаво да им се чита лекција јавно на луѓето од ММФ, бидејќи тие се во право во овој случај.

**Трајко Вељаноски:** Има збор г-динот Миле Андонов.

**Миле Андонов:**Благодарам претседателе.

Почувана министре, почитувани колеги. За разлика од многуте теми кои ги дебатиравме овде на пленарна седница оваа тема Буџетот на Република Македонија за наредната година е од исклучително значење за граѓаните на Република Македонија пред се, бидејќи граѓаните се оние кои го полнат Буџетот, односно Буџетот ги троши нивните пари. Пред се, преку Буџетот можат да се согледаат сите политики кои што Владата планира да ги спроведе во наредната година и кои што директно или индиректно можат да влијаат на стандардот и на животот на граѓаните. Што да се каже за Буџетот за 2009 година како уводно излагање.

Прво, единствена констатација на сите и од позицијата и од опозицијата е дека тоа е најголемиот Буџет досега во историјата на Република Македонија со некаде над 2,7 милијарди евра. Од каде ќе се најдат овие пари? Ако не се најдат, колку ќе опстане овој Буџет во 2009 година? Прво што ни паѓа во очи е дека Буџетот е планиран и проектиран на некој раст од 5,5% бруто домашен производ во економијата. Со причините, односно последиците од светската економска криза знаме дека тој 5,5% веќе не е

5,5%, по некои последни предвидувања е некаде околу 3,5% што значи дека скоро половина од предвиденото не ќе може да се оствари во смисол на порастот на економијата. Така што првиот сомнеж доаѓа од овде, дали ќе биде издржан во овој износ, оваа цифра на овој Буџет. Буџетот за 2009 година министерството за финансии го достави точно на 13 Ноември 2008 година, значи два дена пред определениот рок кога требаше да биде поднесен. Значи, не беше проблем времето. Меѓутоа, проблем беше светската економска криза, која веќе хараше, владееше не само во Америка, не само во Европа, туку и во Македонија и во нашата кревка економија, мала економија, сиромашна економија. Не се најде време да се пролонгира тој рок од 15 Ноември за да одредени импути при креирањето на Буџетот за 2009 година, Владата, министерствот ќе ги опфатеше и тие едноставно ќе се појавеја како реални цифри, како реални износи во овој Буџет и ќе ни дадеа некој поттик, односно некое веетување дека економската политика и политиката ќе ја води Владата за справување со светската економска криза ќе биде реална и затоа ќе ги има тие предвидувања во самиот Буџет. Не само тоа, после две, или три недели Владата излезе со предлог мерки за сузбивање на последиците од светската економска криза со некои предвидувања околу 330 милиони евра помош за реалниот сектор. Меѓутоа и тие 330 милиони евра не ги видовме овде во втората верзија, денес доставена до нас за дебата во Предлог Буџетот за 2009 година. Значи, и тие не влегоа. Овде се појавуваат сомнежите колку ќе биде издржана оваа цифра и овој Буџет. Ако го анализираме со плус, минус, т.е. приходна и расходна страна на Буџетот, прв факт е дека има пораст на приходната страна на Буџетот за 2009 година драстично, а тоа паралелно овозможува пораст и на расходната страна. И за жал, дури тој раст на расходната страна е поголем отколку на приходната страна т.е. минусот ќе кажеме е поголем од плусот што асоцира на една ноторна негативност, прва нотарна негативност за овој Буџет во 2009 година. Зошто е тоа така? Факт е дека вие како Влада, како министерство, како Управа за јавни приходи водите агресивна политика, агресивна фискална политика што доведе до висок процент на реализација на наплатата на даноците и што е за поздравување. Меѓутоа, јас би се осврнал односно би отворил дебата за проектирањето на расходната страна за која се најодговорни буџетските корисници, односно министерствата и другите институции, не директно министерството за финансии.

Го отворам главното прашање. Умее ли, има ли капацитет Владата на Република Македонија да направи една пореална слика за трошењето на овие буџетски средства , или нема? Дали има, или нема реална слика или капацитет, тоа прашање ќе се разоткрие со други додатни прашања. Од вкупно 478 милиони евра капитални расходи, само 80 милиони евра се наменети за инфраструктура и патишта, а останатите и не се многу капитални проекти, односно немаат поттикнувачко дејство врз економскиот развој, а најмалку пак отвораат нови работни места. Кога сме кај капиталните проекти, јас како пратеник од источниот регион и од изборната единица 3 како единствен опозициски застапник на 6 општини, би ве запрашал зошто во овој Буџет за 2009 година не најдовте сили, не најдовте средства да вложите во модернизација на патниот правец, магистралниот патен правец М5 од Велес до Делчево. Знаевте дека добивте 14 пратеници на последните парламентарни избори само од Изборната единица 3. Со оглед дека по овој пат гравитираат и доста граѓани од Изборната единица 4, Радовиш, Струмица, Валандово, значи некаде над 20 пратеници се директно засегнати, а некаде над 250, односно над 300 илјади граѓани со реализација на еден таков проект. Зошто вие како Владата не најдовте доблест, не најдовте сила, не најдовте средства овој патен правец да го модернизирате. И не само овој патен правец. Многу малку со такви инфраструктурни проекти сте застапени во овој дел на Република Македонија. Ако јаземеме географската карта на Македонија да ги маркираме сите проекти, кои каде се, во кои изборни единици и во кои населени места, една голема празнина или едно големо белило ќе се покаже во Источниот регион. Зошто е тоа така? Мислам дека ќе треба како Влада да најде сили, да најдете можност не само да одговорите, туку и да спроведувате одредена политика која и самите вие сте ја ветиле на тие граѓани. Зошто во предвидениот буџет сега во оваа конечна верзија не одделивте средства специјално наменети за енергетската сиромаштија. Еве ние како опција политичка во овој Парламент поднесовме Закон за сузбивање на енергетската сиромаштија. Тој беше одбиен од парламентарното мнозинство. Меѓутоа, денес, односно во изминативе месец дена сме сведоци на едни немили настани каде што се исклучува струјата на цели населби, прво на села, тоа беше во северозападниот дел на Републиката, а сега од страна на ЕВН се префрли истата пракса во градовите во југоисточна Македонија како Кочани, Струмица, Делчево, Штип, во Скопје во населбата Шуто Оризари каде што ЕВН исклучуваше цели населби населени од ромската популација, односно социјалните случаи. Значи, ова ќе биде голем граѓански проблем, не политички проблем.

Значи, требаше барем Владата да најде доблест да отстапи од приходите одреден износ одредена сума, со која би се решиле најзагрозените социјални случаеви за да им се реши статусот за плаќање на таа електрична енергија. Јас верувам дека Владата не е крива за овие немили настани и знам дека ЕВН по секоја цена и на секој можен начин ќе настојува да си ги наплати побарувањата од овие семејства од овие населени места или населби цели. Меѓутоа, Владата е одговорна со водењето на својата социјална политика кон граѓаните да најде решение да помогне и таа непотребна појава помеѓу ЕВН и социјалните фамилии да се реши. Ние ќе се надеваме дека

овој буџет нема да трае долго од многу причини, обејктивни, повеќе субејктивни и сметаме дека ќе дојде многу брзо до ребаланс на истиот. Меѓутоа, еве и во оваа прилика би апелирал до претставниците на Владата да ги имаат предвид одредени негативности кои сега не се предвидени да се решаваат со овој буџет.

Даночните приходи се зголемени за повеќе од 6% во споредба со минатата година, што е дополнителен товар на македонското стопанство од овој товар што и до сега го имаа и реално се дестимулира за било какви нови инвестициони активности.

Значи, зголемувањето на приходот од персонален данок на доход околу 14% е доказ за намерата на концептот на бруто платите кои вчера го дебатиравме на комисија, а кои се очекува дека за само 4% се зголеми вработеноста во државата, од аспект дека еве веЌе сме далбоко во рецесијата на економската криза. Тогаш мора отворено да се праша од каде се проектираат тие 14% зголемување и приход во буџетот од персоналниот данок. Тоа сигурно не е заради очекувањето дека стопанството поради рамниот данок ќе ги пријави непријавените работници после две години, вакво очекување не е реално. Меѓутоа, концептот на бруто платата овозможува поголемо зафаќање на данокот во полза на државата, а тоа е дополнителен товар во стопанствто или зафаќање на дел од нето платата на работниците од една страна сигурно тоа директно и на нивниот животен стандард ќе се одрази.

Зголемувањето на приходот во буџетот од придонесот од плати за околу 3 милиони евра или 175 милиони денари, во година кога Владата најави старт за намалување на давачките на придонесите од плата за околу 10% за 2009 година е само доказ дека за злоупотреба на концептот на бруто плата и создавање само на популистичка клима дека придонесите ќе се намалуваат секоја година, почнувајќи од оваа наредната 2009 година, а всушност буџетот покажува наместо намалување на придонесите, нивно зголемување. Ова е голема дискрепанца, несовпаѓање на Владата и таа истата таа ја испорача пред граѓаните за изборите во 2008 година, а во буџетот за 2009 година се гледа нема да постои никакво растоварување на стопанството од придонесите кои се плашаат за работниците , туку товарот за стопанствто ќе се зголеми за околу 3 милиони евра. Тоа е товар кој ќе дојде во многу неповолен момент, во момент на економска криза.

Која е причината за само во 2009 година дополнително да се задолжи државата и граѓаните за нови 195 милиони евра или 12 милијарди денари и многу генерации да ги враќаат во иднина овие огромни нови кредити. Зошто токму сега во време на скапи странски кредити и во време на економска криза да се задолжуваме со кредити. Ако одговорот е дека овие кредити се за капитални инвестиции, тогаш зошто Владата не го прави од изворните приходи на државата. Тие се многу големи, меѓутоа за купување за мебел и опрема, за субвенции на јавните препријатија како ЕЛЕМ и МЕПСО и за други нефинансиски средства се трошат само околу 11 милијарди евра. 582 милиони евра или 35,7 милијарди денари во 2009 година Владата ќе потроши за плати и плус 426 милиони евра или повеќе од 26 милијарди денари за договорни услуг. Заедно повеќе од една милијарди евра за плати и договорни услуги или повеќе од 61,7 милијарди денари. Ова е фрапатен податок, ова е преседан и недозволиво за држава како што е Македонија со кревка економија и во моменти на економска криза. Ние ќе се надеваме како граѓани, акко пратеници, како опозиција дека овие ставки на расходната страна од буџетот, вие како Влада нема да ги остварите барем со 20%. Тоа ќе биде една ваша исправка, еден ваш позитивитет во реализацијата на економските политики кои навестувате дека ќе ги работите. Меѓутоа, ако тоа не е така сето друго ќе ви биде негативно и за вас, а најмногу за граѓаните на Република Македонија. Сметаме дека ќе најдете сили да не ги оштетите граѓаните на Република Македонија на ваков начин да им го олесните нивниот животен стандард.

За крај еве ви една споредба за буџетот од 2006 и 2009 година односно доказ за тоа што всушност се променило со доаѓањето на власт на ВМРО ДПМНЕ со СДСМ.

Прво и основно прашање ќе остане отворено кога подобро се живееше. Дали во 2005 и 2006 година или сега. Кога беше стандардот повисок, кога послободно се движеа и кога послободно живееја граѓаните. За илустрација дека тогаш беше малку послободно и поубаво за живот ќе ви кажам одредени факти. Во 2006 година за договорни услуги се трошеле 303 милиони евра, а во 2009 година се предвидува да се потрошат 426 милиони евра. 123 милиони евра повеќе, ама сега има и многу реклами на Владата и тие 123 милиони евра нормално мора да ги платат граѓаните од својот џеб. Во 2006 година се потрошени за разни трансфери 70 милиони евра, а во наредната 2009 година се предвидува и се планира да се потрошат 120 милиони евра или 58 милиони евра повеќе за разни трансфери. Во 2006 година за социјалните трансфери државата потроши 563 милиони евра, а за 2009 година се предвидени 734 милиони евра или 171 милион евра повеќе. Тоа е податок кој покажува колку е влошена состојбата во државата. Податок кој точно потврдува кога подобро се жиевеело дали тогаш или сега. Во 2006 година за купување на мебел и опрема се потрошени 46,6 милиони евра, а за оваа 2009 година се предвидени 143,8 скоро 144 милиони евра. Тоа се скоро 100 милиони евра повеќе за луксуз. Во 2006 година за субвенции и за јавни претпријатија МЕПСО и ЕЛЕМ и други се потрошени 5,5 милиони евра, а во оваа 2009 година се предвидени 44 милиони евра или 38,5 милиони евра повеќе или за две и пол години осум пати повеќе средства, дотации спрема ЕЛЕМ

и МЕПСО. Зошто? Затоа што не работи РЕК Битола. Затоа што во овој буџет за 2009 година не се трансферираат односно не се предвидуваат доволно средства за инвестиции во производство на електрична енергија, почнувајќи од Белене, почнувајќи од ТЕЦ Неготино, од сончевите електрани, ветровитите електрани и сите тие по ред примери. Во 2006 година за полиција потрошени се 126 милиони евра, а во оваа година се предвидени 173 милиони евра, 47 милиони евра повеќе.

Ова е нашето видување за овој предлог буџет за 2009 година и за самиот и за споредба.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика господинот Димитровски Ратко, повелете. Димитровски кратко, па на пауза. Повелете.

**Ратко Димитровски**: Благодарам претседателе.

Во интерес на времето ќе бидам мошен краток ќе се осврнам само во еден дел по дискусијата на мојот сограѓанин и почитуваниот колега, а тоа е делот на исклучувањето на струјата која што не затече и нас во Кочани во одредени региони и кое што мислам дека неправилно се интерпретира овде односно се бара решение само на овој начин.

Мојата реплика ќе ја насочам со неколку прашања кои што почитуваниот колега треба да ги даде одговорите односно да ги даде на јавноста одговорите.

Најпрвин, кој го продаде ЕВН и дали во договорот со продажбата на ЕВН беше предвидено дека ќе имаме такви случаи и како ќе се решаваат тие случаи.

Второто прашање е кој ги организираше тие луѓе што се констатира на лице место и кој им дозволи односно кој ги поведе така да се организираат насилно спрема јавните и приватни добра во општината односно рушење на она што е јавно и приватно.

Понатаму, другото прашање дали до пред приватизацијата на ЕВН имавме случаи кога на гласачите им се ветуваше отпишување и потоа се реализираа од пишување на сметки од електрична енергија само заради тоа што ќе гласаат за кандидатите од СДСМ.

Понатаму, сакам да се каже дека кога бевме на лице место заедно се констатира дека неплаќачите а поготово главнината од неплаќачите не се социјални случаи туку тоа се имотни луѓе кои што под превезот на социјалните случаи, значи најголемиот износ го носат тие, под превезот на социјалните случаи сакаат да го ескивираат плаќањето односно да не си ја исполнуваат својата граѓанска обврска која што ја исполнуваат сите други граѓани. Бевме на лице место и тоа го констатираме заедно. Значи, дали се само социјалните случаи кои не плаќаат.

И сосема на крај ќе се сложам во едно, со неговата констатација дека и е потребно да се овој проблем реши, меѓутоа не на овој начин не сега туку постепено како што рековме дека струјата е стока и да се изнајде начин таа струја секој да си ја плаќа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Андонов Миле, повелете.

**Миле Андонов**: Благодарам.

Благодарам на репликата на колегата Димитровски.

Сега би сакал во ова една минута да одговорам на неколкуте прашања.

Значи кој ја продаде ЕВН? Не е спорно сите знаеме како и кој ја продаде и под каков договор, меѓутоа кој го спроведува договорот и кој ги прави тензиите со ЕВН, дали Владата или опозицијата од СДСМ или Владата на ВМРО ДПМНЕ, па ЕВН има ваков однос каков што има и удира во најранливата категорија на социјални семејства. Ова е дискутабилно и дека сите треба да се сложиме еднаш за секогаш треба да се најде решение за ова. Кој ги организираше граѓаните во Кочани, беше едно од најгорливите прашања. Јас би го прашал колегата Димитровски, кој ги организираше граѓаните во Шутка? Кој ги организираше граѓаните во северозападниот дел на Македонија? Дали Неждет Мустафа? Ова беше чисто граѓанска иницијатива, никој не ги организираше. Едноставно тоа букнува на сите страни во Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Прекинувам со седницата.

Пауза саат време.

Продолжуваме со работа во 15,15 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,20 часот)

**Светлана Јакимовска:** Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Славица Грковска Лошкова, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Почитувана потпретседател на Собранието, колешки и колеги пратеници, министре.

На почетокот на своето излагање би сакала да ви поставам едно прашање на кое се надевам дека ќе ми одговорите после мојата дискусија. Сакам да ве прашам дали знаете каде се наоѓа Република Македонија? Затоа што имајќи го во предвид Буџетот кој што оваа Влада на Република Македонија ни го предложи до Собранието начинот на кој што е проектиран, средствата кои се предвидени во Буџетот на Република Македонија излегува дека Република Македонија не е на оваа планета туку дека се наоѓа на некоја друга планета. Дека она што се случува во светот воопшто не ја засега Република Македонија не може да се одреди нејзиниот економски развој и дека ние се наоѓаме изолирани, или изолирани од сите или пак на некоја сосема друга планета. Така се однесува барем Владата на Република Македонија.

За жал, реалноста е сосема поинаква. Реалноста покажува дека она што се случува на економски план во светот има сериозни импликации врз Република Македонија, но Владата не покажува дека освен декларативни најави превзема нешто друго, конкретно за да ја подобри таквата ситуација и да ја ублажи реакциите од рецесијата и од економската криза која што го зафати светот.

Да бидеме реални Република Македонија треба да му заблагодари на штрајкот на вработените на образованието затоа што единствено тоа беше причина Владата на Република Македонија да признае дека рецесијата во светот има импликации врз економската состојба во Република Македонија. Се до тој момент течеше мед и млеко во Република Македонија. Не беа засегнати ниту еден процес од она што се случуваше во свеотот и покрај тоа што најголемите светски познати компании објавуваа загуби, отпуштаат работници токму заради таквата ситуација.

Автомобилската индустрија е во сериозна криза, Тојота објавува загуби, Џонсон Контрол итн, итн, да не ги набројувам, меѓутоа ние се до штрајкот на вработените во образованието живееве во идеален свет во кој што граѓаните на Република Македонија живееа во благосостојба, имаа онолку средства колку што им се потребни, Владата без никаков проблем продолжи да си ги троши буџетските средства за рекламни кампањи заради тоа што нема потреба буџетските средства да се инвестираат во нешто друго заради тоа што и онака е “брилијантна” состојбата во Република Македонија. Ваквиот несериозен однос се покажува и по последните изјави кои што беа дадени за медиумите и јас навистина очекував, потпретседателке ве молам јас би сакала да ми го сопрете времето додека не завршат со разговорот.

(Опомена од потпретседателката до некои пратеници)

Јас очекував тука да биде покрај министерот Славески и премиерот Груевски и потпретседателот Ставрески, заради тоа што имаме од тројцата најповикани за економската состојба во државата различни проекции за тоа каков ќе биде бруто домашниот производ во наредната година. И јас се прашувам во која Влада членуваат премиерот и господинот Ставрески и господинот Трајко Славески кога тројцата имаат различни проекции за порастот на бруто домашниот производ за 2009 година. И дали ќе се случи она што му се случи на господинот Спасеноски, господинот Трајко Славески заради ваквата изјава на премиерот Груевски која што не се совпаѓа со ниту една не само на домашните експерти, туку и на меѓународните експерти за порастот на бруто домашниот производ да го замоли да ја напушти просторијата или да го замоли да го напушти брифингот со новинарите заради тоа што не ја кажува вистината и заради тоа што господинот Трајко Славески е единствениот задолжен за реализација на Буџетот и за ставките во Буџетот кои што се проектирани за наредната година.

Јас се надевам дека еднаш ќе го доживееме тоа како што го доживеавме со господинот Спасеноски.

Пред извесно време на одговор на пратеничко прашање беше одговорено дека е многу тешко да се донесат инвеститори во една мала земја како што е Република Македонија, пратеничкото прашање поставено на 27 ноември 2008 година, и господинот Славески вели дека во тој контекст постојано Владата работи на реформите и на промоција на Република Македонија не само како инвестициска дестинација, туку и промоција која што е значајна за политичкиот имиџ на земјата. И потоа, вели дека за нас се охрабрувачки најавите на компаниите што планираат инвестиции во Македонија и ние навистина имаме една добра тенденција на пораст на странските инвестиции.

Па господине Славески, ако за нас се охрабрувачки најавите на компаниите, тогаш за нив сигурно не се охрабрувачки потезите кои што оваа Влада ги прави спрема странските инвестиции. Само да ве потсетам бидејќи странските инвестиции се една од основите за подобрување на економската состојба во државата за отворање на нови работни места, за намлување на невработеноста, за важноста на странските инвестиции навистина не би сакала да одземам повеќе време, како ќе го коментирате тогаш фактот дека на 22 мај 2007 година германските фирми изјавија дека Македонија за нив е атрактивна за инвестиции, за после кратко време германската електростопанска компанија ЕРВЕКО која понуди 1 милијарда долари инвестиција во Република Македонија една од најголемите инвестиции за Република Македонија и тоа во услови на светска рецесија во сите држави, без никакво образложение да се поништи тендерот за изградба на две хидроцентрали на Црна Река во Тиквешијата и со тоа да ги стави во незгодна ситуација да не знаат што да прават и бидете сигурни дека после ова ниту една германска компанија нема да сака да инвестира во Република Македонија.

Е ова покажува дека Владата не е заинтересирана за подобрување на економската состојба, не е работи 24 часа седум дена во неделата, како што не убедува во кампањите за прибирање на странски инвестиции за Република Македонија, туку напротив, единствено работи за интерес на мала група на луѓе кои што од Буџетот на Република Македонија сакаат да остварат лична корист меѓу другото и преку рекламни кампањи меѓудругото и преку поништување на тендери без никакво образложение од ним познати причини, најверојатно заради тоа што нивните лични амбиции или на некои нивни блиски не се исполнети. Вака на ваков начин, ние нема да се доведеме во ситуација да ги зголемиме бројот на странски директни инвестиции она што постојано го слушаме и за што постојано се трошат парите од Буџетот на

Република Македонија за туристички визити на премиерот и на тимот за прибирање на инвестиции во Република Македонија заради тоа што ова е сигнал дека на Република Македонија не и се потребни странски инвестиции. Со ваквиот однос Република Македонија на странските инвеститори им вика: не доаѓајте и немојте да конкурирате на нашите тендери. Ова е еден од последните примери, да ве потсетам дека пропадна проектот Сончев Град исто од необјасниви причини заради тоа што се појавиле недоразбирања кои што Владата воопшто не се потрудила да ги отклони или воопшто не се потрудила да ги реализира обврските за оваа странска инвестиција да се реализира во Република Македонија. Меѓутоа, затоа на плоштадот може да се гради сосема поинаков е третманот на оние кои што се во спрега со власта кои што остваруваат лична корист меѓудругото средствата од Буџетот на Република Македонија. И затоа немојте да се прашувате зошто странскиот капитал ја одминува Република Македонија. Затоа што вие ги бркате и оние кои што сакаат да дојдат. И оние кои што сакаат во вакви услови наместо средства кои што ги имаат во компаниите да ги инвестираат во нивните матични држави и на тој начин да помогнат во економската состојба во вакви услови во нивните матични држави сакаат да инвестираат во Република Македонија и тоа со една од најголемите инвестиции како што е германската која ја споменав пред малку, вие ги бркате.

Меѓутоа тоа не ви смета да продолжите со популистичката кампања која што ја промовирате уште од 2006 година наваму. Вас не ви смета тоа што во вакви услови пред локалните избори вие дадовте Предлог закон кој што парламентарното мнозинство го изгласа, а со кој што предлагате месечниот надомест за присуство на седници на Советот на град Скопје наместо 70% да се зголеми на 84%. Ова ли е ненаменско трошење на буџетските средства? Ова ли е намалување на сите непотребни трошоци во услови на економска криза на Република Македонија? Како беше можно да не може да има средства за платите на вработените во образованието, а да има за паушалите во Советот на град Скопје.

Нели е срамота тоа што направивте цела парада со штрајкувачите во образованието со патетични изјави од типот и душата да ни ја земете не можеме тоа да го направиме, а од друга страна на ваков начин од вам само познати причини да оставате можност за зголемување на паушалите на советниците на град Скопје. Ова е навистина срамота.

Уште едно прашање почитуван министре.

Една од најпознатите формулации по која ќе останете запаметен засекогаш како министер за финансии во Република Македонија, се надевам дека нема да се гордеете со неа, се одговорите на сите пратенички прашања што се однесуваат на рекламните кампањи. За сите средства од Буџетот кои се двојат и со кои се финансираат рекламните кампањи во Република Македонија вие велите дека Министерство за финансии не било надлежно. Ве прашувам, како тогаш, ги читав извештаите на сите комисии кои расправале за Буџетот, меѓудругото бев и сведок на Комисијата за финансирање и буџет како тогаш бевте надлежен за сите останати прашања и за земјоделието и за образованието и за труд и социјална политика кога ги одбивавте амандманите заради тоа што овие 0,006% амандмани што ги имате прифатено на Буџетот на Република Македонија се исклучиво амандмани од пратениците од власта, како бевте надлежен и компетентен за тоа само не сте надлежен да одговорите од која ставка во Буџетот се реализираат кампањите што ги прави Владата.

Е па, еве ве прашувам, ако вие не сте надлежен, тогаш кој е надлежен за реализација на кампањите? Бидејќи вие сте надлежен за реализација на Буџетот, ве молам да ми одговорите заради тоа што тоа мора да го знаете, во кои ставки се точно предвидени средствата за кампањите што ги прави Владата и колку се тие средства, заради тоа што вие го избркавте министерот Спасеноски за земјоделие само заради тоа што рековте дека вие сте тој што е компетентен и одговорен да го брани Буџетот и да одговара на прашањата на пратениците. Е па, затоа ве повикувам да одговорите на ова прашање.

Значи, сведоци сме дека 24 часа седум дена во неделата Владата го користи Буџетот на Република Македонија односно парите на граѓаните за своја реклама во предизборни активности, пред локалните избори и воопшто за решавање на секојдневните проблеми на граѓаните.

Доколку не беше така, вие ќе прифатевте барем еден дел од амандманите на опозицијата со кои барем ќе почнеа некои прашања кои ги засегаат граѓаните, да се решаваат. Таква беше ставката за Законот за енергетска сиромаштија, за покривање на трошоците на социјално најзагрозените семејства, такви беа средства за покривање на потребите на Законот за бранителите и милион други секојдневни прашања кои ги засегаат граѓаните на Република Македонија.

Не можам, а да не го изразам своето длабоко разочарување што не најдовте сила да ги прифатите и двата амандмани кои на барање на иницијативниот одбор на месните заедници Автокоманда, Триангла, Маџари 1, Хиподром, Трубарево, Гоце Делчев, Јурумлери, Колонија Идризово, Петровец, Р„жаничино и Катланово да се направи проектна документација за изградба на пешачка и велосипетска патека и да се направи реконструкција на јавните патишта Благоја Стефковски 503, затоа што секојдневно, секоја минута додека разговараме тука, паѓаат жртви заради непостоењето на ваква инфраструктура. Најчесто тоа се деца кои одат на училиште, меѓутоа, тоа вас не ве засегаше, ниту

вас, ниту госпоѓата Дулиќ која не ни знаеше каде се наоѓа тој патен правец и покрај тоа што е избрана од општината Гази Баба.

На крајот еден дел за образованието.

Многу трагикомична ситуација заради тоа што еден од главните аргументи за тоа каков би требало да биде нашиот став спрема Буџетот за образованието беше дека Буџетот за образование е многу зголемен. Меѓутоа, јас сакам уште еднаш да го потенцирам своето мислење дека не е прашањето само да се зголеми Буџетот за образование, јас се согласувам со тоа Буџетот за образование да биде зголемуван секоја наредна фискална година. Меѓутоа, прашањето е каде се лоцирани средствата и на кој начин се трошат. Ако вие го зголемувате Буџетот за образование, а министерот за образование 230 илјади евра користи од Буџетот за да исплати хонорари за себе и за неколку вработени во Министерството, фајде од зголемувањето на Буџетот во образование нема никој освен таа мала група на луѓе околу министерот.

Тогаш немојте да очекувате дека можеме да подржиме таква проекција почнувајќи од министерот за образование до последниот ученик во основно училиште има тврдење дека проектот “компјутер за секое дете” пропаднал и не е реализиран, барањето за дополнителни набавки на компјутери од овој буџет не може да се карактеризира како ништо поинаку освен дека вие на некого сте му ветиле дека и оваа фискална година може да сметаат од буџетските средства да оствари лична добит. Ако сите тврдат, пак ќе речам, почнувајќи од министерот за образование од ученик во основно училиште дека нема услови во училиштата за користење на компјутерите, тогаш јас навистина не ја разбирам таквата упорност на Владата на Република Македонија по секоја цена да набави нови компјутери кои повторно нема каде да ги стави заради непостоечка инфраструктура освен само како можност за стекнување на некаква лична корист. Наместо тие средства да ги употребите оваа година за затворање на проблемите со инфраструктурата во училиштата за поправка на крововите, подовите, на греењето во училиштата, имаме училишта кои сеуште се греат на дрва, на создавање на услови за мрежно поврзување на компјутерите за набавка на софтвери за обука на наставниците за користење на софтверите за време на час, вие по секоја цена огромни средства од Буџетот сакате да потрошите повторно за набавка на компјутери кои повторно ќе им стојат на децата на клупите и нема да им овозможат да ја следат наставата онака како што треба.

Корист од само постоење на компјутерите во училницата само колку да се каже дека еве има компјутери за секое дете, реализиран е проектот, никој нема да има, затоа што ако компјутерите не се стават во функција на образованието и не се направат средство за полесно учениците да ја следат наставата и да ги апсолвираат знаењата, тогаш ние немаме никаков ќар од набавката на такви компјутери.

Пред извесно време разговарав со една од амбасадорките, вели дека во нивната држава воопшто нема компјутер за секое дете, туку само лаборатирии заради тоа што процениле дека е невозможно исто времено и да ја следат наставата и да го користат компјутерот.

Македонија ја избра другата алтернатива, да има компјутер пред секое дете. Меѓутоа, Македонија требаше да ги создаде сите предуслови пред да почне со реализација на таков проект. Да заклучам. Во услови на рецесија светска ние се однесуваме како во Република Македонија ништо да не се случува. Владата сеуште продолжува преку кампањи да создава еден виртуелен свет надевајќи се дека граѓаните на Република Македонија нема да го забележат тоа во догледно тоа. Меѓутоа граѓаните на Република Македонија секојдневно го чувствуваат тоа. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателке,

Јас сакам да реплицирам на претходниот дискутант, од причина што се изнесени многу невиситни и лаги, но ќе се задржам на она што е и секторот образование, од каде што доаѓаме и јас и таа и ќе направам само една мала паралела во она што се нарекува буџети на Република Македонија од кога е на власт ВМРО-ДПМНЕ и последниот Буџет кога беше Социјал демократскиот сојуз.

Не треба да бидеме со кратко помнење за да кажеме дека во 2006 година Буџетот или издвојувањето од бруто домашниот производ за образованието беше 2,7. Тоа беше моќта на Владата на Социјал демократскиот сојуз, тоа беа реформите кои што сакаше Социјал демократскиот сојуз да ги спроведе со 2,7, издвојување од бруто домашниот производ. Тоа беше Програмата на Социјал демократскиот сојуз - знаењето е сила, знаењето е моќ. Значи воопшто не вложуваа во оразованието.

Денеска со овој Буџет се предвидува ставката од издвојувањето на бруто домашниот производ да биде 6%, што можам слободно да кажам дека е повеќе од 100% зголемување во инвестициите во образованието.

Би напоменал дека во 2006 година со доаѓањето на ВМРО-ДПМНЕ и во сферата на образованието, поточно во инфраструктурата се затекна хаос. Училиштата до ден денеска не можат да бидат целосно оспособени за да сите деца, без разлика дали се наоѓаат во руралните средини или се наоѓаат во градските средини, имаат еднакви можности за следење на наставата. ВМРО-ДПМНЕ вложува инвестиции, вложува напори, издвојува 6% од бруто домашниот производ точно за просветата, поточно за образованието. Но ќе напоменам дека тука и во сферата со

донесувањето на Законот за децентализација, не секогаш треба да се бара само помош од државата. Значи, тука треба да излезат во пресрет и градоначалниците кои што треба да вложуваат во тековното одржување и инвестирање во сферата на образованието. Оваа Влада овозможува компјутер за секое дете и тоа е релизирано. За жал, Социјал демократскиот сојуз кој што ги немаше тие визии за подобрувањето во сферата на информатичката технологија, денеска ВМРО-ДПМНЕ ги реализира и затоа сметам дека не можат да го поднесат тој порас. Но, образованието поточно учениците и она што се просветните работници го кажуваат своето дека тоа е единствената власт којаја има дадено максимално за образованието, како што е подобрувањето во сферата на просветните работници така и во инвестирањето во инфра структурата, така и во она што се надгледни средства во образованието.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам .

Контра реплика за госпоѓа Славица Грковска Лошкова, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Господине Грозданов изгледа треба и на вас да ви го псотавам истото прашање што му го поставив на министерот Славески, дали знаете каде е Република Македонија, заради тоа што, според тоа што вие го зборувате се однесувате исто како и Владата, како Република Македонија да е на друга планета икако да не е дел од овој секојдневен кошмар на граѓаните на Република Македонија, како граѓаните на Република Македонија да не читаат дека министерот Перо Стојаноски изјави дека не е реализиран проектот компјутер за секое дете. Тоа што вие го знаете, ако сакате јавно да го признаете е дека компјутер за секое дете СДСМ никогаш не рекол дека е лоша иницијатива, меѓутоа рекол дека не постојат предуслови во овој момент таква иницијатива да се реализира и тоа минситерот го потврди. Затоа велиме Буџетот треба да биде прашање на приоритети. Ако приоритет во овој момент е решавање на инфраструктурата во училиштата и создавање предуслови за инсталирање на компјутери, тогаш на тоа треба да се насочи, а не на лична добивка на некои компании.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам

За реплика е пријавен Савевски Саве, повелете.

**Саве Савевски:** Благодарам.

Изгледа госпоѓата Лошкова смета дека проблеми во Гази Баба има од инфраструктура само кога таа е во опозиција, заборава дека беше пратеник 4 години на власт. Овие проблеми беа и од тогаш, не само тој проблем туку има и уште покрупни проблеми што чинат милиони евра, но таа воопшто не ги спомнува, а кога имаше своја Влада воопшто не се ни обиде да реши еден од овие проблеми, а сега се обидува со амандмани да реши некои од проблемите на граѓаните. Значи таа имаше прилика да им се удвара на граѓаните со конкретни проекти односно со конкретни предлози. Вака сега кога е во опозиција таа може да им се удвара на граѓаните колку сака. Мене ми повеќе изгледа дека таа е дојдена од друга планета, а не да кажува дека нашата држава се наоѓа на друга планета. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика за госпоѓа Славица Грковска Лошкова, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Почитуван колега, ако вие сметате дека јас сум направила грешка,не ја правете вие таа грешка. Убедете ја Владата да ги поддржи тие амандмани или да го направи она што го бараат граѓаните на Република Македонија од неа во вооj дел, во Гази Баба.

Само да ве потсетам, 18 години во Гази Баба владее ВМРО-ДПМНЕ и тоа вие добро го знаете. Значи ВМРО-ДПМНЕ е единствениот одговорен за состојбите во општина Гази Баба и немојте да бегате од таа одговорнсот. Прифатете ги сите неуспеси ваши, на вашата политичка партија, кои ја доведоа општината Гази Баба во ваква катастрофална ситуација како што е. Меѓутоа, се надевам дека на локалните избори граѓаните на Република Македонија од општина Гази Баба ќе размислат дали заслужувате повторно да ви ја дадад довербата заради тоа што ако претходно имавте изговори, сега немате изговор, бидејќи во ВМРО-ДПМНЕ одговорноста ја има централната власт и можете многу лесно да ги решите проблемите. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор господинот Јован Манасијевски, повелте.

**Јован Манасијевски:** Благодарам почитувана госпоѓо потпретседателе, почитуван министер, почитувани коелги,

Јас и во една реплика на господинот Андов, на почетокот од оваа дебата укажав дека самиот процес на доенсување на Буџетот, иако е за нијанса подобрен, сеуште е со големи фалинки, иако доста долго околу десетина работни дена дебатиравме низ разни форуми за Буџетот, сепак мојот генерален впечаток е како да водиме дијалог на глуви затоа што денес на дневен ред имаме Предлог буџет како воопшто да не постои економската криза, буџет кој целосно ја игнорира големата криза што ја зафати Македонија и што особено и се заканува во текот на наредната година.

Моето прашање е дали ваквото игнорирање е начин на соочување со кризата. Психолозите би рекле да и тоа е начин. Понекогаш некои луѓе, некои институции сметаат дека ќе побегнат од проблемтие ако ги игнорираат, ако не се соочат со нив. Меѓутоа, соочувањето е страшно. До денес имаме близу 8 илајди отпуштени работници или работници на принуден одмор само во последните два месеци, а сите проследувачи на кризата говорат дека најголемиот удар ќе го доживееме кон крајот на првиот и вториот квартал

на 2009 година. Мене ме чуди како овие 8 илајди отпуштени работници или работници на принуден одмор само во последните 60 дена не ја мотивираат Владата да излезе макар и со минимални прилагодувања на Буџетот.

Го слушав минситерот Славески внимателно. Патем речено, морам да направам дигресија.

Госпоѓа потпретседател срамота е и недозволено е експозе на министерот за финансии, на Буџет е лимитирано само на 15 минути. Тоа е голема грешка на Деловникот. Нема позначајно експозе во Парламентот псвен експозето на премиерот кога се гласа за доверба на Влада или за бирање на Влада, од експозето на министерот за финансии, за Буџетот. Тоа никако не смее да биде ограничено на 15 минути. Така што во рамките на промените на Деловникот мора и ова прашање да се адресира. Инаку навистина е смешно образложението за таков акт да биде толку кусо. Тоа би морало минимум да трае 30 минути, а веројатно добро би било да трае и 60 минути затоа што се работи за најбитното излагање во овој Парламент во текот на една година. Се надевам дека таа голема фалинка во Деловникот ќе биде поправена затоа што вака на некој начин, да викажам и жал ми е да го критикувам минситерот затоа што немаше доволно време да се произнесе. Меѓутоа, факт е дека не може да се прифати и дека ја сметам за краен аутизам изјавата или само пофалбата на министерот дека само две ситни работи се променети во дополнетиот предлог на буџет. Токму тоа беше намерата и е суштината на расправата господине министер, низ долгата дебата штоја имавме во Собранието низ бројните сугестии и интервенции на стопанските комори и на експертите, вие да направите значајни промени водополнетиот предлог на буџет во однос на првиот Буџет. Бидејки тоа не го правите, што имаме денес ние. Ние денес се изјаснуваме за предлог на буџет чиј главни параметри, чии силинзи се направени во месец август, кога никој во светот не претпоставуваше дека ќе имаме криза со таков силен удар. Оттаму нашиот Буџет што денес го имаме е целосно пасе, целосно неприлагоден на оваа ситуација. Наместо господине министре и вие и Владата да ја искористите таа шанса,од моментот кога го дадовте буџетот во процедура, бидејки настанаа сериозни промени и во македонската економија да внесете сериозни промени, вие тука уште се фалите дека ништоне сте промениле освен две ситници кај МАНУ и не знам уште на едно место. За жал, воопшто не сте ја примиле пораката,не само од дискусиите во Парламентот туку и од она што беше консензус постигнат меѓу сите клучни аналитичари и актери во економијата.

Она што исто така е јасно на сите пратеници, вклучително и на заменик премиерот Ставрески кој имаше многу јасна изјава пред два дена дека ние денес не носиме буџет туку денес носиме матрица за привремено финансирање на државата затоа што јасно е дека овој Буџет многу бргу, уште кон крајот на првиот квартал ќе биде ребалансиран. Тогаш од каде тоа инаетчиство, тоа инсистирање дека не го менуваме Буџетот.

Како што кажав од овој Буџет веќе се дистанцира и вице премиерот. Човекот има поважна работа,почна да работи на својата претседателска кампања и господине Славески, за жал, вас ве оставија сам да го браните Буџетот. Јас го ценам вашето витештво да ја прифатите таа нерамноправна битка, меѓутоа на крај господине минситер вие ќе го изедете ќотекот. Вие го изедовте ќотекот и за фискалните патриотски каси и ако знам дека тоа не беше ваша идеа. Тоа е идеа на премиерот, меѓутоа вие го браневте законот тука, вас ве пуштаа да се излетувате со изјави и сга господине министре заработивте заслужено интерпелација за која постојат големи шанси да успее. Значи, господине министре исто како што ве наместија за фискалните каси да го изедете ќотекот, така ќе ви се случи и со Буџетот. Ставрески се дистанцира нежно уште сега, уште пожестоко кога ќе почне претседателската кампања ќе се дистанцир аод овој Буџет, премиерот кај и да е овие денови ќе се јави исто така со дистанцирање затоа што ако за нешто го бива тоа е за ескивирање од проблемите. Имавме низа докази дека тој е мајстор на Влада кога се носат некои одлуки да излезе на пауза и додека беше минситер за финансии, а и сега додека е премиер. Сведоци сме дека низа контраверзни одлуки, според неговото мислење, се доенсени без негово присуство.

Се разбира од принципиелни причини, господине Славески во таа ситуација ќе ве б ранам и јас и мојата партија и мојата праеничка група, меѓутоа мислам дека тоа ќе биде, за жал, доцна.

Ја спомнав фискалната стратегија. Скандалозно е што ни ја давате после Буџетот, меѓутоа како и да е ја добивме. Ќе цитирам кои се стратешките приоритети во фискалната стратегија и да се обидеме да ги најдеме заенички во Буџетот. Прво, зголемвуање на економската активност, второ зголемување на конкурентноста, трето, зголемвуање на вработеносста и четврто пораст на животниот стандард, во делот на економијата. По сите овие параметри Буџетот апсолутно не само што не нуди решенија туку и компорирани низ рамката на фискалната стратегија гледаме дека за жал ниту еден од овие стратешки приоритети нема да се оствари.

На 3 ноември излеговте со официјален документ каде велите растот ќе биде 6%. На 14 ноември излеговте со официјален документ во кој го намалувате на 5,5%. Завчера заменик претседателот Ставрески излезе со прецизна изјава дека очекува растот да биде меѓу 4 и 5%. Значи на секои две до три недели растот оди надолу. Тоа значи дека од овој стратешки приоритет, за жал, нема да остане многу.

Околу конкурентноста, веројатно јас сум пратеник кој најмногу зборува за тој проблем во овој Парламент. Најдобра елустрација пружа

последниот извештај на Светскиот економски форум каде во однсо на 2006 година иамме пад од дури пет места.

Велите порат на стапки на вработенсот. Каков пораст министре кога 8 илјади луѓе се отпуштени во последните два месеци. Ако бранот биде така тежок, значи 50 до 80% намалување на производството во металната индустрија, 20 до 30% во текстиланта индустрија. Тоанамалување на нарачки на производство ќе го следи приближно намалување на толкав број на работни лица. Ние ќе имаме голем проблем да го задржиме ова ниво на вработеност што го имаме сега, а не да говориме за пораст на вработеноста.

Животниот стандард. Зголемвуањата на платите, за жал, ги изеде инфлацијата, авака како што сме тргнале со оваа темпирана бомба на трговските дефицит и следствено дефицитот на тековната сметка, забрзано ги топиме девизните резерви, ви ја оставивме Валдата во 2006 година со девизни резерви кои покриват петипол месечен увоз. Сега имате нешто одвај над три месеци. Лимитот, вие добро знаете, подобро од мене дека е три месеци. Ако продолжиме вака многу брзо, сигурно во првата половина на оваа година нашите девизни резерви ќе паднат под минималниот лимикт за покривање на тримесечен увоз и тогаш ќе мавне девалвацијата, а таа најмногу ќе мавне на животниот стандард и тогаш ќе се чудиме што не снашло. Никој не посакува да дојде до девалвација. Ги почитувам и ги поддржувам вашите изјави дека девизниот курс ќе се брани со сите инструменти, меѓутоа одбраната има граници. Ако девизните резерви ви се намалат под тримесечен увоз тогаш таа линија на одбрана комплетно паѓаи ќе мора да се преземе тоа решение кое е најнепопуларно и тоа решение кое тотално ќе ги изеде и платите и пензиите и ќе не внесе во една многу драматична ситуација.

Дозвлете ми на кратко да кажам неколку зборови за приходната страна. Во фискалната стратегија го констатирате тажниот факт на македонската економија денес. 41% од бруто домашниот производ се троши преку буџетот. Тоа се страотни бројки.Значи, од 1000 денари од 100- денари што ги прибираме од стопанството и од граѓаните по сите основи 40 денари дури троши Владата. Значи безмалку, готово е, го монополизирате целото трошење , и затоа сте осилени и применувате низа недемократски мерки. Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

начи тоа е елементарниот страотен фактор од што треба да тргне оваа анализа, меѓутоа ни кризата не го менува вашето однесување. Сега предвидувате да се соберат дополнителни 8 милијарди денари од граѓаните и од фирмите. Значи,даночното оптоварување ќе порасне за цели 130 нови милиони евра во оваа тешка година. Значи сите се согласуваме дека ќе имаме извонредно тешка година и за стопанството и за граѓаните и вие дополнителен намет планирате од 130 милиони евра. Не можам да ја сватам таа логика ,навистина. И тоа ако одиме по структура персоналниот данок планирате да го зголемите за цели 14% во година кога не очекуваат страшни отпуштања врз основа на извештаите, металната, текстилната, транспортната индустрија, кожарско-чевласката индустрија.

Од каде ќе го вадите овој персонален данок кога него, познато е, го плаќаат вработените. 14% зголемување во услови кога ќе има отпуштања. Што говори ова? Говори дека уште посилно ќе удрат даночниците на оние кои што и досега го плаќаа данокот. Значи ќе имаме поголемо оптоварување. Не се шири базата на луѓе кои ќе бидат оданочени, него напротив тие што плаќаат ќе бидат дополнително обременети.

Данокот на добивка исто така планирате да расте цели 14%.во година кога се очекува силна криза. И сега, господине министре моето прашање, имавме пред десетина дена дебата кога вие ме обвинивте дека говорам лаги. Стопанската комора денес излезе со оглас во сите весници каде што ве обвинува, директно, дека приказната за ослободувањето на данокот на реинвестирана добивка е само приказна и лага.

И еве што велат почитуваните колеги од стопанската комора. Велат, Владата само декларира 0 данок за реинвестирана добивка. Всушност, цитирам: “декларираното даночно ослободување на реинвестираната добивка преставува само трансформација на плаќањето на данокот на добивка на рати” значи, своевиден даночен кредит за периодот за кој што се амортизираат средствата за кој што е искористено ослободувањето.Значи, лага до лага господине министре.

Данокот, ДДВ-то планирате да расте со 10%. Сите овие параметри говорат дека за жал ни престои тешка година. Има некои колеги што тука изразија сомнеж дали ќе се оствари приходот. И јас можеби во почетокот имав таков сомнеж, меѓутоа денес веќе го немам . Ова што сте го зацртале ќе го остварите.Ќе исцедите се и од стопанството и од граѓаните.Ќе ги испратите даночните обврзници, се што е планирано ќе исполните на приходната страна.

Така да, почитувани граѓани на Република Македонија, после Новогодишните и Божиќните празници нема да знаете да се соочите и кај да избегате од двете големи зла. Едното, овие даночни обврзници , друго извршителите ,чии што број го зголеми министерот за правда за 40% и кои чекаат настрвени да ги донесеме измените на данокот на Законот за извршување.

Значи во годината на најголемата економска криза македонскиот граѓанин осиромашен, исплашен, тероризиран ќе биде соочен со овие две зла, и што е најлошо двете доаѓаат истовремено. Едно на предната, друго на задната врата на домовите.

Расходната страна, уште покатастрофална. Тажниот факт, повторно од фискалната стратегија. 2008 година 42,2% од БДП преставува

расходната страна. Страотна бројка. 2009 е планирано да расте за цели12 милијарди, значи 200 милиони евра ќе троши повеќе оваа незаситна Влада.

Каде ќе ги троши? Серија непродуктивни трошоци, бесмислени трошоци јас би рекол, па јас господине министре не знам, просто не е пристојно во оваа година на економска криза вие да планирате толкави расходи по основ на реклами. Елементарната пристојност налага да ги симнете рекламите. Вие, напротив, секаде каде што може, засилувате со реклами. И навистина, ви се восхитувам на храброста, ли лудоста, што ли е како граѓанинот наш, македонски, кого ќе го опељешат прво даночните обврзници, па извршителите, како ќе се однесува кога ќе ги гледа вашите бессмислени реклами на својот ТВ приемник.

И, кажаа колегите опозиционери, вие, за жал, во континуитет одбивате да донесете еден суштински закон за енергетска сиромаштија. Како резултат на тоа што го немаме овој закон, цели квартови, цели групи на луѓе, за жал, може да ни дигаат востанија, како што тоа ни се случува сега, затоа што сега ќе бидат притиснати од извршителите. Ќе немаат друго решение. И вие, половината од сумата што е потребна на сите социјални случаи да им се алиментираат трошоците за струја ги давате за споменици во Општина Центар. Па, луѓе мои, каде ни е умот? 20 милиони евра чини да се покријат трошоците за струја на овие шеесетина илјади семејства, вие 9 милиони евра на Аларова за споменици. Па срамота е луѓе. Нема друг збор. Срамота е.

И, во сета таа криза, омилените цицалчиња од буџетот продолжуваат да цицаат. МЕПСО добива огромни субвенции за махинациите што ги прави со струјата и Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор. Тој човек, директорот таму го утепавте од давање пари. Сега му давате пари да гради СПА-центар, базени и не знам што се да гради на Источната и западната трибина. И плус, му давате пари да гради и трет кат на Трговскиот центар. Значи, со државни пари, при толку трговски центри, ние ќе градиме дополнителен трет кат на Трговскиот центар.

И, што вели нашиот народ, ем шуто, ем боде. Барем да можете да ја трошите расходната страна. Заклучно со 1 декември, капиталните расходи сте ги потрошиле со само 49%. Целиот суфицид од 7 милијарди, што го имате сега во буџетот, се должи на неспособноста да ги реализирате овие трошоци. Но за жал, никој не понел за тоа одговорност до сега господине министре. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:**Благодарам и јас.

За збор е пријавен господинот Петковски Тито, повелете.

**Тито Петковски:** Госпоѓо потпретседател, господине министер, почитувани колеги пратеници.

Изгледа сеуште сме во почетната фаза на развојот на парламентарна демократија. Очигледно ние не може да разговараме и неможеме да се договориме.

Ова е прашање, Буџетот, што мислам дека ќе треба да го подигне малку чувството на одговорност на сите нас во државава. Особено на пратениците кои, како што гледате, не сме ни мотивирани да се ислушаме, а камоли да разговараме и да се договориме.

Навистина би сакал отворено да поразговараме што се случува денеска и што ќе и се случи на Македонија во текот на идната година. Мислам дека основната порака, кога расправаме за буџетот треба да биде - на граѓаните да им се каже вистината, во каква економска, финансиска, социјална, вкупна положба, општествена ќе се најде Република Македонија во текот на идната година.

Зошто? Од едноставна причина што ако ова на глобален план е најголемата криза после 30-тете години од минатиот век и ако кај нас домашните аналитичари, како оние од позиција, опозиција или неутралните говорат дека идната година ќе биде најтешка година од нашето осамостојување до денеска, мислам дека ние се однесуваме како да е се нормално, како да очекуваме уште подобро, дека работите сами ќе си легнат, дека ние не треба да се моиблизираме. Тук и таму ќе провејуваат некои отценки дека тоа навистина ќе се случи. Тогаш ќе видиме што ќе правиме?

Дали можеме да се договориме, да се усогласиме дека Македонија влегува, во текот на идната година, во една од најголемите кризни години? Ако се усогласиме околу тоа, треба навистина така да се однесуваме. Треба да направиме проценка со колку пари располагаме како држава. Каков буџет можеме да имаме во текот на идната година и кои приоритети да ги издвоиме и тие да ги финансираме.

Од тие причини, ние како НСДП, сакајќи да демонстрираме принципиелен пристап кога дебатираме за Буџетот, во текот на вчерашниот ден доставивме Предлог до Владата, најдобронамерно, да се формира еден тим на експерти, поранешни министри за финансии, универзитетски професори, докажани стопанственици, да се ангажираат социјалните партнери, Комората, Синдикатот, да се направи една објективна проценка на состојбата. Да се прават што би се рекло, дневни анализи и да се нудат мерки.

Значи, не е во прашање власта. Во прашање е Република Македонија . Ние мораме, со мерките што ги презема, особено со Буџетот за што сега расправаме, идната година да ја дочекаме подготвени, максимално. Тогаш да ги утврдиме приоритетите.

А, што треба да ни бидат приоритети? Бидејќи моите колеги, навистина и сите пред мене говореа многу компетентно за Буџетот, за позициите , јас мислам дека приоритети на

Република Македонија во текот на идната година треба да биде да ја сочуваме стабилноста во државата, да го сочуваме населението и да ги обезбедиме вредностите што се потребни за ова општество. А тоа значи, на прво место да се обезбеди егзистенцијата на човекот. Станувањето, струјата, водата,здравство, образование, детска заштита, се она што е комунална јавна потреба за граѓаните.

Тоа, бидете сигурни, приватните стопанственици или работодавачи нема да го обезбедат. Тој нема интерес тоа да го направи. Тоа мора да го направи државата. А, ќе го обезбеди ако ги има како партнери Комората и Синдикатот. Начинот на кој што досега во Македонија функционира трипартитството, апсолутно не ни дава за право да размислувам дека ние догодина ќе се однесуваме малку покоректно, поинаку.

Владата не сака да разговара со Синдикатот. Со Комората може, ама со Синдикатот не. Јас сакам да го изнесам своето стравување и нашето, во НСДП, а тоа значи дека ако Владата мисли на ист начин да ја менаџира кризата и социјалната криза наредната година како што го менаџираше штрајкот на просветните работници, мислам дека ќе западнеме уште во поголема криза. Дури тогаш, како што би рекол нашиот народ, обравме зелен бостан. Заради тоа што Владата демонстрираше неспособност заради крупните прашања за кои што е заинтересиран обичниот човек да најде решение, да најде консензус. И, ќе се вршат притисоци и.т.н.

Меѓутоа, тоа нема да ни помогне. Господине министер, јас мислам дека вие тоа подобро го знаете од сите нас, како професор од Универзитетот , како човек задолжен, чувар на државната каса, да води домаќинска сметка како ќе функционира државата, за секој денар и.т.н.

Имам чувство, не знам дали го делите, дека во Македонија свесно не се издигнува на такво ниво нашата дискусија, дебата по Буџетот и потребите на државата за идна година, од едноставна причина што се на прагот локалните избори и претстојните претседателски. После тоа се ќе биде поинаку. После тоа , некој рече пред мене, а рекоа дека ќе има и ребаланс на Буџетот, ќе има и вонредна ситуација, бидејќи во вонредни услови мора да има и вонредни мерки. Тогаш и тие мерки ќе бидат сосема нормални. Јас не сум во Република Македонија да создаваме вонредна состојба. Да создаваме психолошки притисок. Ама, сум за тоа да бидеме одговорни дека во Република Македонија ќе ни се случи нешто што сега го потценуваме или знаеме, но не сакаме да го кажеме. Дека ни доаѓа тешка година, кризна година, дека може да ни се случи млади луѓе, гледате како е расположението, масовно сакаат да одат од Македонија ако се либерализира визниот режим. Најголемиот процент од луѓето, 82% од младите се произнесоа дека би заминале надвор од Македонија. Треба да гледаат шанса.

Значи мораме тие два приоритети да ги сочуваме. И парите од Буџетот, заправо така и да ги распоредуваме. Да се откажеме од некои трошоци или средства што се крајно ненаменски во услови на криза.

Не можам да прифатам теза што изнесе еден министер дека, бидејќи ЕВН сакаше да си ја наплати струјата во Струмица, дека тоа било фашизоидно однесување на ЕВН.

Реториката ќе биде уште пожестока, бидејќи нема да биде само струјата во прашање. Луѓето не ќе можат да ги плаќаат елементарните потреби и работи. Задолжени се. Многу луѓе, многу работници кои се сега отпуштени како технолошки вишок или на одмор и.т.н. принуден, имаат 1-2-3-4 кредити, како ќе ги враќаат? Нема шанси да ги врати. Тие уште повеќе ќе ја усложнат и онака сложената социјална и економска положба.

Е, ако во таква ситуација сакаме да бидеме одговорни, а Владата мора да биде одговорна, пред граѓаните, па и ние како пратеници пред граѓаните, да ги предвидуваме сите можни закани по дестабилизација на државата. Ако сакате на економски или социјален план.

Јас ве уверувам, ништо не провоцирам, ниту имам намера да стимулирам. Македонија , до година, ќе биде соочена со сериозни социјални немири. Затоа што таква ни е е објективно ситуацијата. Погледнете каква ни е структурата на луѓе. Тоа го занемарувате.

Најголемиот приход, државата по разни основи остварува од фирмите што извезуваат. Е сега, видете што извезува Македонија. Извезува нафтени деривати, извезува челик, обоена металургија, текстил, а сето друго увезува. Увезува сурова нафта, автомобили, се за потребите на индустријата. Многу поголем дел од општественото богатство, од бруто националниот доход во Македонија се создава со трговијата. Таа идната година ќе биде сериозно доведена во прашање.

Според тоа, ако се очекува дека Македонија, а објективно е така, ќе биде доведена во ситуација масовно луѓето да бидат отстранети од работното место. Да се доведат во прашање и приходите по основ на гориво. Еве бензинот, значаен дел од приходите на Буџетот се засметуваат од потрошувачката на дериватите. Ако почне да паѓа, како што паѓа сега цената на дериватите, значаен дел ќе се намали, објективно. Ќе нема црна, обоена металургија, челик и.т.н. да се извезува. Не се работи. Тоа значи дека приходната страна на Буџетот ќе биде сериозно доведена во прашање.

А од друга страна, проектираме ние буџетски дефицит од скоро 3 милијарди долари до крајот на годината. А, како ќе го покриваме?

Во ситуација кога земјите околу нас и Хрватска, Србија, за Грција не говорам, таму може да дојде во прашање и распад на социјалниот систем, меѓутоа таа е членка на Европската Унија. Нека му ја мислат тие. Меѓутоа другите кои се во слична ситуација како нас, формираа кризни штабови.

Го намалува дефицитот, ги замрзнуваат платите, според она што го читам од печатот, Хрватска отиде со намалување на дефицитот на 1%. Ние го зголемуваме дупло, за разлика од минатата година. Значи, нереално се планираат приходите, а огромни се трошоците. Во таква ситуација мислам дека имавме обврска како одговорни луѓе и како одговорна влада да се определиме за приоритети..

Сакам да бидам многу конкретен, овој Буџет, ако можеме да се договараме, треба да се договориме за следното, се она што е во овој случај ненаменско, јас би рекол дури и непотребно, со државни пари, не говорам тоа дека во некоја ситуација нема да треба, да се откажеме апсолутно.

И од карпи, фала Богу во Македонија има колку сакате карпи и од Северна трибина. Немаме потреба од тоа сега. Бидејќи јасно немаме гледачи да ги поклонат постојните трибини на Градскиот стадион, да се откажеме и од музеите. Нема потреба. Тоа можеме да го одложиме. Луѓето би не сватиле добронамерно. Да се откажеме од онаа пропаганда, за што се трошат толку многу пари на владина пропаганда, кампања, толку многу пари.

Мислам дека на тој начин ќе бидеме одговорни, парите наменски ги насочуваме онаму каде што во текот на идната година, а кризата ќе трае година - година и пол според сите прогнози, да ги сочуваме основните општествени вредности. Тогаш претпоставувам дека и луѓето ќе сакаат да сфатат дека товарот на кризата можеме да го поднесеме само рамноправно. Сега како што стојат работите исклучиво на грбот на работникот ќе падне товарот на кризата. Тие ќе бидат отпуштани, тие ќе бидат маргинализирани, државата може со палијативни мерки да интервенира, но во моментот кога се прави проекција на буџетот и се утврдуваат приоритетите, мислам дека треба да ни биде основен приоритет човекот, да го сочуваме човекот како ресурс, значи тој што ќе биде загрозен, отпуштен од работа, оние што не можат да дојдат на работа итн, итн. Не сакам да говорам за можните странски инвестиции со кои што се калкулира. Го слушам и вицепремиерот оптимистички вчера. Јас не знам врз основа на што го засновува оптимизмот дека ние ќе бидеме атрактивна дестинација за странски инвестиции. Па видете, во услови кога пропаѓаат масовно финансиските фондови, кога фалираат банки тие што треба да ги следат потенцијалните инвеститори во Македонија на кои пари, како мислите вие дека тие луѓе ќе се определат да инвестираат во Македонија. Па зарем не гледате дека и најпотенцијалните инвеститори веќе се повлекоа од Македонија, што значи многу малку може Македонија да смета на странски инвестиции како готова пара, или ќе бидат многу скапи.

И конечно, ако мислите дека може да се проектира таков дефицит како ќе се покрие таа дупка надвор од она што пред малку го говорев, или ќе се бара финансиска поткрепа од надвор, ќе се бараат кредити. Или нема доволно кредити или се со многу високи камати, или ќе се трошат државните резерви, или ќе се штампаат пари. Јас не знам, барем искуството за Македонија во овие 19 години на нашето осамостојување, економистите познаваат и други методи и средства, ама не се поволни за Македонија во овој момент.

Според тоа, поентата ми е во следното: да видиме навистина, не да ни биде приоритет да ги добиеме изборите, да не брануваме сега бидејќи на прагот ни се локалните и претседателските избори, па дајте ако може до тогаш да се стрпиме. Приоритет треба да ни биде како да се заштити стабилноста на државата, како Македонија да се сочува во текот на 2009 година, за да можеме да бидеме реални оптимисти во однос на амбициите за НАТО и Европската унија. Оти ако не бидеме функционална држава на економски и социјален план, бидете сигурни тоа ќе биде најнегативната оценка за Република Македонија во текот на идната година. Ние веќе почнавме да ги бележиме негативните поени, начинот на кој сега ја менаџиравме и кризата со синдикатот, како го профилираме буџетот, како ги водиме седниците, точките на дневен ред, итни седници итн. Веќе на контото негативно на Македонија почнуваат да се пишуваат негативни поени, на контото македонско.

Според тоа, имаме обврска навистина во оваа смисла, ако сме одговорни луѓе ќе ги ислушаме, јас сакам тоа да ви предложам, да ги ислушаме сите, и пратеничките групи, поедини пратеници, меѓутоа, да ги ислушаме и луѓето од струката. За тоа нема никаков проблем. Да седнеме и на таа основа и со социјалните партнери, говорам Владата, Синдикатот, дури тогаш да се изгласа, да се стави на дневен ред и да се гласа буџетот. Нема на никого ништо да му фали, никој нема никого да обвини дека не е способен, не знае. Јасна е работата, не може никој министерот за финансии да го обвини за некомпетентност. Тоа би било само некоректен однос, тој е компетентен. Меѓутоа, има и политички интерес да прави ваков буџет, Предлог на буџет каков што го направил. Дали може навистина после сите овие сугестии што овде се изнесуваат отворено и јавно да се седне и да се разговара, да се направи, да се профилира буџет во услови на криза. Бидете убедени дека само оние кои ги игнорираат проблемите во услови на кризи или ги туркаат позади губат најмногу за време на кризата. Ние ќе се соочиме најжестоко, како што рече и мојот колега Манасијевски, според прогнозите на сите покомпетентни од мене, кон крајот на првиот квартал, почетокот на вториот квартал, со најжесток социјален удар во државата и најголемата жестина на кризата. Дајте да го дочекаме тогаш подготвени, а тоа подразбира секој од социјалните партнери да си го земе својот дел на одговорност и стопанствениците, ако се определиме за начин на однесување со

државната администрација, она што го прави Хрватска, ги замрзнува платите, ама истото го бара и од работодавачите тоа да го прават, меѓутоа, да биде и Синдикатот вклучен во игра за да нема социјални тензии, за да нема стимулирање заради положбата на работниците во процесот на производството.

Да завршам, имаме навистина добра прилика, да не се правиме сега дека не знаеме што се случува околу нас и ако навистина се правиме недоветни тоа може уште пожестоко да не удри по глава во текот на идната година.

Апелирам за објективна проценка за она што ќе се случи во идната година и сходно на тоа да ги направиме приоритетите, да ги извлечеме, тоа да го финансираме. За тоа сакам да говорам и повикувам во таа насока да седнеме да разговараме. Не е се изгубено, не треба тврдокорно да стоиме, ние го предложивме буџетот а вие расправајте. Таква е атмосферата и во Собранието, меѓутоа, и надвор од Собранието. Можеме да разговараме, да даваме идеи колку сакаме, меѓутоа, буџетот мора така како што е предложен да се усвои. Тогаш не сме одговорни луѓе, тогаш ова што го разговараме, даваме различни сугестии, мислам дека не оди во прилог на градењето општествена свест, јас би рекол за подигнување на нашата вкупна одговорност како политичари, како Влада за состојбата во која ќе се најде Република Македонија во текот на идната година. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За збор е пријавена и има збор госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитувана госпоѓо потпретседателке, почитувана госпоѓо министер, почитувани колеги пратеници,

Ќе се осврнам на буџетот од неколку аспекти онаму каде што јас како претставник на ДОМ сум концентрирана. Би проговорила малку повеќе за средствата што се наменети за животната средина, за развој на туризмот, понатаму подрачјата кои ги покриваме во Комисијата за еднакви можности, а тоа се за подобрување на женското здравје, здравјето на децата и семејното насилство, а исто така и за социјалната политика.

Општо сакам најпрво да ги поздравам средствата кои се предвидени за капиталните инвестиции. Предвидени се дури 80 милиони евра кои ќе одат за јавни работи од типот на изградба и подобрување на патната и железничката инфраструктура. Сметам дека тоа е извонредна работа, тоа е нешто што секако е основа за иден економски развој на земјата. Токму во вакви ситуации кога е економска рецесија, кога има економска криза, познати се примерите, да не спомнуваме, Њу дил сите го знаеме како најеклатантен пример, меѓутоа, познати се многу случаи во светот кога во време на најголеми кризи, ако има сила една влада и ако има храброст презема јавни работи, така што овој потег на Владата навистина го поздравувам и мислам дека тие средства ќе бидат извонредно паметно искористени, ем ќе добиеме инфраструктура која што ни фали, ем ќе бидат обезбедени вработувања, а со тоа намален и степенот на невработеност. Во тие рамки беше спомнато од некои колеги дека во минатата година не сме се прославиле баш многу со потрошувачката на средствата што се наменети за капитални проекти. Спомнато беше дека само 49% е реализацијата, тоа ме обеспокои, морам да признам, и тоа не е добар учинок во оваа смисла. Само очекувам дека Владата во идниот период ќе обрне внимание на реализацијата на парите и за таа цел веројатно ќе биде потребно да бидат поставени подобри менаџери условно кажано на оние места каде што треба да се организира, да се менаџира организирањето на проектите и потрошувачката на средствата за капитални објекти. Тука ќе треба веројатно повеќе да се поведе сметка какви кадри има на одредени раководни места. Очигледно дека понекаде не е направен најдобар избор, верувам дека во текот на следната година тука ќе се поправиме како Влада.

Реков дека ќе се осврнам на неколку точки од интерес за мене како претставник на ДОМ, на една зелена партија. Во делот за животната средина забележливо е убедливо зголемување, речиси двократно зголемување на буџетот и тоа од 325 милиони на 584 милиони денари, што одат во најголем дел за градежни објекти и за опрема, тоа се 405 милиони денари, од кои околу 155 милиони ќе одат за унапредување, во делот на унапредување на животната средина, што значи тоа ќе бидат пречистителни станици, инценераторот на медицински отпад и слични објекти и постројки. Ова максимално го поздравувам и мислам дека е навистина вистински потег. Ние сме во голем дефицит во поглед на нивото на зачуваност и одржаност на животната средина. Тука имаме забелешки и од Европската унија, но имаме забелешки пред се од самите себе си, од нас како граѓани на Република Македонија. Заслужуваме да живееме во подобра животна средина, заслужуваме повисоко ниво на живот и затоа вложувањата во животната средина сметам дека се извонредно добра инвестиција. Очекувам дека дел од овие средства ќе бидат наменети и за вложување во обновливи извори на енергија. Тоа се оние така наречени извори на зелена енергија, како што е водата, ветерот, сонцето, понатаму биомасата и геотермалните води. Од сите овие извори, речиси од сите, имаме во доволен број, меѓутоа се речиси неискористени, со исклучок на водата на која веќе сме научиле да гледаме како потенцијален извор на енергија. Меѓутоа, сите други обновливи извори на енергија ни стојат така, ги трошиме што се вели, меѓутоа, од тоа немаме фајде никакво, енергетски ресурси, ниту како можност за отворање работни места. Во моментот сега е во тек една кампања која што европските зелени партии ја организираат, во тек се подготовки за следните европски извори и одат со фокус на

зелени работни места. Имено, сите работни места кои што произлегуваат од користење на така наречената зелена енергија се нарекуваат зелени работни места и тоа е еден голем потенцијал кој и Европа го гледа пред себе како можност недоволно искористена, а ние во Македонија сме уште поназад на тој крај. Ако земеме предвид дека и господинот Обама, претседателот на САД, најави милијарди долари вложувања во обновливи извори на енергија, тоа покажува дека светот се свртува кон таа тема и дека зелената политика ќе стане многу сериозна и многу зрела политика.

Очекувам дека во текот на идната година дел од овие средства кои се дуплирани за животната средина ќе бидат искористени за инвестиции во нови извори на енергија и дека на тој план навистина ќе имаме повеќекратен ефект. Да не заборавиме дека до 2020 година Македонија е обврзана 20% од својата севкупна енергија што ја троши да ја замени со енергија добиена од обновливи извори. Тоа е нешто на што се обврзани сите земји од Европската унија, тоа е тој принцип 20-20-20, а и надвор од неа и мислам дека треба да се зафатиме со ова многу сериозно. Тоа е навистина шанса за развивање на безброј мали бизниси, самовработувања, но и дополнително производство енергија кое што треба државата да го откупи по многу прифатлива цена. За тоа фала Богу на време размислувавме како Влада и во Законот за енергетика во членот 74 веќе постои таква обврска дека секоја зелена енергија или енергија што произлегува од обновливи извори државата треба да ја откупи по гарантирана цена. Тоа е голема шанса и мислам дека за неа треба дополнително да ги едуцираме граѓаните, за да можат да ја употребат таа придобивка законска.

Понатаму, што се однесува до туризмот, оваа година е зголемен делот за промоција на туризмот од 37 милиони на 42 милиона. Формирана е и Агенцијата за промоција на туризам, во тек се подготовки на посебни материјали, филмови итн, и мислам дека тука не треба да не декуражира економската криза. Ние мораме некои работи да ги одработиме независно дали условите се најдобри или најлоши. Едноставно има работи кои ние за нас треба да ги одработиме, за во моментот кога ќе се надминат одредени непријатни состојби во светот да бидеме подготвени за тоа. Инаку, туризмот подразбира и домашен и странски турист, а со измените на Законот за туристичка дејност, каде што Владата се согласи да се субвенционира странскиот туристички прилив, мислам дека значително ќе се зголеми и приходот од туризмот. Сакам само да истакнам дека има голема заинтересираност кај граѓаните за учество во туристичкиот сектор преку разни мали иницијативи за отворање разни објекти во своја сопственост или за учество во нив. Мислам дека тоа е многу здраво затоа што се развива претприемачкиот дух, се јакне една самосвест кај луѓето дека и самите можат нешто да направат за себе, а не да чекаат само од државата и од јавниот сектор со скрстени раце да им обезбеди вработување. Тој здрав претприемачки дух уште повеќе ќе се доразвива доколку обезбедиме дополнително и некои мали кредити за развој на мало и средно претприемништво во туризмот. Но да сме живи и здрави, за тоа веројатно малку повеќе во некоја друга прилика. Ја користам приликата да го спомнам бидејќи тоа е важен елемент во развојот и стимулирањето на туризмот.

Понатаму, за социјалната политика би сакала да кажам дека е забележливо големо зголемување на средствата и тоа посебно во делот на социјалните надоместоиц од три милијарди на 4,36 милијарди денари. Она што е забележливо тоа е дека најголем дел од нив одат за зголемување на детските и родителските додатоци. Во таа смисла тоа го поздравувам, затоа што тоа е дел од вкупната позитивна популациона политика на оваа Влада, каде што се полага многу сериозно внимание на заздравување на семејството, на финансиско и севкупно заздравување на семејството и во таа насока Владата инвестира во тоа. Мислам дека ова е нешто што одамна требало да се направи, но добро е што е започнато. Во таа смисла, како дел од популационата политика е исто така и севкупното вложување за подобрување на женското здравје. Во тие рамки Владата ги прифати и веќе трета година се спроведуваат посебни мерки кои ги инициравме преку Комисијата за еднакви можности. Тука ги иницираме колеги од сите политички партии и на оваа тема за среќа имаме апсолутен консензус и веќе две кампањи за подобрувањето на информираноста и состојбите со мерките кои стојат на располагање за борба со ракот на дојката и на матката, веќе дадоа резултати и се спроведени заедно со Министерството за здравство, Фондот за здравство и со Македонското женско лоби, а во овие кампањи учествуваат и сите колешки од Клубот на жените парламентарки, меѓутоа, имаме и одлична поддршка и од колегите парламентарци, така што ова е убава прилика да се заблагодарам до сите кои земаат учество во овие активности. Резултат на тоа е подигање на информираноста на жените и воопшто на семејствата за тоа што им стои на располагање во поглед на бесплатени гинеколошки прегледи и прегледи на дојка, но исто така тоа е и еден вид лобирање до Владата, кое дава резултат и Владата се поголеми и поголеми средства одвојува за овие конкретни здравствени мерки, а во тие рамки беќе и вакцината ХПВ за цервикалниот канцер, која верувам ќе даде резултат на подолг рок затоа што сега започнува и треба да поминат неколку циклуси за да ги видиме конкретните резултати. Меѓутоа, најразвиените земји во светот тоа го почнаа, веќе неколку години ја применуваат оваа вакцина. Еве, и Македонија најде слух за овие потреби и најде средства тоа да го направи за доброто на жените во Македонија, но и за

доброто на сите затоа што сите сме ние поврзани заедно.

Понатаму би сакала да спомнам уште нешто во делот на социјалната политика што го сметам за значајно, тоа е дека дури 100 милиони денари се одвоени за вработувањето преку активни мерки, 100 милиони за вработување млади лица, а 360 милиони ќе одат за надоместоци за стечајците, за онаа група од неколку илјади стечајци кои што ги исполнуваат условите согласно со Законот што го донесовме во Собранието. Навистина сум задоволна што една стара неправда се исправи и на овој начин ќе се направи иако скромна за сите маки што ги поминаа тие луѓе во текот на овие 17-тина години, но ќе се направи некаква сатисвакција и ќе се обезбеди еден пристоен живот за нив. Но, во социјалната политика би сакала да укажамандман на нешто кое што со овој буџет не е предвидено, но можеби би требало да размислуваме во некоја следна фаза како негова поправка. Имено, одамна сум зборувала за ова и би сакала пак да потсетам дека надоместоците за социјална помош се непристојно ниски. Тие се движат од 1700 до 4300 денари и со текот на годините на примање се намалуваат до прекин по одреден број години. Тие суми се непристојно ниски, затоа што со нив не може да се живее. А тие социјални надоместоци се даваат на луѓе кои немаат никакви други примања. Што можат овие луѓе да направат со тие средства, дали можат да обезбедат пристојно преживување додека да најдат работа? Јас мислам дека не и дека голем дел од оние кои што се принудени да живеат од таа социјална помош, или мизеруваат, или потегнуваат кон одредени криминални дејствија и сето ова е тотално дестимулирачки за човек да верува во некоја социјална правда. Значи, јас би апелирала да се размисли и во прва следна прилика да се зголемат овие социјални помошти и надоместоците за социјална помош и навистина да си бидат на место. Ваму ги трошиме парите, а нема ефект. Луѓето се чувствуваат само уште поповредени и уште попонижени, а не им овозможува нормално преживување.

И уште една друга забелешка. Ние градиме станови кои што ги нарекуваме социјални станови и тоа генерално е добро. Тоа се ниско буџетни станови кои што со мали надоместоци можат да се откупат и постои голема категорија наши сограѓани кои што навистина се усрекени преку тоа. Меѓутоа, јас би сакала да позборувам за вистински социјални станови. Тоа е нешто што го немаме. Социјален стан според мене е оној кој што ќе го добијат оние луѓе кои што немаат покрив над главата. И тоа не треба да биде само некое моментално прифатилиште каде што можат месец или два, или три, да преживеат, да имаат покрив над главата, туку треба да бидат социјални станови каде што најсиромашните семејства ќе можат да живеат без да ги откупуваат, затоа што тие што се сиромашни до тој степен да примаат социјална помош, нема ниту теоретска шанса да имаат средства за да ги откупат. Мислам дека со овој термин социјални станови се прави една злоупотреба на самиот термин. Би молела да се размисли за тоа. Јас лично сум гледала во Ирска, да речеме такви вистински социјални станови каде што луѓе живеат, токму оние на кои што им се неопходни такви станови, има и во други држави. Како држава во иднина ќе мора да ги исполниме сите одредби од европската социјална Повелба, ќе треба да размислиме за ова, затоа што домувањето е сериозен проблем.

И конечно би завршила со тоа дека за следната година ќе треба веројатно, иако ќе биде критична од многу аспекти, но ќе мораме да издвоиме средства за промоција на Република Македонија како држава на македонскиот идентитет како таков во светот, во странство, затоа што сите овие проблеми кои што ги имаме на меѓународен план произлегуваат токму од многу ниското познавање на Република Македонија на нејзината содржина, на нејзината историја, на нејзиниот идентитет како држава и идентитетот на македонскиот народ кој што, еве видовме, за жал, некому му пречи. Затоа тука не ќе треба да штедиме пари и мене ми е само жал што годинава средствата кои што беа наменети, дел од средствата за Годината на македонскиот јазик и наменети и за промоција во странство во еден многу мал дел се потрошија за таа намена, додека се разбира другиот дел за она што значеше активности во Македонија беа ивонредно искористени и дури над очекувањата имаа позитивен одзив и позитивни ефекти кои што допрва ќе бидат видени. Значи, со ова јас би завршила, со тоа што би сакала само да упатам и еден апел до Владата, поврзано е директно со туризмот, со изградба на комплексот Аквапура во Преспа, во Песпанскиот регион. Денеска ми се обратија претставници од Царина кои што се наши Македонци околу 200 души кои што веќе 17 години живеат таму во тие три летувалишта и побараа со замолница, со оглед на тоа дека објектот на Аквапура е веќе подготвено да се гради. На овогодишниот саем за туризам што ќе се одржи од 17 до 20 јануари во Охрид ќе дојде првиот човек од аква пура да потпише и посебен меморандум за да започне изградбата. Значи, планирано е целото тоа крајбрежје да се опреми за луксузни туристички објекти и таму не е примерно ниту луѓето што таму живеат се чувствуваат пријатно толку години, ниту пак ќе биде пријатно за развој на туризмот во преспанскиот крај. Значи, јас би замолила, имам информација дека се најдени одредени локации и дека има и финансиска конструкција уште пред извесно време за тоа да се реализира. Верувам дека ќе биде добро во интерес и на луѓето, чисто од хуманитарен аспект, но и во интерес на економскиот развој на тој крај за да се вложи сериозно во туризмот и понатаму. Со ова јас би го завршила моето обраќање. Ви благодарам за вниманито.

**Светлана Јакимовска:** Реплика има господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам потпретседателке.

Госпоѓо Поповска неколку пати споменавте, два, три пати цитатот за доброто на жените. Ајде да го споредите тоа што вие го зборувате во Собранието, со тоа што вие го правите во Собранието на Република Македонија. Пред не повеќе од десетина дена имаше избор на Државната изборна комисија. Вие знаете дека според Изборниот законик на Република Македонија донесен од ова Собрание бевме обврзани како пратеници минимум да имаме двајца од спротивниот пол. Вие знаете дека спротивно на ставовите на ЛДП политичките парти во Собранието, не сите, најголемите гласаа за кршење на законот. И вие знаете дека се премина на поединечно гласање каде што токму вие колешке Лилјана Поповска гласавте за. Тоа што е многу интересно, што вие истовремено сте претседател на Комисијата за еднакви можности. Госпоѓо Поповска со кое право, со кој образ вие денеска станавте овде да ни се обратите нам и на македонската јавност да зборувате за правата на жените во Република Македонија. Вие знаете каква беше реакцијата на организациите кои што се повикани да разговараат на оваа тема, тие за кои што вие кажувавте дека многу добро соработувате. Госпоѓо Поповска вие тоа што треба да го направите во овој момент е да си дадете оставка од Комисијата која што ја раководите, бидејќи вие немате повеќе морално право да ја водите таа комисија. Вие гласавте свесно за и дававте изјави после во медиумите кои што беа, да не употребам груб израз, меѓутоа трагикомични. Таа многу важна комисија во ова Собрание треба да ја води пратеник кој што навистина води сметка. И немојте да се смеете така цинично, затоа што имате една минута да одговорите, не на мене, туку на оние за кои што велите дека се борите. На кој начин вие се борите за нив во ова Собрание? Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Контра реплика има госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Колега Жерновски, се смеам затоа што ова е едно од прашањата за кое ние двајцата никогаш не сме можеле да се разбереме и тогаш кога бевме во заедничка партија. Така што вие секогаш бевте против било какви квоти родови, секогаш гласавте против родови квоти и затоа трагикомично е вашиот настап и борба за женските права наводно сега. А јас зборувам и ќе зборувам и во иднина со правото на автентичен, искрен борец за женските права, затоа што во тоа сум го вложила целото свое битие и искрено работам на тоа откако сум во политикава. И нема можност сега во еден краток период да набројам во овие неколку секунди се што е одработено на овој план заедно со сите жени кои работиме на ова и ќе продолжиме и на тој план. Така што немајте гајле, ќе работиме и понатаму заедно. А овие ваши опаски можеби во моментов се интересни, меѓутоа верувајте, тие не ја погодуваат целта.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Почитувана потпретседателке, почитувани колеги, оние кои што се во салата, почитуван министер.

Ова е трета можност да разговараме за Буџетот на Република Македонија за 2009 година. Еднаш, два пати имавме можност на Комисијата за финансирање и буџет, најпрво преку општата расправа, потоа преку амандманската расправа. Сега имаме можност повторно по трет пат да зборуваме за буџетот за 2009 година. И во сите овие напори и образлагања од страна на опозицијата досега не видовме ниту минимум волја од страна на Владата и владеачкото мнозинство да прифатат дел од сугестиите на опозицијата, или во најмала мера да се обидат да создадат една атмосфера во која што за буџетот ќе се дебатира со аргументи. Еве, и денеска сведоци сме дека дебатата тече во една празна сала, во една незаинтересираност на колегите и на министерот за тоа што зборуваат пратениците, бидејќи очигледно дека оваа расправа се сваќа само како расправа, добро е што побрзо да помине, а потоа Владата да може да си ги троши овие две милијарди и 700 милиони евра кои што ги проектираше за 2009 година. Искрено министре, го кажав тоа и на Комисијата за финансирање и буџет. Образложението, или експозето кое што го дававте за буџетот беше навистина бледо, неубедително и понудивте многу малку аргументи зошто предлагате волку голем буџет за 2009 година. Со ништо не го одбранивте. Ни зборувавте за светската криза, за феноменот на дефлација, меѓутоа ниту збор, или многу малку кажавте за она што ја очекува Република Македонија во 2009 година и како Владата ќе одговори на предизвиците од економската криза и од аспект на потребите на стопанството и од аспект на потребите на граѓаните, посебно на оние кои што ќе останат без работа поради тоа што претпријатијата ќе бидат затворени. Не слушнавме ниту една ваша теза, ниту еден став за тоа што Владата ќе направи за да се ублажи кризата во Република Македонија. А податоците кои што доаѓаат и кои што се пренесуваат и преку официјалните државни институции како што е Државниот завод за статистика и преку медиумите укажуваат на тоа дека секој ден се зголемува бројот на невработени, се зголемува бројот на претпријатијата кои или веќе планираат да затворат, или наредната година не знаат што ќе се случува со нивниот бизнис. Едоставно вие се однесувате како да 2009 година е некоја редовна, нормална година, дека се ќе биде онака како што вие сакате, но верувајте реалноста брзо ќе ве демантира. И оттука од едно такво експозе сега ние ќе се обидуваме да укажеме на некои наши видувања и проекции. Вие упорно или нема да не слушате, или колегите нема да дебатираат и навистина човек да се запраша за што постои

дебатата за Буџетот. Дали воопшто има дебата за буџет? Дали нас не не интересира што ќе направиме со овој буџет, или ќе ја насочиме Република Македонија во 2009 година. Кои се приоритетите кои што ќе ги дадеме државата да почне да решава проблеми. да отвори некои визии преку буџетската потрошувачка. Ние едноставо тука немаме дебата. И тоа е голем хендикеп колеги, и верувајте дека секое вакво однесување оди на штета на граѓаните и на Република Македонија.

Ќе се обидам господине министре, околу она што имате како проекции, бидејќи навистина според наше видување се неиздржани. Се надевам дека нема да предизвикам кај вас повторно некоја негативна реакција, туку ќе предизвикам волја да одговорите на прашањата кои што ќе ги поставам преку својата дискусија, се со цел да имаме квалитетна дебата.

Прво, во однос на приходите кои што ги имате формирано во буџетот, навистина кога ќе се соберат сите оние мерки кои што ги предложивте, кои што рековте дека се 330 милиони евра пари на Владата која што ги дава во стопанството каде што не ги гледаме во буџетот. Никаде не корегиравте ниту една ставка во однос на приходите. Би ве запрашал, ова е веќе прашање кое постојано го поставувам, данокот на добивка. Во законот кој што ни го предложивте дека ќе имаат фирмите можност да користат ослободување од плаќање на данок на добивка доколку ја реинвестираат добивката, таму имате проценка дека тоа ќе изнесува 6 милијарди денари. Во буџетот имате по основ на данок на добивка планирано да се остварат 10 милијарди 241 милион денари. Дали значи тоа дека овие десет милијарди се намалени, бидејќи првичната реакција била 16 милијарди, или тоа што сте го напишале во Законот за данок на добивка е фиктивно? Врз основа на што ја темелите таа проекција? Дали имате проекција доколку претпријатијата ги користат овие погодности кои што ги давате во делот на данокот на добивка, како ќе се одрази тоа на приходите од данок на добивка? И како ќе ги покриете, бидејќи очигледно е дека ќе има намалување, нема да има зголемување, ако се има во предвид дека и криза и претпријатијата многу тешко ќе можат да остварат добивка, освен оние што се монополи чиј што бизнис не зависи од конкуренцијата и состојбата на пазарот.

Во однос на придонесите за Фондот за пензиско и инвалидско осигурување исто така, вчера имавме дебата на Комисија. Вие планирате намалување на стапката за пензиско и инвалидско осигурување оваа година за 2%, а од друга страна планирате зголемување на приходите. Дали и оваа проекција во Буџетот ви е издржана во однос на приходите? Верувајте дека покрај тоа што ќе се намали стапката за пензиско и инвалидско, сведоци сме дека 10 илјади работници веќе ги изгубиле работните места. Значи, ќе се намалува и тој прилив. Кои се вашите проекции, дали овие приходи ќе се остварат? Од друга страна планирате зголемување на приходите од продажба на земјиште и нематеријални вложувања. Еве, сега повторно сме во услови на криза и дали и оваа проекција ви е издржана?

Дали тоа ќе се оствари и дали овие приходи планирате, бидејќи се од продажба на капитални добра, значи од земјиште, да ги вложите за капитални инвестиции, а не да ги потрошите за тековна потрошувачка или расходи, затоа што како што кажа еден професор тоа е да продадете куќа за да направите свадба, свадбата ќе помине, куќата ќе ја немате. Значи, не сте инвестирале правилно по однос на ова прашање. Самата приходна страна, г-дине министре, ви е проблематична од тоа дали ќе се оствари. Јас разбирам дека вие донекаде неможете да предвидете, меѓутоа не нудите алтернатива. Во алтернативата велите нека поминат изборите, после изборите ќе правиме ребаланс, ама тоа не е добро долгорочно да се планира и стратешки да се конципираат и приходите и расходите. Како вие на секои три месеци ќе ги менувате ставките во однос на она што е проектирано првично. Нема да им дадете шанси на институциите да го реализираат она што го планирале. Таа политика се покажа погрешна. Честото менување на законите, честото менување на условите не успевате да создадете здрава бизнис клима. И, веќе реагираат бизнисмените, без разлика што вие постојано имате во резерва одредени бизнисмени кои што ќе ве поддржат, глобално, генерално не е задоволен бизнисот од условите кои што им ги нудите. Постои големо незадоволство, но постои голем страв дека доколку почнат отворено да зборуваат за проблемите, веројатно ќе им се случи во нивната фирма да дојде еден автобус од кои што ќе излезат од 50-60 инспектори и ќе им го блокираат бизнисот затоа што се одважиле да кажат нешто што Владата можеби погрешно го прави. Не сте спремни за критика и да го слушнете гласот на оние кои поинаку размислуваат од вас како Влада. Верувајте, има многу да ви кажат и по однос на персоналниот данок на доход каде што велите дека го намаливте, ја зголемивте основицата за зафаќање и по основ на данокот на добивка и по основ на сите давачки кои што им ги наметнавте. Самиот податок дека од 2006 година до 2009 година сте го зголемиле буџетот за 900 милиони евра, само по себе зборува какви се вашите фискални политики и дека во суштина се повеќе и повеќе пари извлекувате од стопанството и притоа ги трошите за непродуктивни расходи, пари кои што веројатно служат само за промоција на Владата.

Од друга страна во расходната страна, г-дине министер, будите повторно стари проекти. Три години се мачиме со проекти и веќе нас ни стана досадно да објаснуваме дека вие не можете да ги реализирате. Три години набавувате медицинска опрема, градите трибина на градскиот стадион, компјутери за секое дете, спортски сали, тениски

игралишта, три години се истите проекти. Сега додадовте втори кат на градскиот трговски центар. Тоа само покажува колку вашата намера или оправдување дека многу пари ќе дадете за капитални инвестиции, ќе се реализира. Нема. Еве, за 2008 година фискалната стратегија 50% заклучно со ноември сте ги реализирале капиталните расходи 49. Како ќе му помогнете на стопанството ако не ги реализирате капиталните расходи. Не градите патишта, не градите инфраструктурни објекти, па на кој начин Владата мисли да и помогне на економијата. Сите проекти кои што ги носите се со локално значење. Земате кредит да правите локални регионални патишта. Знаеме дека идат локални избори. Ниту денар немате за автопат, да не зборувам за Источна Македонија. Таму немате ниту денар за автопатско решение. Постојано е оправдувањето дека се прави проект, никако да дојде до реализација. Очигледна е неспособноста на Владата капиталните инвестиции да ги реализира. Додека не почнете да барате одговорност зошто е тоа така, вие цело време ќе имате неуспешна реализација на капиталите расходи и од најавента помош за стопанството ќе нема ништо. Дури и проектирате дефицит за наредната година наводно заради финансирање на капитални проекти во услови кога сите држави во регионот се трудат да трошат што помалку, помалку да се задолжуваат и повеќе пари да оставаат кај граѓаните и кај стопанството.

Замислете и во овој Буџет имате 477 милиони денари за економска промоција, 270 милиони денари за Агенција за привлекување на странски инвестиции. 750 милиони ќе ги фрлите во ветер. Која економска промоција во услови на криза. Што ќе промовирате? Веќе ви откажуваат сите инвеститори. Ви откажа францускиот инвеститор, ви откажа Искра од Словенија, а најава за други нема. Освен два меморандума што ги потпишале оваа година, друг инвеститор нема. И, сега вие 700 милиони денари ќе ги трошите за економска промоција и пропаганда. Па, видовме две години дека нема од тоа фајде. Колку и да го браните концептот дека е издржан, до сега ќе се видеа ефектите. Сега што да правиме, уште пари да трошите. Дајте ги парите на фирмите. Дајте ги парите на граѓаните што ќе останат без работа. Зошто да плаќаме милиони за огласи во странски весници кога никој не инвестира и кога беше добра состојбата никој не дојде, а сега во услови на криза ќе дојдат. Затоа, велам дека вие немате концепт за економски развој на државата. Ви пропаднаа сите концепти и за привлекување на странски инвеститори, а домашните инвеститори и досега немаа приоритет во вашата политика. Сега, затоа нема нови работни места, нема вработување, нема подобрување на животниот стандард, граѓаните живеат на кредит, сега не можат да ги вратат кредитите, ќе стане социјална тензија г-дине министер, ама после немојте да велите дека некој друг е виновен, вие ги промовирате тие состојби во Република Македонија. Тоа е така , затоа што неодговорно се однесувате и трошите народни пари. Јас не можам да сфатам дека оваа Влада направила ова или она, половина од парите ги донела од некое друго место, а не ги собрала од граѓаните и стопанството. Вие создавате состојба на социјална несигурност кај граѓаните на Република Македонија. Сите овие две и пол години колку што сте на власт. Немате слух за ниту еден проект на опозицијата. Зџошто не го прифативте Законот за енергетска сиромаштија. Факт е дека тоа се повеќе и повеќе ќе станува проблем. Дали имате концепт, бидејќи еден министер го најави дека ќе донесете таков закон. Отворено треба да им кажете на граѓаните или го чувате како некое предизборно изненадување со кое повторно граѓаните ќе ги замајувате дека Владата многу се грижи за нив. Како што беше со стечајните работници кога непосредно 10 дена пред изборите потпишавте договор и каде видовме дека нешто не важи за 6 илјади, за 1.770 ако е точна бројката во фискалната стратегија која што се отвори и сега немате слух на другите да им помогнете.

На крајот, искрено да ви кажам жал ми е што за градот Велес не прифативте ниту еден амандман. Имав 12 амандмани и со тој начин покажавте каков е односот на вашата Влада спрема градот Велес. Ниту за кејот, ниту за градскиот стадион, ниту за изградба на мост на Реката Вардар, ниту за социјална зграда за слечиштето Рамина за семејствата кои ќе останат без домови, ниту за водовод во Црквино, ниту за канализација во Оризари, ниту еден приект не прифативте. Жал ми е што неприфативте во вашите мерки во делот каде што долговите на претпријатијата спрема државата за 4 претпријатија не прифативте да влезе фабриката за шински возила Колска. Се работеше за сума од 100 милиони денари кои што ова претпријатие ги должи на државата. Ќе имаше можност да се расчистат долговите и да понудите концепт за нејзиниот развој. 230 работници сега ги оставате повторно да се загрижени за својата иднина, да се прашуваат што ќе се случува понатаму со нив, терајќи го претпријатието да работи со загуба, затоа што парите кои што ги плаќате се далеку од реалните трошоци што ги прават и едноставно би сакал да беше малку пооптимистичко излагањето на ова што го нудите со Буџетот. Очигледно е дека во 2009 година ќе биде многу тешко за граѓаните и тие треба да бидат спремни на се, само не на помош од Владата. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор г-динот Минчев Горан, повелете.

**Горан Минчев:**

Благодарам потпретседателке, почитувани колеги пратеници, г-дине министре.

Расправата по еден ваков Предлог Буџет за 2009 година не може да се води а без притоа да се има фактот за актуелниот економски контекст или пак она што е во државата и генерално во светот или пак уште е попотребно да се има предвид дека еден ваков буџет со ништо не покажува дека е

подготвен според глобалната економска криза или пак според светската економска реалност.

Светската криза, почитуван г-дине министре, иако знам дека ви е многу тешко да го слушате постојано ги натера, еве ќе ги земам за пример оние земји кои што ни се во најблиското опкружување да проектираат рестриктивни буџети, меѓутоа, во исто време и ниски буџетски дефицит. За илустрација би навел само еден пример или два. На пример еве Србија каде што во буџетот дефицитот е проектиран на 1,5% од бруто домашниот производ. Исто така, Хрватската Влада пак подготви буџет во кој што приходите и расходите се тотално избалансирани односно дефицитот ќе изнесува 0%. Во исто време и во една таква економска глобална криза каква што важи и Македонија, меѓутоа и за Србија и Хрватска, Владата на Груевски ни го подготви најобемниот буџет проектиран во историјата на Република Македонија кој што изнесува 2,8 милиони евра и кој што е спротивен на било каква логика. Тоа се однесува исто така и на проектираниот буџетски дефицит од 2,8% од бруто домашниот производ или пак преведено приближно околу 200 милиони евра.

Не само опозицијата почитувани колеги пратеници, туку и експертската јавност оцени дека еден ваков предложен буџет за 2009 година однапред е осуден на неуспех. Тој уште не стапен на сила, јасно е дека во наредниот период многу брзо ќе следат низа на ребаланси односно корекции на овој буџет, затоа што навистина има една голема нелогичност. Власта постојано, како што се случува за сето она што ќе го каже опозицијата, меѓутоа истот така кое што ќе биде укажано од страна на експертите, посебно во оваа битна област односно во економијата ги игнорира вистинските потези, вистинските сугестии, меѓутоа уште поважно ги игнорира и вистинските потреби на граѓаните, но најбитно од се според она што е во буџетот, според мое размислување, е државните интереси.

Еден од тие клучни интереси за кои што постојано Владата на Груевски се фали дека е приоритет, а тоа е влезот во НАТО и Европската Унија е токму проектиран во овој буџет. Јас само на почетокот ќе го спомнам, а подоцна посебно ќе се осврнам на тој дел од буџетот односно на буџетот во Министерството за одбрана, затоа што тој е еден од важните критериуми, исполнување на условите за влез во НАТО и Европската Унија. Во тој сегмент, во тој буџет, намалените средства се уште еден доказ кој што е вметнат во самиот Предлог на државниот буџет, за тоа колку оваа власт се грижи за Евроатланската индина на Република Македонија. Значи да констатирам дека сите овие ефекти од глобалната криза се одразија во буџетите на другите земји, но не се одразуваат само во буџетот кој што е проектиран до страна на министерот за финансии односно Владата на ВМРО ДПМНЕ и Груевски.

Во извештаите на Европска банка за обнова и развој се предупредува дека економскиот раст во регионот нагло ќе паѓа. Исто така, според експертите нашиот буџет е основан на претпоставени стапки на економски раст кои воопшто нема да се исполнат и затоа овој предложен текст на буџетот навистина многу набрзо ќе претрпи корекција. Верувам дека иако си отиде министерот очигледно му е досадно да слуша постојано, знам дека и тој не верува во еден ваков проектиран буџет, меѓутоа ќе трпи корекции овој буџет, затоа што реално нема никаква оправданост за тоа што Владата предлага еден ваков буџет, би кажал во едни вакви неповолни времиња, одоговорот најверојатно дека претстои во она што се вели изборна година односно Владата на ВМРО ДПМНЕ и Груевски сака да си обезбеди една комоција во овој предизборен период, да даде еден дел од проектите како изборни ветувања во фамозната преродба во 100 чекори, а тоа би траело до популарноста или пак до првата следна анкета на ВМРО ДПМНЕ а после изборите ќе видиме дали ќе правиме ребаланс на буџетот, голем дел од проектите ќе ги исклучуваме и слично. Исто така, сакам да прашам што друго би значеле зголемените расходи за плати во државната администрација за повеќе од 17%. Тоа значи 10 илјади нови вработувања, меѓутоа, мораме да кажеме во исто време дека тоа не се реални нови вработувања, дека тоа се исфорсирани партиски вработувања, впрочем како што сме навикнати да кога оваа партија односно ДМПНЕ ја користи власта, тоа и го практикува. И едноставно се доведуваме до една пренатрупана државна администрација.

Замислете,платите на државната администрација во овој буџет ќе ја чинат државата фантастични 582 милиони евра, или пак, тоа е 200 милиони евра повеќе потрошено за плати од последната Влада на СДСМ. Се надевам дека во идниот буџет што ќе го проектирате за 2010 година ќе дојдете дупло за плати од Владата на ВМРО ДПМНЕ. Ама, сведоци сме сите дека реално нема нови вработувања, нема нови инвестиции, али за ова се одвојуваат пари. Сакам да објасни премиерот или пак министерот кој што излезе, очигледно не му е интересна дебатата, тоа се однесува и на пратениците на ВМРО ДПМНЕ кои што мудро молчат, иако ги има во многу мал број присутни во салата, која е причината да се задолжиме со 200 милиони нови евра на скапи странски кредити, кои што ќе ги враќаат многу генерации во иднина, а пред извесен период година или две, храбро министерот за финансии и премиерот се сликаа дека Владата односно Република Македонија ги измири сите долгови спрема странство. Исто така, како може да се објасни што во 2009 година, значи во овој буџет се планира трошење на цели 113 милиони евра за купување на мебел и опрема. Ова е истата Влада од пред две години која што се колнеше дека денар нема да потроши за мебел и за опрема. Од каде сега 113 милиони евра за мебел и опрема. Во интерес на јавноста, сакам да нагласам дека сите овие пари кои што ќе се трошат, дали на

плати за државна администрација, дали за купување на мебел и опрема, според сето она кое што го говоревме претходно се доволни да ги задоволат потребите на излажаните стечајни работници со кои што храбро се сликавте господо пратеници од ВМРО ДМПМНЕ пред изборите па ги заборавивте, дека се доволни да ги задоволат нивните потреби, исто така, дека со овие 113 милиони евра се доволни, значи да ги задоволат потребите на бранителите, кои што исто така, ги одбивте како парламентарно мнозинство. Исто така, мораме да ја спомемене омилената активност на оваа Влада а тоа е пласирање на едни розови фантастични во последно време општо е мнението дека тоа се глупи реклами.

Општо ни е мнението дека тоа се глупи реклами, меѓутоа тоа е навиката која ВМРО ДПМНЕ веќе две и пол години ја практикува со државни пари односно со народни пари или пари на граѓаните.

Зголемувањето на трошоците за договорни услуги за скоро 4 милијарди денари е доказ дека во овој предизборен период ќе се соочиме со една тешка пропаганда која два три месеци е во оптег и единствено од ова можеме да извлечеме заклучок дека сето она што низ рекламите ВМРО ДПМНЕ ќе се обидува да се оправда пред народот за своите шарени лаги кои ги пласира постојано на секои избори, тоа ќе биде соочување на народот со поголем број на реклами ако е можно да бидат што е можно поглупи исто така од пари на граѓаните.

Меѓутоа, ќе ги плаќа секој граѓанин на Република Македонија овие реклами и на крај ќе се соочи со реалноста кога во своето домаќинство ќе се фати за џеб и ќе види колку полошо живее од изминатиот период.

Анализирајќи го буџетот скоро да нема ставка која е навистина спорна и која според мене е несоодветно проектирана, но во интерес на времето би се задржал да зборувам за она кое го најавив, а тоа е дел од државниот буџет кој е наменет за Министерство за одбрана.

Индиферентниот однос на Владата на Груевски кон НАТО можеби, почитувани колеги пратеници, најпрецизно можеме да го согледаме токму од проектирањето на буџетот во Министерство за одбрана.

Трета година ова Министерство за одбрана односно буџетот или парите наменети за Министерството за одбрана континуирано се кастри со тоа оваа власт која постојано вели дека НАТО и е приоритет или Европската унија испаќа јасни сигнали и до меѓунардните институции, меѓутоа и јасни сигнали во сопствената држава на сопствените граѓани што мисли за спроведените реформи за одбраната кои патем речено најмногу ги направи СДСМ во своето владеење. Но, таквиот однос на оваа власт покажува што мисли за иднината на својата држава односно за нашето зачленување во Алијансата.

Владата веројатно свесно ја сече гранката на која седи, ова го велам поради фактот што нема економски раст во земјата, да не се залажуваме, без членство во НАТО, без членсвто во Европската унија освен ако премиерот Груевски има некој кец во ракавот или некоја идеја која во последен момент пред изборите ќе му се роди и тоа ќе им го вети на македонските граѓани.

Буџетот на Министерството за одбрана во периодот на Владата на СДСМ воспостави еден систем на повеќе годишно планирање, програмирање и извршување на буџетот. Тоа е систем врз кој се базираат буџетите на западните земји кои се веќе членки во НАТО. Но, што се случува кај нас, три години во континуитет Владата со сите свои постапки ги руши основните постулати на овој систем. Имено, секоја година со ребаланс на буџетот во ова Министерство му се намалуваат буџетските средства и тоа апсолутно без никакво објаснување.

Истите средства кои се наменети за Министерството за одбрана јасно, децидно и тоа скришно ако може на 30-31-ви декември со некој ребалнс на буџетот се префрлаат во ставката на Министерството за внатрешни работи и овој транспарентно сме сведоци дека стапката во Министерството за внатрешни работи односно буџетот на Министерството за внатрешни работи особено Агенцијата за државната безбедност и контраразузнавање се поголеми од Министерството за одбрана.

Изминатите две години ваквите постапки на оваа Влада на Груевски доведоа до намалување на сратешката определба на Буџетот на одбраната од проектираните 2,3 до 2,6 % од бруто домашниот производ на износ од околу 2%. Морам да констатирам дека навистина е преседан во финансирањето по усвојувањето на стратешкиот одбранбен преглед.

Со тоа Владата директно покажува свесно и намерно дека сака да ги минимизира реформите во одбраната, меѓутоа, јасно дава сигнал дека нема намера со сето она што треба да го направиме, посебно во Министерството за одбрана потребните реформи, да дадеме еден јасен сигнал за членство во НАТО.

Ваквата политика , морам да констатирам, дека навистина има голем број на забелешки директно од Брисел во правец на тоа дека заостануваме со реформите во одбраната каде до пред неколку години навистина можевме да се пофалиме дека бевме регионални лидери во регионот.

Сега ќе го цитирам довчерашниот партнер на господинот Груевски господинот Лазар Еленовски, се надевам, бидејќи е мераклија на тужби, дека нема да ме тужи овој пат иако го кажа ова, ќе го цитирам, во интервју дадено за еден весник минатиот месец вели: “што се однесува до одбраната, главната забелешка е околу намалувањето на воениот буџет, тоа е лош тренд кој треба да се сопре”. Тоа е во прилог на она што јас го говорам, значи било признаено и од довчерашниот партнер на Никола Груевски, односно актуелниот министер за одбрана.

Но како што гледаме и од порано така продолжуваме и сега, со еден ребаланс на Буџетот во текот на 2008 година буџетските средства во одбраната се намалени за околу 15 милиони евра и се поставува прашањето која е вистинската цел на Груевски во постапката која ја спроведе минатата година. Кога ги намалува средствата за модернизација и за опремување на АРМ, дали премиерот мисли дека ги зголемвуа шансите за влегување на вака опремена Армија во НАТО алијансата?

Влезот, почитувани колеги пратеници, во овој клуб подразбира следење и одржување на стандарди и постојана модернизација на опремата, а не обратно нивно скратување, како што ни е пример овој Предлог Буџет.

Но, со ребалансот во годината што изминува за околу 50% се намалуват средствата за модернизација и опрема на АРМ, се намалуват средствата за стоки и услуги, а се зголемуваат средствата за плати и надоместоци.

Исто така со овој Предлог Буџет за 2009 година целосното зголемување на вкупниот буџет за околу 9 милиони евра во однос на оваа година се планира за зголемување на плати, надоместоци и нови вработувања. За модернизација или за опрема се одвојува само мал дел од Буџетот во Министерството за одбрана во износ од 3,5 милиони евра. Тука би сакал да истакнам дека ова зголемување на вкупниот буџет, за како што кажав 9 милиони евра за 2009 година не оди на подобрување на контото на животниот стандард на припадниците на АРМ или пак вработените, туку оди во една сосема друга цел.

Дел од овие пари ќе биде потрошен исклучиво од државната администрација или за нови партиски вработувања како што е во моментот во Министерството за одбрана веќе 200 вработени се над она што е дозволено.

Конечно, во оваа прилика сакам јавно да ги прашам министерот за одбрана и премиерот од која ставка ќе обезбедат финансиски средства за надомест на штетата која е предизвикана од губењето на судските спорови, а сведоци сме дека е така во Министерството за одбрана заради незаконско прераспоредување на над 15 државни службеници по доаѓањето на оваа преродбеничка влада.

Се надевам дека ќе добијам одговор на поставените прашања и дилеми за односот на актуелната Влада кон АРМ, кон одбраната и кон НАТО, а кои според сите оние работи што ги имаме во Буџетот што се пресликува во овој Предлог Буџет.

Очекувам барем дел од сите овие недоследности и недостатоци да бидат отстранети и надминати за да ги спречиме сите заедно штетите кои сигурно ќе ги претрпи интеграцијата која верувам дека сеуште ни е битна на сите нас во Република Македонија .

Исто така неможам да разберам дали треба да ја уназадиме земјата и таму каде имавме одлични резултати, а тоа е Министерството за одбрана. Воопшто не ми е јасно кон што води ваквата политика, но можам да констатирам како и да е со сите овие потези или овој Предлог Буџет за Министерството за одбрана не води кон арно за државата.

Сосема на крај би сакал да се осврнам на амандманите кои ги предложивме со колешката Славица Грковска. Предложивме многу за голем дел на општини од изборнио регион број 2, меѓутоа во овој случај ќе се осврнам само на амандманите кои се од мојата општина, значи од општината Бутел, за кои сеуште сметам дека се исклучително битни и важни за граѓаните на општина Бутел. Апелирам до Владата да покаже слух и минимум разбирање за општината во која владее 18 години и да најде средства за да се реализираат сите оние амандмани и проекти кои во форма на амандмани беа предложени од страна на СДСМ.

Првиот амандман беше поднесен заради изградба на поликлиника во општина Бутел, само да потсетам дека општина Бутел од сите градски општини е единствена која нема поликлиника, а има население над 40 илјади граѓани кои навистина имаат потреба од една ваква институција.

И другите два амандмани, со оглед на тоа дека ми е кратко времето се однесуваат на проекти кои се неопходни за нормално функционирање на животот во оваа општина, повторно ќе кажам за жал, амандманите беа одбиени, само таксативно ќе ги набројам, а тоа е многу важниот проблем со атмосферската канализација во населба Радишани, во село Радишани каде при секој порој сведоци сме на една непријатна слика и можеби најважно прашање за лагите на актуелната власт и посебно на локалната самоуправа за граѓаните на Кучевишка Бара и решавање на проблемот со нивното водоснабдување.

И онака целиот Буџет мириса само на избори, се надевам дека овие амандмани преложени од наша страна барем во предизборната кампања ќе бидат еден додатен мотив за парламентарното мнозинство да се овозможат средства за овие граѓани. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Има збор госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам госпоѓо потпретседател, почитувани колеги.

Од досегашните дисусии кои навистина беа доста продуктивни, јас се заблагодарувам на колегите бидејќи секоја дискусија во било кој правец, па макар и во правец на критика донесува соодветни идни решенија кои се надевам дека позитивните трендови и решенија ќе бидат прифатени било да се работи за овој Буџет ако претрпи некои измени или во наредниот Буџет.

Во таа смисла навистина голема благодарност до сите колеги кои денеска придонесоа, а и во претходниот период со своите исцрпни дискусии.

Во поткрепа на моето образлагање и моите анализи на овогодишниот Буџет ќе се водам пред се од една димензија која почнувајќи од 2006 година, па наваму е присутна во сите извештаи на Европскиот парлмент, а тоа е дека ние во однос на економскиот раст се движиме во правилна насока.

Значи, сите извештаи на Европската комисија генерално можеме тоа да го видиме од периодот од 2006 година па наваму дека Република Македонија зафаќа добар правилен тренд на економски развој.

Она што Европската унија нам ни го посочува како многу битно прашање е дека тој раст треба да биде постојан, одржлив во рамките на планираното и во рамките на она што значи развој на среден рок од три до пет години.

Ако ние успееме да се движиме во овие рамки од 5 до 7% на подолг временски период од 2011 година навистина ќе имаме позитивен економски раст и ефектите ќе се чувствуваат од година во година.

Ние може да дискутираме за трошењето, за расходната страна на кој начин и каде ќе ги пласираме тие средства и тоа претставува генерална политика на една или друга Влада, воглавно би кажала дека буџетот на Република Македонија за 2009 година го рефлектира континуитетот на политиката и активностите на Владата на Република Македонија и во основа го потврдува реформскиот курс односно реформската определба на оваа Влада да опстои во развој односно забрзан економски развој и она што го кажав во претходните минути.

Овде би се навратила на фискалната политика што се спроведува во Република Македонија и би укажала дека таа се рефлектира преку општиот владин буџет, а тоа значи редовно обезбедување, финансирање и извршување на функциите на државата, на времено финансирање на законските обврски, имплементирање на структурните реформи, капиталните проекти, континуирана подршка на монетарната политика за нас би сакала да нагласам дека е од особено значење едно континуирано водење на монетарната политика во земјата, стабилен девизен курс кој во континуитет го наследивме и верувам дека и понатаму ќе биде следен од сите влади во Република Македонија.

Значи, тоа е нашата основна заложба на стабилен девизен курс на денарот, тоа е правилната насока на оваа монетарна политика.

Анализирајќи ги макро економските движења за подолг период од 2005, 2006,2007, 2008 година која се завршува ќе се види дека осбено во 2007 година па наваму е присутен еден силен економски развој и раст, водете сметка дека во претходниот период беше од 2 до 3%, значи ако спoредиме со претходниот период 6 до 7% е навистина засилен економски развој.

Ако во 2007 година растот во првиот квартал беше 6,8% во истиот тој квартал во 2008 година растот на БДП беше 5,2%, значи се чувствуваат осцилации за овој временски период, меѓутоа не помали од 5%.

Во второто тримесечје е континуиран раст од 6,5% на БДП и до крајот на годината овој показател на позитивен бизнис циклус кој во пракса значи еден одржлив економски развој и понатаму продолжи.

Проекциите во 2008 година на 5,5% со кои ќе завршиме реално на БДП практично значат благо намалување на она што значеше како проекција од 6 до 6,5%.

Ова се должи на растот на намалениот можен раст во последниот квартал на металната индустрија, меѓутоа, вкупниот раст на БДП пред се се должи на растот на индустријата. Растот на производството и зголемување на странските директни инвестиции кои се присутни во овој период и фактички и реално, подобрување на состојбата и на домашните индустриски капацитети, странските директни инвестиции се проектирани на стапка од 16%, тоа е 3% повеќе во 2009 година во однос на 2008 година и тоа ако се задржи навистина ќе биде за Република Македонија добар показател. Во правилна насока би се движеле сите овие директни инвестирања што значи зголемуање проток на нашата економија.

Точно е дека во надворешниот сектор дефицитот на трговскиот биланс во 2008 година се продлабочи, во однос на претходниот период, а причината е во порастот на негативното салдо во размената на енергијата особено на зголемениот увоз на нафтата, производите од нафта и електричната енергија. Ова е очекуван висок дефицит и заради фактот што во Република Македонија се зголемија странските директни инвестиции. Тие во себе носат влез на поголеми технологии, тоа значи влез на поголеми производни придвижувања и неминовно доведува до поголем увоз. Неминовно доведува до зголемување на овој трговски дефицит.

Овој тренд сигурно дека ќе биде и во 2009 година доколку проекциите се точни и се движат во ова реално предвидување од 16% на странските директни инвестиции.

Исто така странските директни инвестиции знаеме дека беа присутни, знаеме дека во кој сектор, можеби сега ќе одземам време да ги спомнам сите тие директни инвестиции, тие се општо познати. Дали е тоа Алумина, Идеал Шипка, дали е Џенерал Моторс, односно Џонсон Контролс, или Израелската фирма која ја купи Алумина и повеќе други странски директни инвестиции кои дојдоа во Македонија и навистина претставуваат едно значително освежување на порастот на нашата економија.

Во 2009 година и понатаму се очекува, проектирање дефицит на трговскиот биланс на 2,8%. Доколку се задржиме на оваа проекција проектираното ниво на раст на нашата економија, ефектите на порастот на бруто домашниот

производ во континуитет, треба да се чуствуваат и во наредниот период, а со тоа конечно да додјеме до точка каде ќе се намали невработеноста во Република Македонија која е најголемиот непријател на економијата на нашата земја. Секое подигрување во однос на намалување на невработеноста во Република Македонија, значи и прогрес во економијата. Тука навистина е оптимистички да се намали невработеноста на некаде околу 4%. Навистина за Република Македонија ќе претставува огромен исчекор напред за ова болно прашање кое со години ние не можеме да го разрешиме.

Во областа на фискалната политика би сакала да кажам неколку збора. Имено, јас чувствувам потреба да кажам дека веќе се видливи позитивните ефекти од намалување на стапките на придонесите и даноците. Воведувањето на принципот на рамниот данок значи и кај стопанските субјекти олеснување во водењето на нивните книги. Навистина олеснувањето на водењето на оваа евиденција, намалување на даноците значи и приближување на економијата на нашата држава.

Намалување на стапките на придонесите за здравствено осигурување од 9,2% па до 2011 година на 6%, или на стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување од 21,2 на 15%, ќе значи растоварување на нашето стопанство. Дефакто и реално ќе очекуваме тие средства стопанствениците да ги вложат во директни инвестиции или подобрување на условите на работа на нивните работници. Тоа значи дека до 2011 година ќе се намали основицата на плаќање на придонесите од 65% колку што беше сега, на 50% и интегрирана наплата на придонесите и персоналниот данок како вкупна среднорочна политика која би можела да даде ефект на подолг рок. Тоа е апсолвирано од страна на стопанските субјекти. Стопанската комора веќе се произнесе за позитивниот тренд и позитивниот ефект на ваквиот начин на водење на фискалната политика и тоа ќе значи значително нивно растоварување во наредниот период.

Важно прашање исто така за кое би кажала неколку збора е и монетарната политика во 2009 година да биде насочена и онака како што е проектирана во одржување на стабилен девизен курс. Она што може да се претпостави дека во наредниот период, заради глобалната економска криза ќе бидат зголемени каматните стапки и тука очекувам ако стопанствениците не можат да дојдат до кредити со намалена стапка, би можело Македонската банка за развој, со свои намалени кредитни стапки да придонесе во кредитирање на малите и средни претпријатија со многу пониски каматни стапки кои значат за малите и средните претпријатија. За инвестиции навистина сега во овој период ни се потребни кредити или свежи вложувања со мали кредитни стапки. Очекувам во наредниот пероид тоа како владина политика да биде максимално ставено на дневен ред за да можеме некако да придонесеме тие мали и средни претпријатија да се движат позитивно и да вработуваат не многу, меѓутоа понеколку вработени, за нас многу ќе значат.

Проектираните расходи на Буџетот за 2009 година, од она што се гледа во Буџетот за 2009 година, се насочени пред се во капитални проекти, тука кажаа многу колеги, преку интензивирање на јавните инвестиции во инфраструктурата и железницата.

Се согласувам со многу дискутанти дека можеби 80 до 100 милиони евра во овој момент се недоволни, меѓутоа ако ги ствиме и оние проектирани средства од заемот што Република Македонија ќе го земе за инфраструктурата, навистина во наредниот период би можело да се очекува особено зголемување и подобрување на инфраструктурната мрежа во Република Македонија.

Она што за мене би можело навистина да се вложува повеќе и да се насочи нашето планирање е можеби реформа во железничкиот сообраќај. Железницата во Европа се третира како важна гранка во развојот на економијата, бидејќи транспортот со железница е многу поефтин. Затоа јас очекувам дека и понатаму со своите проекти ќе се фокусираме во развој и инвестиции во жлелзницата. Тоа е особено важно за Република Македонија како транзитна земја каде ќе се поврземе со останатиот дел од Европа, а особено во однос на трошоците на транспорт би биле доста продуктивни, бидејќи ќе се намалат доколку се спроведе една ваква сеопфатна акција за развој на железничкиот транспорт.

Она што е многу важно да се следи е негативното влијание на светската глоблна криза врз нашата економија. Иако е таа мала и отворена, меѓутоа на тоа е особено негативно влијание имаше намалување на цените на металната индустрија и она што кај нас навистина доведе до намалување на производството во ФЕНИ, во Силмарк, во Железара што доведува и до привремено отпуштање, или намалување на процесот на производството, отпуштање на работниците што треба да се следи со големо внимание. Ова особено се должи на намалување на цените на никелот, бакарот. Никелот на пример и оловото во 2008 година во септември месец дури достигнаа 40% намалена цена, што ќе се согласите дека за извозно ориентираните гранки е навистина многу страшно. Ова особено е важно за извозот кој е концентриран на металната индустрија. Дали ние ќе се насочиме позитивно кон ова намалување и дали ќе извршиме соодбетни стимулации во овој дел е прашање на проектираната наредна политика во 2009 година, на Владата. Она што се вложува во континуитет во земјоделието, можеби ќе треба да се размисли и како проекција за стимулации и во металната индустрија.

Намалувањето на произвоството сигурно дека донесува негативни ефекти во Република Македонија. Меѓутоа, треба да бидеме оптимисти во еден друг дел. Цената на нафтата и металите

ја намали цената на градежните материјали. Тоа позитивно пак се одрази на градежната индустрија. Таа во проеск ги намали трошоците на производство, трошоците на производство кои се движат во рамките на 15 до 20%. Тоа значи голем стимул во развојот на градежната индустрија. Тоа треба да се искористи. Градежната индустрија во наредниот период ќе биде носечка, бидејќи ние имаме и дел од градежната индустрија каде вложуваме. Нашите градежни компании настапуваат на странските пазари и тие носат и странски девизен прилив. Тоа за нас е особено значајно во размислувањето како ние ќе ја спроведеме политиката на вишокот на работници таму каде се чувствува криза во соодветно транспонирање на работниците, таму каде што можат тие да егзистираат. Значи, тоа е основното прашање кое би можело во наредниот период да биде предмет на опсервација.

Според податоците на НБМ, најголемото учество, тоа го велам од аспект на тоа што најголемото учество на формирање на растот на бруто домашниот производ од 6,5% во вториот квартал на 2008 година ја има градежната индустрија. Значи, тоа е мојата основа за еден оптимистички развој на оваа индустрија што мислам дека во Република Македонија ќе донесе позитивни ефекти. Учеството на градежната индустрија и нејзиното учество во бруто домашниот производ е за 23% поголемо во однос на предходниот период. Тоа е една силна компонента која може да доведе до стабилизација на тој економски раст и одржлив развој на бруто домашниот производ во рамките од 5 до 7%. Значи, таму треба да се конкретизираат сите напори на Република Македонија да може да се искористуваат тие позитивни ефекти на определени индустии каде кризата не се чувствува како што се чувствува кризата во металната индустрија.

Овде не е безначајно да се кажува за тоа, бидејќи во градежната индустрија годишниот обрт на капиталот е 400 милиони долари. Тоа е навистина голем износ, што 25% од нив пак припаѓаат на објекти изведени во странство.

Сите ние сме сведоци дека на Република Македонија и се потребни девизни приливи. Ако тој девизен прилив се стимулира да се зголеми, ние ќе одиме во правилна дирекција. Веќе е видливо и за тоа не би сакала многу да одземам време во областа на земјоделието.

Континуираното вложување во земјоделието навистина дава позитивни ефекти и во оваа гранка очекувам во наредниот период да се инвестираат не само 70 милиони евра проектирани за 2009 година, туку многу повеќе.

Она што е битно за Република Македонија во областа на земјоделието, тоа е земјоделците да ја разберат суштината на вложувањето од страна на државата и правилно да ги искористат средствата кои се наменети за развој на земјоделието. Тоа го говорам од фактот што во иднина треба да се намали увозот на храна, увозот на земјоделски производи во Република Македонија. Ние во принцип треба да тежнееме да намалуваме увоз на храна. Тоа е нашата основна заложба.

Енергетиката е подрачје каде Владата во наредниот период треба да ги фокусира сите развојни инвестиции за доброто на Република Македонија. Благодарам.

(Со седницата продолжи да работи Трајко Вељаноски претседател на Собранието на Република Македонија)

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Многу во чуден правец почна да оди дискусијата. Имено, пред млаку Лилјана Поповска како претседател на една партија од коалицијата за Подобра Македонија, колку е подобра ќе видиме, побара реконструкција на министрите што лошо ги трошат или ги распределуваат капиталните инвестиции. Сега гледаме еден друг коалиционен партнер зборува за невозможноста од некои проекции што ги кажа Владата, што дава една можеби друга слика, или се фаќаат позициите за локалните избори, како што читаме во весниците, или навистина почнуваме да мислиме со главата на обичниот човек во Република Македонија кој секојдневно се мачи со тешката економска криза во нашата држава. Затоа сакам да реплицирам во неколку сегменти.

Колешката Авировиќ рече, дека сите овие проблеми што ги лоцира, цитирам - се надевам дека ќе ги има во наредната проектирана политика на Владата.

Нема поголема дефиниција за наредна проектирана политика на Владата од Буџетот за 2009 година. Тоа е наредната проектирана политика на Владата. Затоа таа наредна политика на Владата, тоа е Буџетот на Република Македонија, треба да ги антиципира сите овие укажувања. Мене ме радува што и од коалицијата на власт велат дека е невозможно да има 4% зголемен број на вработени во 2009 година. Секој во Македонија го знае тоа, само го пропуштивме, Владата ја пропушти шансата економските мерки да ги вложи.

Второ, еден од најголемите стереотипи што успеа со својата медиумска корумпирана машинерија да го направи оваа Влада е дека Извештајот на Европската унија во делот на економијата бил добар. Јас ќе цитирам неколку делови во енергетските критериуми. “Општо земено надворешната нерамнотежа значително се прошири, ставајќи крај на неколку годишни севкупни резултати од балансираната тековна сметка”. Меѓутоа, надворешната нерамнотежа ја прави економијата ранлива на можни прекини на капитални текови, или во делот на странските инвестиции, учеството на инветициите во бруто домашниот производ остана релативно ниско. Погледајте, ЕВН во Албанија, заедно со Статкравт од Норвешка вложуваат 950 милиони

евра. Кажете една инвестиција во 2008 година во Република Македонија, па да зборуваме за инвестиции. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Авировиќ.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Мојата реплика ќе биде во смисла на тоа што можеби колегата Макрадули не ме следеше со доволно нужно внимание.

Јас кажав дека буџетската политика и воопшто сите полтики што ги изнесов во мојата политика се движат во правилна насока. Тоа го образложив и со извештаите на Европската комисија. Навистина мислам дека сите политики се движат во правилна насока.

Она што е битно да се каже во поглед на невработеноста, навистина е голем предизвик глобалната економска криза и навистина ќе биде голем успех ако ние ја намалиме невработеноста. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Процедурално за збор се јави госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам претседателе.

Јас сакам да протестирам за лажното цитирање од страна на колегата Јани Макрадули, потпретседателот на нашето Собрание кој искажа невистина.

Не е во ред, сите сме тука колеги и не треба лажно да се цитираме. Јас само кажав дека сум загрижена зошто сите средства што биле предвидени за капитални инвестиции не се потрошени и само побарав подобро да се менаџира. Притоа треба да знаете господине Макрадули, немојте од место да викате, треба да знаете кој ги ...

(Реакции од место на пратеникот Јани Макрадули)

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Збор има господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Ми претставува задоволство што имам можност да продискутирам по однос на носењето на Буџетот за 2009 година, документ кој апсолутно со највисоко значење за работата на Владата на Република Македонија, за работата на Собранието на Република Македонија и најзначаен документ кој во рамките на една тековна година го донесува Собранието на Република Македонија. Од тој аспект сакам да ги поздравам и новите модалитети по кои Собранието на Република Македонија работеше во однос на донесување на Буџетот оваа година. Скоро еден месец веќе трае расправата за донесувањето на Буџетот. Темелната расправа која се случуваше во рамките на комисиите на Собранието на Република Македонија, пред се на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правна комисија, а после тоа и во матичните комисии, доведоа до ситуација и пратениците детално да се запознаат со целата проблематика во рамките на Буџетот, меѓутоа и граѓаните многу прецизно да осознаат се она што е проврзано со донесувањето на Буџетот и што е дел од вкупната содржина на Буџетот на Република Македонија.

Оттука јас би продискутирал за неколку дилеми што се појавија кај пратениците во овој период од еден месец додека го разгледувавме целиот документ што и самиот по себе има повеќе од 200-300 страници. Меѓутоа, има неколку работи во кои што очигледно не можевме да се согалсиме меѓу себе, а се однесуваат на донесување на Буџетот и на генералната економсмка политика на државата, се поврзани со економскиот раст во државата, со причините и последиците од светската економска криза, потребата од капитални инвестиции во Република Македонија, дали Буџетот е голем или не е голем. Исто така, дискутиравме од различни позиции за приходната страна на Буџетот во однос на даноците и другите давачки. Разговаравме од различни позиции во однос на расходната страна на Буџетот, во делот на инвестициите, земјоделието, образованието, културата, инфраструктурата. Разговаравме од различна позиција за тоа што оваа Влада во последните 6 месеци или во последните 2 години и 6 месеци направила, не направила, испуштила да направи или направила повеќе од тоа што имала можност и било најавено дека ќе направи.

Република Македонија, во последните две години, според статистичките показатели на Државниот завод за статистика и Народната банка на Република Македонија, како фуснота - Народната банка ја раководи опозиционата ЛДП. Бележи значаен економски напредок, во споредба со сите 17 години од егзистирањето како самостојна и независна држава.

Тие податоци, компарирано со податоците за развојот на државата во сите 17 години се значително подобри. Тоа се факти и тоа се бројки. Од тоа не може да се бега. Порастот на БДП за минатата година, за 2007 година изнесуваше 5,9%. Најголемиот раст, приближен до овој пораст во 2008 година односно во 2007 година беше порастот на македонската економија во далечната 2000 година, кога порастот на економијата беше 4,1%. Во сите други години од овие 17 години независност, македонската економија или не растеше или имаше негативен тренд на пораст или растеше со максимум 2% - 2,5%. Тоа се факти што не можат да избегаат од реалноста и не може со нив да се манипулира.

Исто така, нивото на странски директни инвестиции во 2007 година достигна историско ниво во висина, во споредба со сите претходни години до сега. Тоа се податоци што, ќе повторам, ги објавува Народната банка на Република Македонија, каде што кадар, односно гувернер на Народната банка е господинот Петар Гошев, инаку поранешен претседател, минисител и т.н., поранешен член на ЛДП.

Бројот на невработените, однсоно бројто на вработените е интересна тема што секогаш побудува интерес кај пратениците, од аспект на

тоа дека всушност нашата задача е да помогнеме колку што можеме повеќе на граѓаните. Нивото на невработеноста е проблем што директно ги засега граѓаните. Јас го прифаќам многу позитивноинтересот на пратениците да дискутираат за оваа тема. Би тргнал од неколку многу познати податоци што, повторно ќе кажам, можете да ги најдете и се многу легитимни податоци. Кога станува збор за дискусија со бројки,нема основ за манипулација.

Нивото на невработеноста во Република Македонија во моментот кога СДС и ЛДП ја напуштија власта, изнесуваше некаде околу 37%. Нивото на невработеност во овој момент, според последните податоци од Заводот за статистика е некаде околу 33-от процентен поен.

Како ќе се движи тоа ниво во последниот квартал, ова зборувам за третиот квартал од 2008 година, како ќе се движи тоа ниво на број на невработени, ќе видиме многу наскоро. Очекувањата и на едните и на другите можат да бидат различни. Или, во апсолутна смисла на бројките значи дека во моментот кога СДС и ЛДП одговараа за македонската економија, односно одговараа за условите за работа во македонската економија, бројот на вработени во Република Македонија изнесуваше 570 илјади. Во овој момент, бројот на вработени изнесува 610 илјади. Тоа е апсолутна бројка, прецизна бројка што можете да ја проверите и што не можете да манипулирате.

Сега можеме да отвориме дискусија каде се тие 37 - 40 илајди работни места, дали се во државна администрација, дали се во полиција, дали се во војска, во приватен сектор, во странски сектор, дали се искористени поволни кредити од државата за самовработување, дали станува збор за огромен број на луѓе кои за прв пат одлучиле да се регистрираат како земјоделци, поради намалените придонеси за земјоделците, благодарение на субвенциите и т.н. И за тоа може да се најдат податоци. Но, тоа е сосема друга темелна дискусија што може да биде разговарана во рамките на Собранието.

Меѓутоа, тоа се фактите за работата на Владата на Република Македонија во 2007 година и првите три квартали од 2008 година.

Тоа што СДС, а во последно време поагресивно и ЛДП се обидува да критикува, се однесува на три теми во овие две години, поврзани со економијата:

Првото, што опозицијата го критикуваше, беше појавата на инфлација и појавата на зголемување на цените, посебно на прехранбените продукти во Република Македонија.

Второто нешто што СДС и остатокот од опозицијата го критикуваше, беше зголемување на цената на нафтените деривати.

Трето нешто што во пследниве два месеци СДС, ЛДП и НСДП го критикуват е ефектот на глобалната светска економска криза.

Јас морам со вас да споделам едно чувство дека опозицијата, во овие три години, иако непрекинато се обидуваше да најде тема за критика на економската политика на Владата и се обиде да отвори десетина такви теми, десетици не десетина, десетици такви теми, единствено нешто за што можеше да се развие здрава дискусија и здрава дебата беа токму овие три теми. Тоа значи инфлацијата, заедно со покачувањето на цените на прехранбените продукти, покачувањето на цената на нафтата и ефектите од глобалната светска криза.

Она што заборавија колегите од СДС да забележат во цело едно такво поставување на критики кон Владата на Република Македонија е тоа што ниту една од овие три работи со ништоне е поврзана со работата на Владата на Република Македонија. И, со ништоне е поврзана со одредени постапки на Владата на Република Македонија. Сите овие три работи се иницирани и продуцирани од глобалните светски текови во економијата.

Критикувавте дека инфлацијата на крајот на оваа година ќе биде над 10%, тогаш минситерот за финансии ви кажуваше одредени проекции. Го исмејувавте, односно се обидувавте да го исмеете, како што тоа го правите овие денови. Кога во ноември, октомври испадна дека инфлацијата нема воопшто да биде поголема од 6%, дури веројатно ќе се движи многу блиску до 5%, тогаш ги нема тие звучни и добри оратори од опозицијата да излезат и да дадат едно машко признание дека погрешиле во своите проценки.

Кога критикувавте зошто Владата постапува вака или постапува така во поглед на ефектите од зголемување на цените на нафтата и од тоа правевте дека кој знае што ќе се случи во македонската економија, вие предложивте еден концепт. Владата на Република Македонија, за санирање на последиците предложи друг концепт. Намалување на цената на патарините, намалување на цената на регистрација на возила и ред, ред, десетина мерки беа. Вие предлагавте некој концепт застарен, од времето на комунизмот за зелена нафта. Меѓутоа, не кажавте што ќе се случи ако таа зелена нафта се претвори во црвена нафта, како што се случуваше додека бевте на власт. Значи, бизнисот со црвената нафта е тема за која што можеби ќе дојде време и да се поразговара.

Манипулациите што ги доведувавте граѓаните да ги прават со таа црвена нафта, за да заштедат некој денар, сосема легитимно, е прашање што веројатно понатаму во некоај друга дискусија ќе биде интересно за разговор. Меѓутоа, вие од таа тема се обидувавте да направите дека е најголемата грешка што Владата на Република Македонија може да ја направи. А, одбегнувавте да кажете дека цената на нафтените деривати во Република Македонија е директноповрзана со

цената на нафтата на светските пазари. Тоа некако случајно го испуштавте во сите ваши дискусии да го спомнете. Кога паднаа цените на нафтата, цените на нафтените деривати, повторно добрите оратори од опозицијата ги нема да прокоментираат нешто поврзано со таа тема.

И третата работа, овие денови се изнаслушавме огроемн број анализи поврзани со светската економска криза. Веројатно такви анализи, какви што слушнавме при расправите на комисиите на Собранието на Република Македонија и еве денеска во Собранието на Република Македонија, такви анализи се немаат слушнато никаде на светско ниво. Ниту по универзитети, ниту на Вол Стрит, Фанејншел Тајмс, СНН и т.н. Тука ние ги барвме корените, го објаснувавме, им се додворувавме на граѓаните, па кажувавме какви последици ќе има на екомомијата, па како ни паѓа овој дел од индустријата, како ни паѓа оној дел, па експертите што зборувале. Темелна расправа, што не е штетна.

Но, штетна е кога е лажна. Штетно е кога се обидувате, на пример, пред неколку дена излезе информација во еден дневен весник, поради почит кон новинарите и медиумите нема да го споменам, дека врз база на инфорамции од тој и тој, поранешен висок функционер во СДСМ, поранешен минситер ит.н., во таа и таа фабрика е драстично намален бројот на вработените, односно се испуштени огромен број на работници. За наредниот ден, во истиот весник, на истата страница самата таа фирма да демантира дека има испуштени работници.

Дел од компаниите што овие денови вие ги спомнувате масовно, дури денеска гледам по интернет порталите, демантираат одредени тврдења поврзани со нивните фирми, од она што беше кажано денеска во Собранието на Република Македонија. Ја читам официјалната МИА, така што можете да видите и кој кажал и што кажал. Никој не негира дека светската криза ќе направи одредени последици врз македонската економија. Меѓутоа, господине Макрадули, смешно е ваши коелги да кажуваат дека светската економска криза потекнува од Макеоднија, а тоа ви се случуваше претходните две недели. Од почит, јас никогаш не сум спомнувал имиња кога сум зборувал. Можеби сум зборувал многу остро кон СДС, но ниту еднаш не сум го спуштил нивото да дискутирам за имиња. Тоа ќе го задржам и натаму.

Меѓу другото беше дискутирано дека светската економска криза не е увезена. Дека настанала тука. Па, ве молам, бидете искрени. Јас ви ја разбирам желбата да ја нападнете Валдата по сите основи. Ја разбирам желбата да најдете милион аргументи за лошото работење на Владата. Меѓутоа кога тоа го правите со неискреност, тоа е штетно. За вас прво.

Или второ, еден друг ваш пратеник се обидува да каже дкеа државата давала само 6 иљјади денари по хектар субвенции за раноградинарско производство. Тоа не е вистина. 60 иљјади денари. Трет пратеник се обидува да каже дека не бил исплатен ниту еден денар по однос на субвенции, подршка во земјоделието. И тоа не е точно. Извадивме списоци, со имиња, со презимиња, со суми и т.н. Поминете низ селата еднаш, низ Македонија, направете го тој луксуз. Ќе видите дали е така или не. За моја среќа секој викенд сум во различни села низ Македонија. Можам директно да слушнам што е тоа што ги мачи граѓаните на Република Македонија.

Неискрениот пристап од стана на СДС е токму тоа што вам ви штети. Употребата на лажни аргументи и додавање на се што треба и се што не треба во оваа ситуација е тоа што кај граѓаните не може да остави впечаток на сериозност на вашето работење. Не дека нема теми за кои што можете да критикувате. Меѓутоа, кога од 60 илајди правите 6 иљјади, кога кажувате дека светската криза не е увезена, кога криете дека има исплата на субвенции, тогаш граѓаните не можат да ве разберат дека имате сериозен пристап кон целата оваа ситуација.

Да се навратам на неколку други значајни работи од Буџетот на Република Македонија.

Една теза што се обидувате да ја протурите овие месец дена е дека Буџетот е голем. Да, Буџетот е најголем од секогаш во овие 17 години. Меѓутоа, заборавате да кажете два значајни моменти:

Прво, македонската економија во минатата 2007 година оствари пораст од 5,9%, а во првите три квартали од оваа година оствари пораст на дополнителни 6%. Тоа значи дека природно и Буџетот ќе оди во континуитет по нагорн алинија.

Меѓутоа, заборавивте да споменте и една друга работа, колку криминал, од типот на криминалот, еве да го спомнеме оној од Куманово, Бајруш, бил толериран 17 години во Република Македонија. Колку даноци и акцизи не се плаќале во Република Македонија? Колку даноци и акцизи не се плаќале? Значи, господине Макрадули можете да паѓате колку сакате, меѓутоа можете да проверите кои судии го толерирале, кои директори на Управата за јавни приходи ја деблокирале сметката на еден ден за да се извршат трансфери на средства, кој се јавувал за тоа да биде направено и т.н. Верувам дека ќе имате малку поинаков пристап ако ги знаете тие податоци, господине Макрадули, па можете да останете зачудени за некои луѓе од вашето опкружување. И не е само тој случај. Стотицви други криминални групи што беа разоткриени во овој период нормално продуцираат еден систем на зголемена наплата на даноците. А, во ист момент, имаме намалени даноци. Од 1 јануари започнуваме со намалени придонеси.

Генерално, поединечно, давачките кон државата на секој од нас му се намалени. Меѓутоа, оние кои криеле големи суми, кои не плаќале големи даноци мораат да се вклопат во системот. Колку побрзо го направат тоа, тоа ќе значи и побогата држава и посилна држава, меѓутоа тоа ќе значи можност и за дополнителни намалувања на

оптоварувањата на обичните граѓани. Тоа е филозофијата. Тоа е тајната науспехот.

Значи, тоа што вие 4 години толериравте, не преземавте никакви мерки, а во исто време ги зголемувавте даноците. Го згоелмивте ДДВ за лековите, воведовте нови стапки за персоналниот данок, го зголемивте ДДВ за земјоделски репроматеријали, за компјутери и ред други работи. Во тоа е разликата. Работите се многу едноставни.

Тоа што вие не сакате да си го признаете, тоа се случи во периодот кога член на ЛДП беше министер за финансии, колку да не се чувствуваат колегите од ЛДП запоставени во дискусијата.

Исто така, расходната страна. Во расходната страна има огромни средства за инфраструктурни инвестиции. Тоа не е грешка, колку вие и да се обидувате да го побиете, поради тоа што во ситуација кога очекуваме последици од економската криза, единствено нешто паметно што може да направи нормална држава, што го прават и други држави, ако се обидете паметно да ги искористите вашите компјутери е инвестиции во инфраструктурата. Тоа неколку држави, членки на Европската унија го најавија. Тоа треба да го нарпави и Република Македонија. Тука Владата мора да добие огромна подршка за спроведување на сите проекти во насока на изградба на локални патишта, рекоснтрукција на регионални патишта, изградба на водоводни и фекални мрежи низ Македонија, реконструкција на училиштата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика госпоѓа Грковска Лошкова Славица, повелете.

**Славица Лошкова Грковска:** Господине Димовски жал ми е што имам само три минути на располагање, заради тоа што такви невистини какви што искажавте во овој говор, навистина долго не биле искажани од оваа говорница. Се андевам дека ќе имам можност во овие три минути да покрија барем еден дел.

Паметна држава не користи средства од Буџетот на Република Македонија за рекламни кампањи за тоа што го работи Владата. Паметна држава тие пари ги користи во проекти што ќе придонесат за подобрување на состојбата, секојдневната состојба на граѓаните на Република Македонија.

Паметна држава, паметен премиер и Влада не дозволува да нема одговор како се трошат средствата од Буџетот на Република Македонија и не користи такви смешни лажни формулации, дека наводно Министерството за финансии не е надлежно за парите што се оделуваат за рекламни кампањи или пак наводно дека немаат информација за тоа.

Паметна држава не може да си дозволи една од најголемите странски инвестиции, што чинеше една милијарда долари, на распишан тендер за две хидроцентрали на Црна Река, во која што германски инвеститори, по сите правила го добија тендерот, без никакво образложение да го поништат тендерот и да се откажат од странската инвестиција.

Паметна држава не дозволува да не ги исполни ветувањата за распишан тендер за Сончев град и да ги принуди така Израелците да се чудат што да прават и практично да се повлечат од проектот Сончев град.

Паметна држава не прави списоци на судии и не го разгледува работењето на судиите на седници на Влада, заради тоа што паметна држава знае дека тоа е директен упад во судскиот систем. И од 17 години кои вие ги тврдите, 4 години Никола Груевски бил министер за финансии и уште три години е премиер. Значи 7 години е одговорен директно за она што се случува во државата, одговорен е за Телеком, одговорен е за Македонска банка, одговорен е за печатницата “Гоце Делчев” благодарение на таквата политика на Никола Груевски “паметна” многу луѓе останаа без работа. Благодарение на политиката на Никола Груевски ја имаме ОКТА која секојдневно ги загадува граѓаните, паметна држава не дозволува штетни договори кои ќе се одразат на здравјето на граѓаните и не прави штетни дилови со ОКТА само за да на прави личен профит и да обезбеди некој со полнење на приватни џебови на маката на граѓаните од околината на ОКТА. Паметна држава не прави најголем Буџет во услови на светска рецесија и не прави виртуелна слика дека кај нас е најдобро до оној момент додека не почне со штрајк СОНК и вработените во образованието, затоа што го користи тоа како изговор дека не може да им ги удоволи барањата.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Димоски Илија, повелелте.

**Илија Димовски:** Нема потреба од толку јад, омраза, нервоза, госпоѓо Грковска. Овде зборуваме за многу прецизни бројки, за многу прецизни податоци.

Еве, јас ќе ве прашам вас едно прашање. Вие бевте долги години претседател на Комисија за образование на Собранието на Република Македонија . Во периодот кога СДСМ беше на власт, вашата партија, во споредба со она што сега го инвестираме како капитални инвестиции во образованието, знаете колкава беше разликата? Пет пати повеќе средства инвестираме како капитални инвестиции во инфраструктурата во основното и во средното образование на Република Македонија . Вие како долгогодишен претседтел на Комисијата за образование без нервоза треба да дискутирате за овие теми и да се борите за вакви прашања. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Реплика за господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

За жал, дискусијата на колегата Димовски повеќе не врати во минатото, а не беше за она за што сме собрани тука, а тоа е Буџетот за 2009 година и мислам дека со дискусија која ќе имаше смисла

можеби за ретроспектива за Буџетот или за плановите за Буџетот во септември 2008 година ќе беше посоодветна. Од тогаш, од септември 2008 сега ситуацијата е сосема поинаква и сите податоци што ги кажуваше апсолутно немаат основ и немаат реална подлога.

Јас ќе реплицирам во однос на три работи.

Прво, незнам од каде, веројатно има блиски контакти со Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање, знае кој од мојата околина бил вмешан во некои активности. Затоа го повикувам да ги преземе сите мерки затоа што очигледно е добро запознаен, слушам и за добри штосови, како сака да биде нешто во ДБК, од луѓето блиски или членови на ВМРО ДПМНЕ, така што го повкувам неспособноста на Министерството за внатрешни работи да ги открие овие луѓе,да ги пријави, инаку во друг случај ќе биде соучесник.

Втората реплика е да го повикам да го прочита она што го велат Стопанската комора на Македонија со мерките колку тие се навистина задоволни и што треба да се направи за 2009 година. Да не зборуваме за назад, бидејќи во последните 10 години, 6 години на власт е Никола Груевски,  и Љубчо Георгиевски. Значи, сите мерки што ги кажувате, 60% се последица на катастрофалното водење на Никола Груевски.

И трето, да ве повикам со Мерцедесот што го купивте за овие две години да отидете кај земјоделците, верувам со него одите кај земјоделците, и да проверите дали вистина, бидејќи рековте да го провриме интернетот Вељо Тантаров, претседателот на Сојузот на земјоделците вели: по примерот на земјите од регионот и Македонија треба да обезбеди т.н. зелена нафта за механизација земјоделска која е за 40 до 50% поефтина. Во Хрватска нафтата за земјоделците е сина и е двојно поефтина од кај нас, а српската влада се откажува од акцизата и со тој дел од профитот само за да им го направи производството на земјоделците поефтино. Значи нешто што постои во Хрватска, кога ќе стане земја членка на Европската унија, не верувам дека е комунистичка метода, дека е комунистичка мерка. Напротив, тоа е една нормална мерка која  им помага на земјоделците. Ама ако го слушате само Сител ќе мислите дека земјоделието цвета, само свртета и на другите канали, не е така работата. Бладарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Димовски Илија, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

СДСМ доделуваше 2 до 4 милиони евра субвенции, ние поделивме 45 милиони евра во оваа г одина и наредната година ќе поделиме 70 милиони евра. Земјоделците тоа го знаат.

Во делот на другото, господине Макрадули, вашиот однос према колегите пратеници е типичен пример како не треба човек да се однесува. Вашиот однос е еден од најзначајните фактори за неуспехот на СДСМ како опозициона партија во последниве три години. Јас после доживеана сообраќајна несреќа купив стар Мерцедес, меѓутоа, вие треба да кажете зошто купивте нови станови. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарама.

Има реплика господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине прет седателе.

Пратеникот Димовски екстензивно говореше околу светската економска криза и говорејќи притоа, за жал, не одговори на клучното прашање. Имено светската криза беше упорно игнорирана од актуелната влада. Само да ве потсетам, кога настанаа првите ломови на Волфстрит, имаше изјави од сите релевантни фактори во владата дека сите тие случувања воопшто нема да ја допрат Република Македонија .

Понатаму, кога кризата се прошири, имаше повторно изјави и од вице премиерот и од премиеерот дека ќе има  криза во она што е финансиски дел, меѓутоа, тоа нема да стигне до нас затоа што состојбата во нашите банки е добра, а во економијата воопшто нема да се почувствува, па потоа по углед на онаа народната “ти мене сердаре, јас тебе војводо”, друг член на владата од економскиот сектор кажа не само што нема да има последици туку кризата ќе влијае позитивно и тука македонската  економија треба да ја бара шансата и во оваа криза да оствари поголеми резултати.

Ова беа изјави од пред само три недели. Значи се работи за една крајна неодговорност или крајно незнаење за промислување на последиците, така што апсолутно не држи тезата дека опозицијата на некој начин ја подгреваше атмосферата. Наспроти тоа, опозицијата цело време конструктивно се однесуваше, имаше предлози да се формира посебен владин кризен тим од ЛДП , вчера НСДП излезе со еден таков  предлог, СДСМ излезе со редица мерки, стопанските комори излегуваат веќе два пати со предлог мерки. Оној што ја игнорира кризата во Република Македонија е за жал само Владата. Спомнувајќи го името на Гувернерот, треба да внимавате малку, затоа што Гувернерот во овие позиции е единствена одбрана на макроекономската стабилност, затоа што како што тргнал нашиот министер за финансии да се расправа со ММФ и со сите по ред, и за жал како што ги изгубивме пријателите на политичката меѓународна сцена ,ќе ги изгубиме и сите пријатели поддржувачи на меѓународната економска сцена. Политиката што ја води Народната банка е сосема во ред, затоа што во услови на експанзивна фискална политика мора да се затега монетарната политика и што повеќе ќе се троши на фискалната страна, на владината страна, монетарната политика за жал ќе мора да биде позатегната. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика за господинот Димовски Илија. Повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам господине претседателе.

Господине Манасијевски, за разлика од дебатата со господинот Макрадули, со вас навистина престаува предизвик човек да дискутира.

Меѓутоа, она што е значајно, позициите на претставниците на владата и претставниците на владејачкото мнозинство од самиот почеток на појавата на оваа финансиска криза беа идентични, а тоа беше дека се иницираше и се има намера да не се крева дополнителна психолошка криза, која што може дополнително да ја загрози македонската економија. Вие многу добро можете да претпоставите за што дискутирам, што значи намалување на потрошувачката, што значи намалување и она што се случува во некои од западните држави, меѓутоа , тоа не значи дека вие не кажувавте дека инфлацијата од оваа година ќе биде над 10%. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Реплика за господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Колегата Димовски во еден претпознатлив стил за ВМРО ДПМНЕ излезе и најголем дел од својата дискусија ја насочи кон напади на СДСМ, обвинувајќи го дека и во услови на опозиција кажува некои работи кои не се вистини и притоа сакајќи да ја наведе јавноста дека ние сме одговорни за ова што се случува во Република Македонија , од 2006 година наваму, тие немаат никаква одговорност, а седат во редовите каде што ја претставуваат власта.

Господине Димовски, околу економската криза вашата теза дека економската криза е увезена би ве запрашал од каде е кризата во Германија, од каде е кризата во Италија, од каде е кризата во Франција, од каде е кризата во светот, вие како десна партија се залагате за слобода на пазарот, за глобална економија, сега наеднаш велите дека Македонија е изолирана и кризата дошла од светот затоа што можеби не сме биле дел, што е тотално спротивно на вашата идеологија. Значи ли, по вашата смисла на изразување дека таа треба да оди, цел свет да ја нападне Америка затоа што кризата можеби настанала таму.

Во однос на инфлацијата, проекциите кои што ги кажавте дека сме веleле дека ќе биде 10%, знаете колку велеше Владата кога го носевме Буџетот во 2008 година? Од 2 до 3%. Сега ќе биде 6%, за 100% ја утнала работата, а вие сте пратеник кој што го поддржува владејачкото мнозинство.

Во однос на бројот на вработените би ве замолил, вчера имавме седница на Комисијата за финансирање и буџет, претставникот, заменик директорот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување кажа дека во Република Македонија постојат 465 илјади работници кои се пријавени во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и таа е релевантна бројка на бројот на вработени.

Во однос на економскиот раст кој што го остваривте или се фалите во 2008 година, една споредба. Буџетот за 2007 година беше 112 милијарди, 2008 година заврши со 150 милијарди, со 630 милијарди повеќе евра од она што беше планирано и растот го креиравте врз основа на потрошувачката која што ја зголемивте затоа што не реагиравте на инфлацијата. Вие од инфлацијата го полневте Буџетот со порастот на цените на производите, зголемувањето на ДДВ, Владата си имаше екстра приходи, и со потрошувачка направивте раст од 5,9%. Затоа оваа година тоа нереално очекување ќе падне.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика за Димовски Илија , повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Според првиот дел од дискусијата јас заклучив дека светската криза настанала во Македонија и тоа е добро сознание кое што веројатно треба да го објавиме и на светските медиуми за да бидеме во нешто први. Тоа е работа која што не е логична, барем во првиот дел од дискусијата на колегата Николов. Јас реагирав еднаш кога дискутираше слично на ова, не сакав да споменувам имиња, меѓутоа навистина е чудно да се размислува дека светската криза настанала во Македонија. Македонија ги трпи последиците од светската криза и ние можеме да дискутираме за тоа како полесно да ги надминеме евентуалните последици.

Во делот на јавната по трошувачка тоа е апсолутно поврзано и со приходната страна на Буџетот, односно наплатата на даноците и тука мислам дека доволно време потрошив на говорница да објаснам, сега немам време.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика за госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Јас сакам да спорам со тезата на колегата Илија Димовски кога вели дека големината на овој Буџет, рекорден до сега во сите параметри, директно произлегува како резултат на зголемената економска активност, односно зголемениот економски раст. Јас ја разбирам потребата кога немате цврсти аргументи за тоа да навлезете во тоа што се вика шпекулација.

Вашата теза господине Димовски дека Македонија е земја со најниски даноци е приказна за мали деца и тоа секој веќе го чувствува и го знае во Република Македонија . Јас би се согласила со тезата дека големината на овој Буџет директно произлегува од зголемениот број на даноци во оваа земја. Па вие гледате дека тоа е општопозната тема дури и во различни контексти, значи се воведува секаков данок, даноци на говор, даноци на молчење, даноци за мажени и немажени, неженети и.т.н. и се она што сега е шпекулација, за многу кратко врмее произлегува дека е вистина.

Сигурна сум дека Македонија ќе влезе и во Гинис по бројот на даночни оптоварувања и она што е се поочигледно е очигледната намера за зајакнување на санкционата политика, голем број на даноци што ги носиме гледате дека ја зајакнуваме санкционата политика, зголемувајќи ги енормно санкциите и прекршоците и така се полни овој Буџет. Ама очекував од вас да разговараме како се троши буџетот. Големината на буџетот произлегува директно од поголем број зафаќања, повеќе зафаќања од џебот на секој граѓанин и тоа е јасно. Вашиот обид да прокламирате дека произлегува од друго не е точен, и мислам дека е јасен. Така што нема да говорам и за веселата математика околу намалувањето на процентот на невработеност, па сите знаеме дека тоа директно се должи најмногу од промената на методологијата на пресметката на статистичките податоци. За тоа долго дебатиравме.

Она што сакам навистина да говорам е мислам дека згрешивте кога навлеговте во темата дека капиталните инвестиции во инфраструктурата биле карактеристика за оваа понуда во форма на Буџет. Не е точно господине Димовски. Ќе ве потсетам, две години со ред правиме во годината пренамена на средства кои остануваат заради нереализирани проекти што значат капитална инвестиција токму во инфраструктурата и тоа го кажа господинот Славески. Пропаднатите тендери за регионалните патишта за општинската мрежа беа директен повод за пренамена, да ве потсетам, на 74 милиони евра.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика за Илија Димовски ,повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Госпоѓа Бендевска, шпекулацијата дека има данок за мажени или неженети или дека воопшто дека ќе има , шпекулација направивте во Прилеп пред неколку месеци дека ќе се плаќало данок на оџаци, и тоа се методи на вашата машинерија, и вие продолжете , тоа е шпекулација.

Меѓутоа, додека бевте на власт ДДВ за лековите го зголемивте од 5 на 18%, ДДВ за земјоделските репроматеријали го зголемивте од 5 на 18%, ДДВ за компјутерите го зголемивте од 5 на 18%. Ние ги намаливме, го намаливме персоналниот данок, го намаливме данокот на доход и низа други давачки, од 1 јануари настапува намалување на придонесите. Тоа е тајната на успехот, нема друга разлика. Шпекулациите одсекогаш биле на ваша страна, извинете.

**Трајко Вељаноски:** Реплика за госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

После 5 часа дебата по Буџетот дефинитивно имаме и прв дискутант од ВМРО ДПМНЕ. Очигледно е дека навистина не сте убедени во она што го нудат како Буџет и како аргумент за Буџетот и нормално е после 5 часа да се јавувате, нормално е дека кај нас ќе предизвика интерес да одговориме што е она што мислиме ние контра нивните аргументи.

Би сакала да го оценам говорот на колегата Илија Димовски како сувопарен говор , како говор кој што се однесуваше повеќе на минатото отколку на иднината, а Буџетот претставува проекција за иднина.

И ако се оцени со една оценка, значи, тоа е промашена тема, говорот на мојот колега Илија Димовски. Се обиде цело време да ја обвини опозицијата за се и сешто, дури можеби и за неуспехот на оваа Влада да предвиди и да понуди излез од кризата во која што се наоѓа Република Македонија. Тој се обиде да каже дека биле многу поуспешни од СДСМ околу субвенциите и кажа дека одел по селата и има информации. Јас би го повикала во едно село по негов избор во мојот регион заедно да појдеме и да видиме, пред мене да му потврдат земјоделците кој добил, освен секако одредени партиски активисти субвенции од страна на оваа Влада. Се фали дека го намалиле данокот на репро материјали. Нека ми каже еден репроматеријал кој што е поевтин во споредба пред намалувањето на нивното фамозно намалување на износот на репроматеријалите. Се фали со намалување на данокот на лековите. Нека излезе по аптеките и нека види кои лекови ги има и како граѓаните се снабдуваат. Се фали со многу нешта и сака да ја нападне опозицијата. Господине Илија Димовски, вие сте на власт. 17 години, од тие 17 години еве веќе 7 години вашиот водач е на одговорни позиции. Значи, не може да се амнестирате од одговорноста. Но, уште повеќе не можете да се амнестирате од тоа што не можете да сфатите дека Република Македонија е на удар од светската финансиска криза. И Владата не може да не биде одговорна за сето она што ќе се случува на граѓаните во Република Македонија. Не може пред се да биде неодговорна за илјадници работници кои што секојдневно остануваа без работа, а вие тоа не го гледате, или не сакате да го гледате и сакате да припишете дека се е розово и убаво во Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика има господинот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Значи, во делот на мојата дискусија која што во краток временски рок се однесуваше на работењето на пратеничката група на СДСМ. Јас единствено нешто што направив, ве повикав на искреност. Прво, госпоѓо Цветанка Иванова, се обидувате да манипулирате кога викате дека прв пат после 5 часа се јавува пратеник од ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, испуштате да кажете дека таа листа се прави на почеток на седницата кога сите притискаме, а кога вашите колеги пред време се пријавија на самата листа. Значи, повторно не ја кажувате во целост вистината.

Втора работа, кога зборувате за земјоделските репроматеријали, прво кажете дека цената на земјоделските репроматеријали не зависи со ништо од Владата на Република Македонија. Тие

се увезуваат за жал, поради тоа што единствената фабрика за земјоделско ѓубриво не работи, а не работи од некој претходен период. И повторно не кажувате дека сега е пак надолен трендот за цената на земјоделските репроматеријали.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Процедурално госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Значи, ако сме околу искреноста, сакам искрено пред јавноста да кажам дека предвременото пријавување на пратениците беше избришано од ваша страна. Ако ние сме имале волја како пратеници на опозиција да се потрудиме да се јавиме меѓу првите за дебата по ова важно прашање, значи дека сме имале поголем интерес, што не значи дека ова го амнестира ВМРО-ДПМНЕ од одговорноста.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам

Реплика има госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Се надевам дека после интервенцијата на колегата Илија Димовски ќе го измените Деловникот и нема да се држите на она дека нема да промените ниту една точка и една запирка и ќе воведете одредба кога да се пријавуваат пратениците од опозицијата.

**Трајко Вељаноски:** Вие слободно поднесете предлог за измена на Деловник, јас ќе го ставам на седница на Собрание.

**Роза Топузова Каревска:** Да, поднесен е.

Почитуван колега изненадени сте што имате толку реплики. Тоа не се должи на ништо друго, туку затоа што министерот за финансии имаше едно експозе од 15 минути, потоа си решаваше крстословки, не им одговараше на пратениците од опозицијата. Очигледно бидејќи немаше кого да избрка од седница, си замина. Така што немаше пратениците од опозицијата со кого да дебатираат. И со оглед дека вие сте прв кој што се јавивте, затоа и ги имате овие реплики.

Но, почитуван колега, кога веќе многу сакате да говорите за бројките, јас ќе ви споменам само неколку бројки и бидејќи вие подобро и не се служите со манипулации, или шпекулации како што кажавте, како што се служи опозицијата, ќе ми ги објасните. За 2008 година вие, истиот министер за финансии предвидувате 6% пораст на бруто домашниот производ, за 3% инфлација, минус 1,5% буџетски дефицит, минус 26% трговски дефицит и 8% пораст на извозот. Кажете ми почитуван колега, што од ова е остварено? Еве ви, не сакате шпекулации, сакате конкретни бројки, ова се предвидувањата. А догодина ќе ви ги прочитам предвидувањата кои што ги имате за 2009 година кои што за жал, за Република Македонија и за граѓаните најверојатно пак нема да се остварат, како што и овие не се остварија. Затоа што овие не само што не се надминати, туку не се ни остварени. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господинот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам почитувана колешке Топузова.

Факт се многу работи во Република Македонија, факт е кога ваш министер од ЛДП беше министер за финансии се зголемија сите овие даноци кои што ги кажавте со здушна поддршка секако од неговите колеги од СДСМ. Факт е дека минатата година имаме највисоко ниво на странски директни инвестиции, факт е дека минатата 2007 година имаме 5,9% пораст на бруто домашниот производ, факт е дека во првите три квартали на оваа тековна година имаме околу 6% пораст на бруто домашниот производ, факт е дека бројот на вработените од 570 се покачил на 610 илјади итн. Меѓутоа, факт е и дека паниката која што ја кревавте со инфлацијата дека ќе биде над 10%, вие и вашите колеги, испадна сосема невистинита. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Има збор госпоѓа Соња Ѓелова Стојанова, повелете.

**Соња Ѓелова Стојанова:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, колеги и колешки.

Денес имаме точка на дневен ред која е од суштинско значење за догодинешниот сеопфатен економски, инфраструктурен и стопански раст на Република Македонија. Во насока на образлагање на моето уверување и став зошто ќе гласам за Предлог буџетот на Република Македонија е следнава експликација. Знаеме дека за Република Македонија 2007 година беше најуспешна година од 1990 година со економски раст над 6%. Во 2008 година економскиот раст се движи во истите рамки над 5% т.е. 5,9%. Имаме ниска и стабилна инфлација со која завршуваме од 5,1% до 5,5%, намалена стапка на невработеност за 1,1 поени, или 31,5%, странски директни инвестиции од 506 милиони евра, или 47% повеќе од минатата година и пораст на просечната плата за 8%. Во 2008 година македонската економија продолжи да остварува забележителен економски раст, пред се како резултат на успешната економска политика водена од страна на Владата на Република Македонија и покрај забавувањето на глобалната економска активност вклучително и во земјите од регионот. Имено, за првата половина од 2008 година економскиот раст изнесува 6%. Инфлацијата која во почетокот на годината се зголеми, почна да опаѓа и во ноември 2008 година изнесува 5,1%, стапката на невработеност продолжи да опаѓа достигнувајќи 33,8% што е на најниско ниво од 2001 година. Странските дирекни инвестиции ќе бидат за 10% до 20% повисоки од 2007 година. Сепак, ризик за македонската економија во 2009 година претставува зголемувањето на дефицитот на тековната сметка која во 2009 година најверојатно ќе достигне околу 11%. Но, доколку ја погледнеме состојбата со дефицитот на тековната сметка во останатите земји во транзиција ќе видиме дека Република

Македонија воопшто нема поголем дефицит од останатите транзициони земји. Така што дефицитот на тековната сметка ќе достигне 23,5% од бруто домашниот производ во Бугарија, 10,3% во Хрватска, 11,1% во Естонија, 13,5% во Романија, 17% Србија. Со ваквиот зголемен дефицит на тековната сметка Република Македонија се приклучува на брзо растечките економии. Свесни сме дека Република Македонија не е изолиран остров, односно дека светската економска криза која во моментот постои во светот, се прелева и во Република Македонија, што се гледа пред се преку намаленото индустриско производство во октомври, како и намалениот увоз. Економскиот раст кој во 2009 година според проекциите на Владата ќе изнесува 5,5% од бруто домашниот производ што во однос на иницијалните проекции е намален за 1,2 процентни поени ќе биде воден од растот на инвестициите како домашни така и странски при што јавните инвестиции ќе имаат значаен придонес во растот. Така за 2009 година капиталните инвестиции се планирани на ниво од 19,4% од бруто домашниот производ, што во однос на 2008 година претставува пораст од 14%, додека претставува значително зголемување во однос на 2006 и 2005 година кога капиталните инвестиции беа планирани на 10,5% од бруто домашниот производ и 14,5% соодветно. Притоа акцент е ставен е и на инфраструктурните проекти патната, железничката инфраструктура како инвестиции од енергетскиот сектор неопходни за подобрување на бизнис климата во Република Македонија и животниот стандард на граѓаните. Ваквите зголемени јавни инвестиции ќе имаат контра цикличен ефект, односно ќе придонесат за зголемување на инвестиционата активност во Република Македонија и ќе го надополнат јазот кој можеби ќе се појави со намалувањето на приватните инвестиции, како последица на светската криза. Ваква контра циклична фискална политика применуваат речиси сите земји во светот, се со цел да се намали рецесиониот јаз кој во моментот постои во светските економии, а кој главно доаѓа од намалената побарувачка. Само на пример, Велика Британија во буџетот за 2009 година ги вгради и планираните капитални инвестиции за 2010 година и 2011 година а со цел стимулирање на домашната побарувачка. Предлог буџетот за 2009 година е исклучително развоен, неговиот раст е резултат на порастот на економијата, макро економската стабилност и дисциплината во собирањето на даноците. Овој буџет е развоен токму поради тоа што се предвидува кратење на некои ставки кои се непродуктивни, како што се ставките за стоки и некои ставки од областа на услугите и на сметка на тоа се зголемуваат капиталните инвестиции во патната и железничката инфраструктура, енергетиката, образованието, културата и информатичкото општество. Фискалната политика за наредната година е креирана во насока на продолжување на рестриктивната буџетска потрошувачка, политика креирана за намалување на продуктивните расходи за сметка за инвестирање на проекти од стратешко значење. Планираните расходи оваа година се во износ од 164799 милиони денари кои се финансираат од планираните приходи во износ од 153215 милиони денари. Зголемен е износот на средствата во однос на тековната година за капитални расходи и за идната година ќе изнесува 500 милиони евра. Она што радува е фактот што со овој буџет се предвидуваат дури 18,2 милиони евра кои што се за капитални инвестиции во областа на образованието, 1,5 милиони евра за транспортот, а во областа на животната средина се издвоени 5 милиони евра. 28,3 милиони евра се планирани во областа на информатичките технологии со кои целосно ќе се имплементира Проектот “Компјутер за секое дете”, електронско поврзување на регистри меѓу институциите. За навремена исплата на пензиските надоместоци, надоместоци за материјално обезбедување на вработените лица и другите социјални надоместоци обезбедени се средства во зголемен износ од 9%. 9,2% е за зголемување на пензиите.

Она што е за поздравување е тоа што Владата и со овој буџет продолжува со издвојување на рекордни и значајни средства за субвенционирање во земјоделието. За наредната година сумата за субвенции на земјоделието достигнува дури 70 милиони евра, сума која што ќе се издвои за инвестиции во патна и железничка инфраструктура изнесува 487 милиони евра, во водоводни и канализациони системи ќе се издвојат 1,5 милиони евра. Предлог буџетот на Република Македонија предвидува и мерки за превенција и санирање на евентуалните последици од светската економска криза. Владата донесе пакет од 10 превентивни мерки за помош на македонското стопанство за да се ублажат евентуалните последици во реалниот сектор кој може да ги предизвика светската финансиска криза. Вкупната поддршка на стопанството изнесува околу 330 милиони евра. Кои се мерките? Мерките се следниве. Фирмите ќе можат да добијат отпис на каматите по основ на повеќе даноци и придонеси во целост доколку ја исплатат главницата до 31 април 2009 година за 75% ако тоа го направат до 31 август и до 50%, ако долгот го платат до крајот на годинава. Предвидено е репрограмирање на даночните обврски, односно фирмите кои имаат потешкотии во вработувањето да можат даночниот долг да го отплатат на рати и тоа најмногу до 36. Владата донесе одлука и го одложи на една година стапувањето на сила на одредбите на Законот за платен промет кои забрануваа плаќање за фирми кои имаат блокирани сметки. Побарувањата на државата по основ на јавни давачки ќе бидат претворени во траен влог во друштвата ОХИС, ЕМО, Тутунски комбинат Прилеп и Евро композити. Се работи за фирми кои долго време имаат акумулирано обврски со оглед дека државата има мнозински удел, обврските кон државните институции ќе бидат претворени во траен влог, со што ќе се санираат состојбите во овие фирми и тие ќе

останат атрактивни за продажба на заинтересираните инвеститори кои ќе ја продолжат и прошират дејноста. Планирано е и намалувањето на царините. Тоа се однесува на суровините за трговија, економијата, информатичкото општество. Меѓу предвидените мерки се и две годишно пролонгирање на плаќањето данок на камата на штедните влогови и пониско оданочување на земјоделците.

Друга мерка е и откажување од трошење на парите кои биле наменети за новогодишните празници во сите државни институции, фондови, агенции, јавни претпријатија и АД во јавна сопственост. Значи, повторувам, четиригодишното мирување и отпишување на обврските на фирмите по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување, отпис на каматите по основ на персонален данок, данок на добивка, ДДВ, даноци на имот и придонеси за пензиско осигурување под услов обврзници во целост да го намират главниот долг, плаќање на даночен долг на рати, оданочување на добивка само ако е распределена во дивиденди, намалување на царините пред се за суровините, откажување од трошење на парите кои биле наменети за новогодишните празници во сите државни институции, фондови, агенции, јавни претпријатија и АД во јавна сопственост се мерките кои Владата експертно ги подготви за евентуалните последици од светската економска криза.

На крајот би сакала да истакнам дека сум цврсто уверена од потребата за донесување на ваквиот буџет. Сметам дека не е само тоа што е потребно, туку и е неопходно. Економскиот раст треба да биде пропратен и со соодветна помош од државата токму тоа го нуди овој буџет, помош која е неопходна и потребна. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Јован Манасијевски.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе,

Почитувана колешке Гелова Стојановска, вие точно во вашето излагање констатиравте дека голема закана за буџетот и за вкупната макро економска стабилност е трговскиот дефицит и дефицитот на тековната сметка. Јас би го изострил терминот, не се работи за закана, туку за темпирана бомба. И, ако не се менаџираа, ќе доведе до колапс на јавните финансии. Притоа рековте дека таа ќе биде само 11%. Госпоѓо Гелова Стојановска, во моментов дефицитот на тековната сметка е 14% од бруто домашниот производ. Како тргнале работиве, а за тоа мошне уверливо говореше пратеникот Андов, тој во наредната година нема шанси да се намалува, туку само ќе се зголемува, затоа што сите импути што го формираат, одат во надолна во понеповолна линија. Значи, ако веќе оваа година имаме 14% дефицит од БДП на тековната сметка, идната година тој ќе оди нагоре и недај боже да премине преку 20%. Меѓутоа, не е се во таа релативна бројка. Говорев и пред малку, многу битен е параметарот на девизните резерви. Во 2006 година претходната влада ви остави девизни резерви кои што покриваа 5,5 месечен увоз. Сега, девизните резерви се нешто над три месечен увоз покриваат. Многу блиску сме до таа црвена линија, до границата кога девизните резерви можат да паднат од покривање на тримесечен увоз. Тогаш веќе нема бегање, мора да настане девалвација, што ќе биде катастрофа за сите.

Затоа, почитувана колешке, ова прашање е многу значајно, е суштинско и токму низ призмата на ова прашање треба да се разгледуваат други импути врз основа на кои што е формирана оваа проекција, проекција на Владата.

Инаку, дадовте примери со Хрватска и со Србија, како и со другите држави. Точно, ама тој дефицит се гледа низ конкретни дела. Скоро во Хрватска стотици и стотици автопати имаат изградено нови. Што во овие две години изгради Владата. Значи, нешто останало.

Говорите за 330 милиони евра, а тие ги нема никаде. Сите буџети на државите кои што презедоа мерки, тие пари се гледаат во буџетот, само нашата Влада ни го даде буџетот, а после тоа соопшти дека има 330 милиони евра заштеди, ама никаде не ги гледаме во буџетот. Требаше да настанат промени во Предлог на буџетот каде што ќе беа детектирани. Од таму со право заклучуваме дека тие 330 милиони евра се непостоечки, едноставно реални се само 3,5 милиони евра по основ на царините.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика госпоѓа Гелова Стојанова Соња, повелете.

**Соња Гелова Стојанова:** Почитуван колега, јас ги спомнав десетте мерки на Владата кои што се превентивни мерки за помош на македонското стопанство за евентуално ублажување од економските последици на светската економска криза. Да не ги повторувам, два пати кажав, тоа се мерки кои оперативно ги набројав сите. Мислам дека со овие мерки ќе се ублажи или нема да се дозволи финансиската економска криза да направи последици што не се добри за нашата Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседастеле.

Таман се израдував што еве се јави за збор колешката Соња Гелова Стојановска и сметајќи дека како економист од владеачкото мнозинство ќе ни понуди повеќе одговори на нашите поставени прашања, меѓутоа се случи да добиеме еден говор кој што беше преполн со статистички податоци, кои што доколку сакаме секако можеме да се обидеме сами да си ги најдеме. Секако се израдував на нејзиниот говор и сигурно и моите сограѓани од Струмица и од изборна единица 4, затоа што секако седејќи пред малите екрани очекуваа колешката Соња Гелова Стојановска да им даде одговор или барем во најмала рака да

изрази жалење што како пратеник од изборна единица 4, или од градот Струмица. Оваа Влада во изминативе три години не даде ниту денар за нашата општина Струмица и исто така очекував дека ќе изрази жалење и ќе се потруди повеќе во 2009 година она што е ветувано уште од 2006 да се реализира а тоа е патот Струмица - Радовиш тоа е патот Струмица Вељуса, тоа е патот Куклиш - Банско, тоа е патот Рич - Попчево. Но очигледно дека ова парламентарно мнозинство само зборува она што му оди во прилог.

Исто така очекував дека како економист ќе свати она што како опозиција постојано го говориме дека Република Македонија се наоѓа на удар на светската финансиска криза и дека не пали изземањето, амнестирањето на Владата инаку зошто би имале Влада ако не се справува со сите проблеми кои што ја зафаќаат една држава.

Јас очекував дека мојата колешка ќе даде одговор што оваа Влада мисли или како ќе ги санира, како ќе ги обезбеди минимум средства за егзистенција на работниците кои што секојдневно остануваат без работа, особено од нашата изборна единица, особено на 400 и нешто вработени во Бучим Радовиш од каде што таа ја доби поддршката на парламентарните избори 2008 година, кои што еве овие денови остануваат без работа. Исто така, како и што ќе им понуди на работниците кој што од ФЕНИ индустри кој што можеби утре ќе останат без работа, од кој град потекнува мојата колешка.

Исто така што ќе им понуди на жените вработени во текстилните фабрики кои што секојдневно остануваат без работа и на пат. Кои се пакетот од мерки кои се средствата од овој буџет за поддршка на оваа категорија на луѓе.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика госпоѓа Гелова Стојанова Соња, повелете.

**Соња Гелова Стојанова:** Благодарам.

Колешке Цветанка благодарам што се грижите за мене како човек што сум се јавила за дискусија.

Прво да ви кажам дека економистот секогаш се служи со бројки, а статистиката е наука, за разлика од правниците, значи ние економистите многу не збориме се служиме со бројки и со податоци.

Второ, не е точно тоа дека не се грижам за Струмица, туку во повеќе наврати градоначалникот од вашата партија кажа и во медимите и во весниците колку сум донела пари за патот Рич - Попчево. Може и сега да го прашате дека имам обезбедено, мислам дека беа 70 илјади долари помош во минатиот мандат. Госпоѓо Цветанка да ви кажам уште нешто, дека пред три дена нашиот министер за транспорт и врски Миле Јанакиевски пушти 1,5 милиони денари за водата во Банско.

**Трајко Вељаноски:** Заврши времето се извинувам една минута, се извинувам.

Повелете господине Макрадули Јани.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Сакам да реплицирам во еден дел а и се поврзува со ова последното што го кажа колешката Соња Гелова Стојанова, бидејќи неколку пратеници ги читаат мерките од Владата што се објавени на веб страницата на сајтот на Владата и момжеби како грешка или како неинформираност прочита дека Владата се откажува од трошењето за поклони и за Нова година и за честитки, еве една честитка од Владата што ја добив денеска, бидејќи е со автопат јас ќе се заблагодарам на тоа. Добив и од министерката на внатрешни работи во смисла на тоа дека не ги трошат, дека ги трошат парите од граѓаните а велат дека нема. И бидејќи е министерот за транспорт и врски ставил автопат. Се надевам дека министерот за здравство ќе внимава што ќе прати како честитка.

И навистина сакам да се заблагодарам за честитката и што не го послушал премиерот и ни пратил ваква една убава честитка со еден текст што е доста емотивен. За тоа ако бидеме коректни ќе кажеме дека Владата го прекрши тоа што го кажа како мерка, испраќа честитки за жал слушаме дека злоупотребува и дава пакетчиња од државни пари, и како што вели министерот единствениот сообраќаен метеж во кој би пожелуваме да се најдете во Новата година и метежот на љубовта, пријатлеството и неисполните желби, без запирање. Се надевам дека така ќе се однесува и парламентарното мнозинство. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика госпоѓа Гелова Стојанова Соња, повелете.

**Соња Гелова Стојанова:** Добро имаше и смешни работи од колегата Макрадули, само сега ќе бидам озбилна значи,

Срамота е да се збори за честитките дека се пуштаат кога тие се наменети за СОС детско село Македонија. Со купувањето на овие честитки и со честитањето Нова година се помага на децата во Македонија. И ние сме културни и сакаме на сите да ви ја честитаме Нова година. А со тоа помагаме на децата. Детско село Македонија СОС.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Селмани Имер, повелете.

**Имер Селмани:** Почитуван господине претседател,

Почитувани колеги, почитувани граѓани на Република Македонија.

Денешната расправа за Предлог буџетот за 2009 година е не само значајна расправа како од економски аспект, сакам да кажам дека е и документ, политички документ парекселанс. Доколку го гледаме во прв план овој достазначаен документ, тогаш паѓа во очи нешто многу интересно и многу надежно, затоа што овој Предлог буџет проектира расходи кои што се речиси половина од бруто домашниот производ на Република Македонија. Меѓутоа, иако според обемот е голем буџет, доколку детално се анализира овој Предлог буџет може да се видат

многу контрадикторни елементи и вознемирувачки елементи. Може да се говори дека е историски најголем буџет, меѓутоа, од основањето на Република Македонија на перманентен начин секоја година историски се предлагал најголем буџет и тука може да се најде некое оправдување. Меѓутоа, тоа што треба да се дискутира е содржината на Буџетот и тоа како овој буџет се планира да се потроши. Владата во своите излагања излегува со оптимизам и надеж дека ова е реформски буџет, дека ќе ја поддржи економијата или пак стопанството или пак дека овој буџет е капитален буџет. Но, јас мислам дека треба да се дадат објаснувања за три прашања и овие три прашања се прашања кои што имаат прогнози кои што се предодредени за неуспех. Овој буџет е заканувачки за макроекономската стабилност, затоа што дефицитот кој што се планира да биде 2,8% досега е најголем дефицит во историјата на Република Македонија. Земајќи го предвид постоењето на ризик факторот за нереализирање на приходи, тогаш овој дефицит може и да се зголеми. Затоа, овој планиран дефицит може да предизвика тоа што државате ќе дојде во ситуација кога ќе се зголеми инфлацијата, така што ова е вознемирувачки факт во ситуација на светска економска криза.

Второ, ние сме свесни дека во моментов целата светска економија се наоѓа на праг на една глобална економска криза која што криза веќе ги има опфатено најголемите економски светски сили. Затоа, постои парадоксот и тука. Како може најголемите светски економски силни држави, посилни од Република Македонија имаат буџети во кои што главен фактор е штедењето поради економската криза, додека пак Република Македонија предлага највисок буџет во својата историја.

Друг вознемирувачки факт е тоа што многуте гласови, многуте буџетски ставки се со инвестирање со поврат нула или пак може да се сметаат како луксузни расходи кои што може да се пролонгираат во следните години и во некои подобри економски времиња. Многу финансиски средства се предвидуваат за градење на музеи, театри, споменици, и за рекламирање на други работи. Не велам дека овие работи не ни се потребни како држава и како граѓани на оваа држава, меѓутоа, велам дека овие проблеми можеби може да се остават да се решат или пак да се инвестира во нив во некои подобри времиња, а актуелно имаме економска ситуација, која што е вознемирувачка. Овој бран на глобална криза може да не опфати многу лесно и да ни остави катастрофални последици.

Од друга страна доколку ги гледаме буџетските приходи, тогаш јасно ни паѓа в очи фактот дека најзасегнат слој од сите социјални слоеви е населението кое што има ниски и средни примања. Доколку ги анализираме приходите што се предвидени од данокот на додадена вредност и од различните придонеси кои што повеќе доаѓаат токму од овој слој на населението, тогаш можеме да констатираме каков економски пораст и подобрување на животниот стандард може да има во случаи и во фактот кога главните приоди се приходи од општите расходи. Дали сме во состојба да се соочиме со ова кога над 80% од населението се состои од семејства кои што имаат приходи кои што во многуте случаи не обезбедуваат ниту минимална егзистенција, финансиска егзистенција и мнозинството од нив се на праг на сиромаштија. За да се илустрира подетално, се разбира дека ќе имам потреба да елаборирам и некои посебни сектори за да се види каде одат парите на граѓаните или на даночните обврзници. Доколку го разгледаме образложениеито кое што претставува основен столб на општеството во суштина Македонија се соочувба со доста големи проблеми во оваа сфера. Во овој Предлог буџет јасно се гледа дека поголемо значење се посветува на високото образование и ова нормално не е воопшто спорно. Меѓутоа, Буџетот треба да даде поголем простор или поширок простор таму каде што се детектира и главната проблематика. И од каде што се генерираат мнозинството проблеми во образованието, а тоа е средното и основното образование. Ние имаме закон со кој се обврзуваат сите да завршат средно образование. Од друга страна сеуште не сме создале услови за оваа обврска и законска обврска, всушност каде стои проблемот. Проблемот, сите знаеме каде стои и недостасуваат елементарните услови доколку говориме за другите услови што треба да ги имаме според европските стандарди. За жал, сеуште сме многу далеку.

Друга причина зошто треба да се даде исклучително големо значење на средното образование е фактот што со решавањето на проблемите од средното образование ние ќе дадеме посигурен пат и на високото образование да биде стабилно и колку што е можно помалку суштински квалитативни проблеми. Тоа што остава сомнеж кај мене е фактот што Предлог буџетот за државниот универзитет во Тетово кој што брои повеќе од 12 илјади студенти, за жал, нема пораст пропорционален како што имаат пораст другите државни унивиерзитети.

Доколку имаме потреба за нешто во Република Македонија, тоа е инфраструктурата. Тоа е комуникацијата или сообраќајот, можноста да се создаде колку ушто е подобра можност за граѓаните да комуницираат меѓу себе, бизнисмените да си ги вршат своите бизниси колку што е можно полесно и побрзо. Доколку се спореди колку треба да се инвестира во патната инфраструктура, во градењето на мостовите или пак на енергетските објекти и другите објекти, сите оние што се во прилог на еден економски стопански развој, било да е тоа национален и локален развој, тогаш јасно ќе видиме дека буџетот кој што е предложен за ова сфера е многу мал, посебно во однос на овие проблеми што ги спомнав порано.

Доколку нешто бара инвестирње, тоа се токму овие прашања, затоа што овие проблеми се животни проблеми или животни инвестирања, а инвестициите се капитални инвестиции кои се во прилог на граѓаните, меѓутоа и во прилог на еден подобар економски развој.

Исто така во Буџетот се предвидени и уредувањето на скопските објекти, на скопскиот стадион за кого се наменети неколку милиони евра. Лично немам ништо против да се инвестира и да се изгради еден стадион со меѓународни стандарди, меѓутоа, кај мене се раѓа сомнеж зошто не се наменат средства и за стадионот во Тетово, во Чаир или во Куманово.

Затоа мислам дека и овој Буџет на ова Министерство треба да биде поголем буџет затоа што токму тука се капиталните инвестиции, но од друга страна изразувам вознемиреност за образложението или оправданоста на доделувањето на средствата внатре во ова министерство.

Економијата или стопанството како сектор кој посебно треба да генерира економски развој било да е локален или национален развој се очекуваше многу повеќе и тоа во моментите кога имаме глобална економска криза, да се врати или да создаде можност за инвестирање од страна на домашните фирми или компании. Заради ова е доста оправдано да им се даде можност на општините, на регионите да создадат средина или амбиент или инфраструктура која ќе им овозможи на локалните компании во поволни услови и околности да ги развиваат нивните бизниси. За жал, да кажам отворено, немаме во Предлог буџетот компонента која може да ни гарантира дека ќе се создаде можност домашното стопанство, посебно локалното стопанств о идната година да се стимулира со инвестирање, посебно во создавањето на условите за инфраструктура.

Доколку говориме за општините и за развој на локалната власт, почитувани пратеници, почитувани граѓани на Република Македонија, не е само обврска од Охридскиот рамковен договор децентрализацијата и развојот на локалната власт ниту децентрализацијата ниту надлежностите, ниту фискалната децентрализација  Европа таму каде ни се вперени очите, каде сме се упатиле, дели меѓу 25 и 30% од јавните расходи преку локалните власти или преку општините.

Додека Република Македонија  со сето тоа што може да се анализира од овој Буџет не надминува процент од 8 до 10%. Доколку сакаме да имаме вистинска децентрализација, а не само децентрализација за очи, само на збор, децентрализација со надлежности, но без финансиска поддршка, тогаш требаше овој Предлог Буџет да намени или распредели многу поголем процент на буџетски расходи токму на ниво на општините.

За жал, и оваа компонента како распределба во Буџетот не е таа компонента која се очекуваше и се очекува од нашите граѓани.Општините да имаат повеќе средтва и да може да ги решат проблемите таму каде вообичаено се раѓаат проблеми.

Многу средства се предвидени во секторот култура, повторно тука ќе изразам мој личен сомнеж околу распределбата затоа што на пример имаме случај на предвидување на градење или надградба на  Театарот во Велес, нема ништо лошо во тоа, градот Велес е познат како град со стара култура, традиција на развој на културата, меѓутоа, загрижувачки е фактот и вознемирувачки фактот зошто да не се доделат средства за да се изгради театар во Тетово. Доколку имаме средства за градење на театри во Македонија, тогаш треба да имаме предвид и тоа што е регионално инвестирање, инвестирање во согласност со околностите и етничкиот состав во Република Македонија  и интересот на развојот на културите на пропорционален начин на сите етнички заедници.

За крај ќе ми дозволите да дадам еден заклучок дека доколку се обидуваме да го оправдаме зголемувањето на буџетот од причина што можеби имаме некои планирани повисоки приходи, меѓутоа со голем сомнеж дека тешко можат да се реализираат истите приходи и овој планиран дефицит може да биде само едно оптоварување евентуално на нереализирањето на овој буџет кој може да води кон едно поголемо оштетување на стопанството во земјата, дефинитивно распределбата на средствата во расходниот дел на буџетот е сомнителна, вознемирувачка распределба и од овој аспект лично имам резерви дека Буџетот на Република Македонија за 2009 година може да има позитивно рефлектирање било за економскиот развој или инфраструктурниот развој, а уште помалку во развојот и градењето на добрите меѓуетнички односи во Република Македонија. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има г-динот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам г-дине претседаеле, почитуван колега Селмани.

Се согласувам со вашата констатација која ја истакнавте дека, за жал, многу мал дел од вкупните јавни расходи се троши преку општините, но бројките кои ги кажавте не се точни. Рековте 8-10% од БДП. Бројките се уште полоши г-дине Селмани и бројките стојат сосема јасно во документот фискална стратегија на Владата кој ни беше доставен пред неколку дена. Во табелата која токму го разгледува општиот Владин буџет од расходната страна во 2008 година бројките се следни: само 5,7 од БДП ќе се троши преку општините, што значи на секои 100 денари што ќе ги собере Владата преку јавните давачки, само 5,7 денари ќе се вратат во општината. Цели 94 денари остануваат да ги троши Владата.

Тоа е една апсурдна ситуација, тоа е една лоша ситуација, тоа е една ситуација која е неиздржлива и таа мора да се менува. По овој параметар сме, за жал, први од позади на ранг листата на Европа или последни. Во делот на фискалниот суверенитет на општините и во делот на трошење на јавните расходи преку општините сме убедливо последна држава во Европа.

Вие ги спомнавте Европските просеци кои за Европската Унија се 25, 26, 27%. Дури и во земјите во регионот процентот е над 15%, што е своевиден феномен, но кој говори за кашата во која сме. Во времето на еден авторитарен диктаторски режим како во времето на Милошевиќ во Србија преку општинската власт се трошеа цели 15% на јавните расходи. Па, ве прашувам, ако во време на авторитарец како Милошевиќ преку локалната власт во една соседна држава се трошеа 15%, каков демократски плурален режим сме кога се троши само 5,7%?

Ова не е најлошо. Уште полошо е што почитувани колеги пратеници во истата таа табела се предвидува не раст, туку пад на овие параметри. Така за 2009 година се предвидува само 5,3% да се трошат преку општините. За 2010 година уште помалку само 4,9%, а за 2011 година 4,5% од БДП. Значи, одиме контра Европскиот тренд и тоа е трагедијата г-дине Селмани и затоа и вие и јас треба да се бориме против оваа ненормална ситуација во буџетот.

Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика за г-динот Имер Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Очигледно г-динот Манасијевски даде точен одговор на она што јас го реков дека приближно околу 8-10%, јас не го знам документот што г-динот го има пред себе, меѓутоа, апсолутна е констатацијата дека со сите дотации, со сите трансфери, со сите наменски средства кои се трасферираат од централната спрема локалната власт оваа бројка од 8-10% не се надминува.

Додека изворните приходи можат да бидат, како што г-динот Манасијевски ги кажа, мислам дека во оваа конотација потполно се согласуваме, треба да се даде што поголема автономија во делот на изворните средства, меѓутоа сигурни изворни средства, а не тие што најтешко се собираат како што се данокот на имот или даноци кои државата односно централната власт секогаш имала проблем со собирањето.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам

Реплика има г-динот Борислав Стојменов, повелете.

**Борислав Стојменов:** Почитуван претседателе, благодарам на дискусијата на Имер Селмани, јас денеска воопшто не се јавив за реплика, но бидејќи премногу го респектирам и ценам г-динот Селмани, затоа излегов да му дадам реплика. Посебно го респектирам, а еве зошто.

Денеска имаше дискусија дали македонската економија е во криза. Нему му реплицирам, дали е болна или не е болна македонската економија. Упорно од левата страна сакаме да кажеме дека македонската економија е веќе зафатена со болест и уште поболна ќе биде во наредната година. Ако е болна тогаш во медицината има едно следно правило, имате превентивни средства за делување кога човек не е болен и куративни средства кога човек е болен треба да го лечиме.

Затоа станав да прашам, да му дадам една реплика на г-динот Селмани и да го прашам, што мислите вие г-дине Селмани дали македонската економија е болна или не е? Ако е болна ние мора да предлагаме мерки и тоа се куративни мерки. Ако не е болна, ако сакате да предлагате превентивни мерки тие се сосема други. Јас не сум доктор, но сакам вас да ве прашам како симпатичен човек, од друга страна низ вашата дискусија кога дискутиравте вие ја третиравте на почетокот дека таа е болна економија, но од истиот тој пациент баравте да инвестира, да гради, да работи, да создава итн. Овде мора да се разбереме, ако е македонската економија здрава, тогаш вие сте во право тоа што го баравте. И за децентрализација и за вложување на средства во развој итн. Меѓутоа, ако вие од болен човек барате да инвестира, тогаш вие сами влегувате во контрадикција. Вие така рековте дека ние очекуваме овие приходи нема да се остварат во буџетот, а штом нема да се остварат, тоа е болен човек, бидејќи ќе биде криза.

Затоа ве прашувам, се согласувам со вашата дискусија ако го потврдите тоа, дали македонската економија е болна или ќе биде болна. Од вас го барам тој одговор. Посебно ве почитувам. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Еве да добиеме одговор дали е болна или не е, контрареплика за г-динот Имер Селмани.

**Имер Селмани:** Почитуван колега пратеник, не дека е болна македонската економија, тоа го знаеме не само ние тука во Парламентот, не само експертите, тоа го знаат сите граѓани во Република Македонија дека македонската економија, економијата во Република Македонија е длабоко болна, длабоко во криза, се уште сме во транзициона фаза.

Во моменти кога имаме глобална економска криза, кога се надзира дека чекор по чекор и тука нас не зафаќа прогнозата дека наредната година ќе имаме тешка економска година. Во ред, тука можеме да завршиме, меѓутоа, и да се согласуваме околу обемот на финансиските средства што можат да се соберат, во прашање е квалитетот на тоа како се дисперзирани во расходната страна. Тука е мојата дилема, не во тоа колку средства ќе се соберат, еве Владата одлучила толку средства, според прогнозата, може да собере, дилема е како ќе се потрошат.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам

Со оглед на тоа дека г-динот Ратко Димитровски не е тука, го губи правото за збор по претресот.

Следен за збор по претресот е г-ѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, дозволете да започнам на она што се сетив кога пред една година токму во оваа сала говоревме за буџетот за 2008 година ама тогаш во присуство на г-динот Славески со оглед на тоа што го работевме минатиот буџет, согласно одредбите од стариот Деловник така што и амандманската расправа и материјалната беше на пленарна седница.

Се сеќавам на еден убав гест од страна на г-динот Славески на секоја од нас пратеничките ни подели по еден убаво спакуван подарок за да ни ја честита Новата Година зашеќерено јаболко. Бидејќи овој буџет го носиме по она што се вика одредби од нов Деловник кого владеачкото мнозинство сами си го изгласаа, сега пред нас е новиот подарок од г-динот Славески наречен дополнет Предлог буџет што го добивме уште на 15 декември што значи пред 9 дена.

Почитувани колеги, со овој дополнет Предлог буџет кој следуваше согласно она што се вели после една квалитетна, долга амандманска расправа, жалам што не е тука г-динот Трајко Славески за да ни ги објасни причините на овој подарок, повторно ќе го наречам, се разбира во наводници.

Ајде дозволете сите заедно да го гледаме билансот на расходи на Централниот буџет. Генерално платите и наемнините и надоместоците на вработените овој пат, за разлика од ноемврискиот предлог, се зголемени за 26.775.000,00 денари. Такво зголемување, се разбира, има и на разделот 42-стоки и услуги. Овој пат се поголеми за 12.100.000,00 денари. Во интерес на јавноста морам да кажам 14.767.000,00 денари, а сега се 14.800.000.000,00 денари.

Оваа Влада во 2009 година, почитувани колеги, на разделот стоки и услуги ќе потроши 15 милијарди денари и потоа немојте да се чудите, јас не знам зошто печатените медиуми се чудат со нервозата на г-динот Славески. Г-динот се нервира и со однесувањето на пратениците и со претставниците на ММФ како да не се нервира, почитуваниот г-дин министер Славески кој ни го понуди досега историски најголемиот буџет, историски најмногу мисли во 2009 година да потроши на ставката 425, неговата омилена, договорни услуги. Додека во минатиот предлог изнесуваа нешто под 5 милијарди денари сега замижал, си ги зголемил над 5 милијарди денари.

Почитувани, јас навистина очекував дека тука ќе продебатираме со министерот за да објасни зошто во дополнетиот Предлог буџет субвенциите за јавните претпријатија, ова е ставка од која ќе се купат двокатните автобуси во Скопје. Ова е ставка од која ќе се гради третиот кат на Трговскиот центар. Ова е ставка која тој одбивајќи го мојот амандман од овој буџет да се одвојат средства за репарација на багерот СРС 2000 клучно потребен за поддршка на производствениот капацитет на РЕК Битола, почитувани колеги, кажа дека па не може буџетот да издвојува за јавни претпријатија.

Но, иако по минатиот предлог говоревме за за 640 милиони денари субвенции за јавни претпријатија, во новиот е зголемен 50%, една милијарда денари. Господинот Славески предвидува , нели, да субенвенционира јавни претпријатија. Ако ова не е предизборен локален маркетинг, почитувани колеги, кажете што е. Јавните претпријатија на локално ниво ќе бидат ќе бидат субвеницонирни чисто заради задоволување во предизборната кампања. Вие не можете да побегнете од овие аргументи.

Господинот Славески си го викна заменик министерот, му нареди да молчи, претпоставувам дека сега не следи пред некој тв екран и очекува само ако се јави господинот заменик министер, знам дека ќе се створи тука и ќе ги избрка. Никој не смее да аргументира околу овој предлог, бидјеќи ќе ризикува, како колегата Чинговски, или како претставниците на ММФ, или како министерот за земјоделие да ги истрпи неразумниот бес што господинот Славески го прикажува со оглед на апсолутен недостиг на аргументи, зошто овој буџет е вака, а нели говориме за еден буџет кој ќе овозможи економски раљзвој и покрај предизвиците што ги носи светската глобалан и финансиска криза. Господинот Славески не убедува дека Република Македонија и во 2009 година ќе очекува стабилност во економскиот раст, ама тоа не е така.

Јас сакам да го потсетан господинот Славески кога буквалнио не убедуваше дека во овој историско рекореденбуџет до сега најмногу предвидел на ставката капитални расходи. Почитувани колеги, во дополнетио предлог буџет иако се зголемени ставките стоки и услуги, плати, субвенции на јавни претпријатија, единствено е намалена ставката капитални расходи. Жалем што не е тука младиот колега Димовски, нели се пофали за капиталните расходи во инфраструктурата. Овој пат се намалени за цели 369.775.000 денари и тоа е факт, го имате во форма на работен материјал. Не дека верувам дека господинот Трајко Славески во 2009 година за капитални расходи ќе потроши 22 милијрарди денари. Јас не верувам и имам причина. Ова е третиот по ред буџет за кога предвидуваме средства за капитлани расходи, ама не нни се остваруваат. Да потсетам, согласно Законот за буџети во првите 6 месеци, токму од ставката капиталани расходи Законот го обврзува министерот за финансии да бидат потрошени најмалку 30% од износот. Никогаш тоа не се случило додека на чело на Министерството за финансии е господинот Славески. Просечната потрошувачка на капиталните расходи за првото шест месечие се движи од 13 до 17 % и говорам за факти. Така што почитувани колегги ќе се вратам на она што беше тема за која најдолго дебатиравме, почитуваните колеги кои учествуваа

во работата на Комисијата за финансирање и буџет ги слушаа нашите предлози, а нашите предлозо беа амандмански да изреагираме за обезбедување поголеми средства во она што се вели материјална препоставка за можен економски развој во Република Македонија. Тоа се инвестиции во енергетиката.

Ако се потрудивте, почитувани колеги, да го разгледате буџетот на Министерството за економија, мислам дека го прочитавте текстуалниот дел кој вели, меѓу другото приоритет и цел за 2009 година ќе в биде "раст на инвестициите во енергетскиот сектор". Јас цитирам, ама, како кажува колегат Димовски бројките не лажат. Бројките во Министерството за економија велата вака: Програма 3, развој на енергетика, предвидено 153 милиони денари. Една под програма е Агенција за енергетика по ВМРО-ски терк има предвидено нешто помалку, 4 милиони денари за плати, ама затоа 8 милиони денари застоки и услуги. Втората програма во разавојот на енергетиката под програма 2 каде плати има 141 милион денари, стоки и услуги 128 милиони денари, субвенции и трансфери 9 милиони. Нема капитални расходи во енергетиката, 0 денари. Тоа е подпрограма 48. Тогаш колеги кога ќе го гласате буџетот за кој Славески одбива да дебатира, ама тврди дека тоа е волшебанта формула што ќе обезбеди развој на економијата и можност да се намали она што се вели превиско процент на невработеност во Република Македонија, т.е. можност за отворање на нови работни места. Во програмата на ВМРО ДПМНЕ стои - енергијата е е клучен фактор за економски развој. Стабилно и квалитетно снабдување со енергија е основа за развој на целокупното стпопанство.

Втор фактор по работна сила што ја одредува конкуретноста не економија на глобално ниво се согаласиваме. Затоа предложивме амандмани , затоа што потписникот на овие редови, тогаш потпретседател не ВМРО ДПМНЕ господинот Славески за оваа претпоставка за економски развој предвидел 0 денари, одби да разговара по било кој амандман што значеше реална инвестиција во енергетскиот сектор и сите амандмани се предвидени во форма на ветувања во предизборната кампања. Ама хартијата трпи се, мртво слово. Во 2009 година ВМРО ДПМНЕ, Владата, апсолутно не намерава да инвестира во енергетиката иако енергетиката е вториот фактор кој овозможува отворање на нови работни места на вкупниот амбиент на состојбата на нашта економија. Тоа иако стои како заложба во форма на буџет е предвидено нула денари. Не само што нема предвидени пари средства за развој во нови енергетски капацитети. И тогаш долго дебатиравме со колегите дека, знаете како се вложува во енергетиката, денес за бенефитот да го осетиме по 5,10,15 години, ама денес тоа значи одговорно мислење. Колега Коцев не знам каде имате проблем со логиката. Предвидовме и истите ветувања ги наоѓам тука, да се вложува во обновливи извори на енергија, бидејќи тоа е обврска превземана од потпишувањето на договорот за енергетска заедница. Тоа е оној проект 20:20. До 2020 Република Македонија мора да обезбеди 20% од вкупните енергетски ресурси да бидат со обновливи извори на енергија. Од обврските не можеме да избегаме, но за до 2020 година да сме сигурни декаќе успееме тие обврски да ги реализираме, од денес треба да почнеме, требаше да почнеме и вчера и од некни, се согласувам. Сигурно во 2009 гоидна нема да почнеме. Ќе се надеваме, здравје Боже кога ќе го гледаме буџетот за 2010 година. Во 2009 година нема такви пари. Вие можете и цинично да дофрлувате и се, но нема бегање ид фактите.

Повторно ќе цитирам. Вели: " Во новиот мандат Владата на ВМРО ДПМНЕ ќе се заложи за евентуална инвестирање дома или заедно со соседните земји во изградбан а нуклеаран електрана како сугурен долгорочне економски прифатлив извор за производтсво не електрична енергија. Имавме таков предлог, имавме по амандманската расправа. Не добиваме објаснување зошто е нелогично.

За што друго сакате да ви говорам, за биодизелот и биоетанолот? Исто така е еден од обновливите извори на енергија, дури и поттикнува развој на земјоделието. Вие тоа го пишувате. Ние во форма на амандман го предложивме и тој амандман не помина, ни ветерната мапа, никаква претпоставка. Дозволете ова е за мене доказ. Вака изгледа, ваква е намерата, ама затоа , ако се согласуваме колеги, бидејќи тоа стои и во текстуалниот дел и дополнетиот дел на буџетот и во вашата предизборна кампања и во надградената и во онаа обичната, стојат како ветувања. Легитимно ги добивте изборите во 2006 година, 2008 нели ја наградивте повеќе тежи, пак легитимно ја добивте довербата, ама ја добивте за да ги исполните вашите ветувања. Значи, вашите ветувања за развој на енергетскиот сектор тежат 0 денари согласно предлогот на господинот Славески за 2009 година. Овој буџет на е за месец јануари, до 31 декември 2009 година, тоа се пари. Ама повторно ќе се навратам иако 0 денари се предвидени значи 15 милијарди денари ќе се потрошат за стоки и услуги, 23 милиони денари ше се потроши за овој преширок ,претежок, прескап државен апарат што се вика државна администрација, субвенции за јавни претпријатија, двокатни автобуси, какви не споменици, вештачки карпи, голф игралишта ски лифтови, обично концентрани во градот Скопје, нели градот Скопје пола од популацијата е тука, локални пред нас, цел буџет овој дополнетиот на господинот Славески говори дека овој буџет ВМРО ДПМНЕ ќе го користи за предизборен макркатинг во очи на локалните и претсетаделски избори и тука е фактот. Стои фактот. Во 2009 година, бидејќи имате предвидено нула денари за енергетски развој и бидејќи тоа значи дека нема да се отвори ниту едно кавлитено ново работно место. Ја и тогаш го прашав господинот Славески дали откао ќе бидат потрошени над 5 милијарди денари договорни услуги, над 1,8 милијарда

тековни трансфери, над милијарда денари патни и дневни трошоци, македнскиот граѓанин ќе биде посреќен. Дали трошењето на договорни услуги и на енормен број на рекламни кампањи, ве молам 400 илјади евра чини една кампања. Ние секојдневни имаме огласи, по 6 ,7 нови камапањи за осмисливање и плус и реализациајта. Ајде да престметаме дали можеше тоа да се вложи во енергетски развој, дали можеше многу попаметно подомаќински, посовесно и подоговорно да создадеме претпоставка, да отвориме колку толку нови работни места.

(Во салата се враќа министерот за финансии)

И ова ќе го сфатам како комплимент, господинот Славески стигнува на време овде во салата, квалитетно да продебатираме. Јас секогаш ценам добра дебата, бидејќи дилемите од првиот ноемврски предлог до декемврскиот што го добивме е полош, иако некои говорници кажуваа дека е нешто подобрен. Не, влошен е , намалена е вкупната ставка за капиталн и расходи. Зголеменисе, кои ако не договорни услуги, тековни транасфери и други нефинансиски средства, оние средства што овозможуваат само едно што се вика комоција на Владата. Владата не се откажа и не си намали нити една ставка, ниту од она што значи да може да ги осмислува и да ги плаќа скапите камапњи, а знаете што јас сум сигурна и убедена дека имате избор меѓу две алтерантиви, или ќе правите скапи кампањи , тоа се вика пропаганда која трае определено време а потоа се руќу како издишан балон, или пак многу попаметно ќе се вложуваат средтвата од граѓаните и навистина ќе се постигнува, каков таков економски развој. Јас не се соменвам, до колку имате аргументи во раце да излезете и да говорите за вашите успеси. Очигледни е дека се намалува живитниот стандрард на граѓаните дека матерализацијата на политиката на Владата предводена од ВМРО ДПМНЕ значи прегелемо зафаќање од џебот на граѓаните преголем буџет..

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има реплика заменикот за финансии Недим Рамизи, повелете.

**Недим Рамизи**: Благодарам.

Бидејќи бев прозван во самата дискусија дека министерот ми има забрането да одговрам на постевените прашања, па би сакал да и кажам пратеничката нека самата одбере од самата дискусија за да и одговорам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика за госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Таман помислив ризикувате да бидете избркан и од пленарната сала, бидејќи министерот дојде, вие, нели, она што се вика лаконски одговор.

Знаете што, и на господинот Славески во текот нма амандамнадската расправа му кажав, прашањата добиени од било кој пратеник виемора да ги разбирате како праШања од граѓаните што ги претставувате и тогаш сум сигурна, нема да ве потсетувам господине заменик министер, ќе си ги пишувавате ќе го запомневте и ќе ги одговоревте, се разбира под услов да имате аргументи. Но кога инсистирате одговорете ми само зошто ја намаливте стапката капитални расходи од ноемврскиот предлог буџет до дополнетиот. Има право да ви помогне и господинот Славески, нека ви шепне.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дозволете ми од мое и ваше име на верниците од католичката вероисповест да им го честитам утрешниот празник Божиќ.

Тука ја прекунувам работата на денешнатаседница.

Оваа седница ја закажувам за петок во 11,00 часот.

Утре имаме нова седница со пратенички прашања.

Седницата прекина со работа 19, 58 часот.